# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>29.11.2022 год.<br>БРОЈ 13 ГОДИНА 57 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 3 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 22 |
| 3. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 35 |
| 4. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 39 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 50 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 56 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 61 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 65 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022-2024 (НА) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | 72 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **77** |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022-2024 (НБ) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **83** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на годишната Програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година (В1) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **88** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022-2024 (ВА) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **92** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на годишната Програма на општина Охрид за здравствена и социјална заштита за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **95** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **100** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.07.2022 до 30.09.2022 година. | **106** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **109** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за други комунални услуги за 2022-2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **111** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **114** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување јавна чистота за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **116** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **126** |
| **22.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **128** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **133** |
| **24.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување за 2022-2024 година за период 01.07. до 30.09.2022 година. | **144** |
| **25.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпада вода за 2022-2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **147** |
| **26.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година. | **152** |

| | | |
|---|---|---|
| **27.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за уредување на градежно земјиште за 2022-2024 година за период од 01.07. до 30.09.2022 година. | **157** |
| **28.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2022 година. | **164** |
| **29.** | Нацрт-годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година. | **174** |
| **30.** | Нацрт-програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година. | **183** |
| **31.** | Нацрт-програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2023 година. | **191** |
| **32.** | Нацрт-годишна програма за спорт и рекреација за 2023 година. | **198** |
| **33.** | Нацрт-годишна програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2023 година. | **204** |
| **34.** | Нацрт-развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2023-2025 година. | **208** |
| **35.** | Нацрт-годишна програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2023 година. | **214** |
| **36.** | Нацрт-развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2023-2025 година. | **220** |
| **37.** | Нацрт-годишна програма на општина Охрид за детска заштита за 2023 година. | **224** |
| **38.** | Нацрт-развојна програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2023-2025 година. | **228** |
| **39.** | Нацрт-годишна програма на општина Охрид за социјална и здравствена заштита за 2023 година. | **232** |
| **40.** | Нацрт-програма за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2023 година. | **237** |
| **41.** | Нацрт-програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2023 година. | **241** |
| **42.** | Нацрт-програма за активностите на општина Охрид во областа на културата за 2023 година. | **244** |
| **43.** | Нацрт-програма за заштита на животната средина и природата за 2023 година. | **258** |
| **44.** | Нацрт-програма за млади и невладини организации за 2023 година. | **265** |
| **45.** | Нацрт-програма за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година. | **278** |
| **46.** | Нацрт-програма за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2023 година. | **286** |
| **47.** | Нацрт- програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година. | **293** |
| **48.** | Нацрт-програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Охрид за 2023 година. | **299** |
| **49.** | Нацрт-развојна програма за уредување на градежно земјиште за 2023-2025 година. | **306** |
| **50.** | Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште во 2023 година. | **314** |
| **51.** | Нацрт-програма за енергетска ефикасност за 2023 година. | **324** |
| **52.** | Нацрт-програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2023 година. | **331** |

| | | |
|---|---|---|
| **53.** | Нацрт-програма урбана опрема-изградба и одржување за 2023 година. | **333** |
| **54.** | Нацрт-програма за други комунални услуги за 2023 година. | **335** |
| **55.** | Нацрт-програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2023 година. | **337** |
| **56.** | Нацрт-програма за јавно осветлување за 2023 година. | **342** |
| **57.** | Нацрт-програма за одржување јавна чистота за 2023 година. | **343** |
| **58.** | Нацрт-програма за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2023 година. | **352** |
| **59.** | Одлука за усвојување на Нацрт буџетот на општина Охрид за 2023 година. | **354** |
| **60.** | Одлука за давање согласност на одлуката за изменување на одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар - Охрид. | **382** |
| **61.** | Одлука за давање согласност на Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид. | **388** |
| **62.** | Одлука за давање согласност на Статутот на приватна установа за деца-детска градинка АБЕЦЕДАР Охрид. | **398** |
| **63.** | Заклучок за усвојување на Информација за постапката за ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 - опфат 1. | **399** |
| **64.** | Одлука за донесување техничка исправка за ГП А1.5 во ДУП за дел од УЗ 16-Рача, дел од УБ 16.2, опфат 1, Охрид, Општина Охрид | **401** |
| **65.** | Јавна објава | **402** |
| **66.** | Јавна објава | **403** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/96** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**Извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.07.2022 до 30.09.2022 година.**

Во текот на овој период одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид.
Општина Охрид оваа програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој. Овој

период скоро сите мерки во програмата опфаќаат социјална инклузија на сите граѓани, се водеше сметка за социјалната димензија да биде инкорпорирана во повеќето мерки.

Активностите за реализација на годишната програма за 2022 се реализираат во следните области на делување:

1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата;
2. Зајакнување на локалниот економски развој преку подобрување на услугите на локалната самоуправа;
3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.;
4. Подготовка на проекти и проектно управување;

**Посебен акцент во програмските активности за текот на 2022 година овој квартал од работењето на одделението за локален економски развој се даде на следните активности:**

- Субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните на општина Охрид;
- Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии;
- Фонд за иновации – издвојување финансиски средства за млади лица;
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд. (Кузман Шапкарев)
- Имплементација на проект „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)” од програмата EU for municipalities.
- Имплементација на Проект: "Cross4all“, од првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020.

<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>

## АНЕКС 1

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.07.2022 – 30.09.2022 год.**

1. **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

**1.1.** Одржување на едукативни сесии за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство.
**1.2.** Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии.
**1.3.** Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини.
**1.4.** ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид.
**1.5.** Фонд за иновации.

2. **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ**

2.1. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна.
2.2. Формирање на Smart Ideas Hub – Старт Ап центар.
2.3. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид.
2.4. Субвенционирање на набавка на велосипед.

**3. ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој

**4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти.
4.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти.

1. **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Одржување на едукативни сесии за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство.** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Со оваа активност се предвидува поддршка на претприемништвото и отворање на нови работни места преку самовработување во областа на регистрирано занаетчиство. | Запознавање на заинтересираните целни групи со Законот за занаетчиство; вршење на дејност; занаетчиски регистар; упис во занаетчискиот регистар; фирма (натпис); упис на промена; седиште; начин на вршење на дејност; престанок на дејност; занаетчиска дозвола услови за издавање на занаетчиска дозвола; субвенционирање на вршители на занаетчиска дејност; мајсторска титула; организирање на чирачка работа; Занаетчиска комора на Република С. Македонија. Оваа комплексна активност е планирно да се реализира преку предавања и едукативни сесии во соработка со занаетчиска комора и други стручни лица, здруженија, организации. | По претходно одржан состанок со вработен во АВРСМ и Претседателот на Занаечиската комора – Охрид кој воедно и треба да ја одржи оваа сесија и да ги запознае заинтересираните целни групи, оваа активност ќе се реализира во следниот квартал. | Оваа активност се реализира во рамки на тековните активности на одделението. |
| **1.2. Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Мерката за субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии предвидува поддршка на веќе регистрираните занаетчии, но и на невработени лица кои ќе имаат можност за | Како надополнување на претходната активност, Секторот за ТЛЕР предвидува мерка преку која заинтересираните граѓани ќе можат и практично да ја искористат можноста за самовработување преку регистрирање на дејност – | Оваа активност предвидува субвенционирање на веќе регистирани занаетчии, но и поддршка на лица кои би основале сопствен бизнис преку нивно регистрирање како вршители на занаетчиска дејност. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | самовработување преку нивно регистрирање како вршители на занаетчиска дејност. | занаетчиство, односно искористување на предностите од регистрирањето како занаетчија во занаетчиски регистар. Преку оваа мерка ќе биде овозможено субвенционирање за започнување на сопствен занаетчиски бизнис во гастрономија, туризам, трговија, производство, дизајн, сликарство, автомеханичарство, и сл. Условите за добивање на субвенции ќе бидат дефинирани преку посебен правилник. | Во однос на субвенционирањето на веќе регистрираните занаетчии Секторот за ТЛЕР објави Јавен повик за субвенционирање на регистрирани занаетчии.<br><br>Што се однесува до субвенционирањето на новорегистираните занаетчии, во третиот квартал по објавувањето на Јавниот повик, пристигнати се 8 апликации од кои 1 не ги исполнуваше условите наведени во истиот. Изготвен е записник, извештај и решение за баратели кои ги исполнуваат условите и истото е испратено за исплата. Во наредниот квартал ќе бидат исплатени одобрените средства наведени за таа намена. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **1.3.** | **Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини.** | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Оваа мерка вклучува запознавање на пошироката јавност со новите можности и правилници за производство и пласман на храна како можност за зголемени приходи и економски развој во руралните средини. | Презентирањето и активното работење на терен со оваа категорија на луѓе, во контекст на искористување на можностите на ваквите мерки, ќе допринесе за зголемување на бројот на лица кои би можеле да ги користат бенефитите на овие мерки, а со тоа долгорочно да започнат свој бизнис во руралната средина преку:<br><br>**1.3.1.** Одржување на информативно едукативна обука за презентирање на можностите кои ги нудат новите правилници за производство на храна со традиционални карктеристики за анимални производи, за начин на регистрирање, потребни документи, меѓусебно вмрежување и сл.<br><br>**1.3.2.** Теренска обука | Во овој квартал изготвена е техничка спецификација за реализација на јавна набавка. Објавата на јавната набавка е предвидена за почетокот на Ноември. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **1.4. Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид и формирање на ЛАГ | LEADER/ЛИДЕР пристапот како метод за иницирање и мобилизирање на руралното население за спроведување на активности во локалните рурални заедници е нова тема LEADER/ЛИДЕР и е дел од 5-тата компонента на ИПА – програмата ИПАРД.<br>За спроведување на оваа активност се предвидени серија на обуки. | Во овој квартал изготвена е техничка спецификација за реализација на јавна набавка. Објавата на јавната набавка е предвидена за почетокот на Ноември. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.5. Фонд за иновации** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Формирање на Фонд за Иновации преку издвојување финансиски средства за поддршка на млади лица за иновативни идеи. | Целта на овој фонд е да се издвојат финансиски средства за поддршка и афирмација на млади лица кои имаат иновативни идеи, а во насока на потикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, како и заштитата на животната средина. | Во овој квартал од страна на Комисијата е изготвено решение за исплата на одобрените парични средства. Се доделија 2 награди за проект „Примарно и секундарно селектирање на отпад“ во бруто износ од 45.000,00 денари и проект „Изработка на прототип на бродче на електричен погон од соларни ќелии за собирање на отпад на водна површина во бруто износ 25.000,00 денари. | Во овој квартал се исплатени 63.000,00 денари. |

**2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ**

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да биде | Случајот со објектите кои се лоцирани таму, а кои веќе долго време не функционираат и се во прилично лоша состојба. Сепак, веќе реновираната една зграда, како и планираните содржини од рекреативен карактер, се показател дека истата може да прерасне во нов урбан центар на градот. Со цел, зачувување на функционалноста на локацијата, нејзиното транформирање во јавна површина со комбиниран карактер (технолошки и рекреативен), потребен е сериозен и сеопфатен пристап во планирањето на нејзиниот развој. Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на | Во овој квартал спроведена е процедура за набавка на студијата според правилата на ПРАГ по претходно направено истражување на пазарот. Избран е најповолен економски изведувач и потпишан е договор, со што е започнато со изработка на студијата. | Во овоја квартал с исплатени 1.033.200,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | функционално искористена. | нејзината намена долгорочно, и подготовка на акциони планови за реализација на стратешките насоки, ќе добиеме можност целата оваа област да ја транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори, а воедно ќе биде и алатка за привлекување на инвеститори. Самиот концепт за нејзина трансформација ќе овозможи развој на голем број на незагадувачки дејности, дисперзија на гравитирањето на населението и посетителите надвор од градскиот центар, ќе овозможи отварање на работни места, а воедно ќе биде и место за разонода и рекреација на сите генерации. Преку оваа студија ќе се добие и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки, 3Д анимации и сл. | | |
| **2.2.** | **Формирање на Smart Ideas Hub – Старт Ап центар** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Целта на оваа активност е создавање на услови за развој на локалната економија базирана на знаење, како и придвижување на локалната економија преку воспоставување иновативен механизам за вклучување на граѓаните, граѓанските организации и бизнисите во развој на локалната економија. | Во рамки на една од зградите на поранешната касарна, на површина од 400 м2, ќе биде формиран старт ап центарот. Истиот е замислен да биде како простор за работа на околу 20 засебни отворени канцеларии, целосно технички опремен, со посебен конференциски дел, мини кујна и сл. Стартап центарот како и пропратните содржини ќе овозможат основи услови за развој на претприемништвото во Охрид, поддршка за младите претприемачи од Охрид и регионот, како и развој на иновации. Дополнително проектот ќе привлече компании од ИТ сферата и дигиталната дејност кои секогаш бараат услови за работа кои ја поттикнуваат креативноста, но и директно ќе влијае за социо-економскиот развој на Охрид и регионот. | Касарна Хаб е целосно опремен и функционален. Редовно се одржуваат настани и едукативни средби. | Реализирани средства во овој квартал се 637.254,00 мкд |
| **2.3.** | **Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Градскиот SMART систем за велосипеди ќе биде воспоставен со цел да ги реши предизвиците на урбаната микромобилност и да го подобри квалитетот на животот за жителите на градот. | Споделувањето велосипед ќе биде алтернативна транспортна опција, дополнување на јавниот превоз, фокусирана на жителите и посетителите / туристите. Ваквиот систем се предвидува да има повеќекратна вредност, како за луѓето, така и за животната средина.. Системите за споделување велосипеди имаат позитивни надворешни ефекти врз економијата, употребата на енергија, животната средина и јавното здравје. Споделувањето велосипед е исто така корисно за намалување на урбаниот метеж, загадувањето со бучава, намалување на CO2 емисиите и сл. Системот за споделување велосипеди ќе има особено големо значење за Охрид, каде што имаме голем прилив на туристи во летните месеци. | Во процес е подготовка за спроведување на тендерска процедура за реализација на градскиот Смарт систем за велосипеди и се очекува да биде реализиран во наредниот период. Со оглед на големата инфлација и поскапувања, се прави нова анилаза на пазарот за набавка на истите. | Во овој квартал не се потрошени финансиски средства. |
| **2.4.** | **Организација на ХАКАТОН “OHRID GO creative”** | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Организација и одржување на „Хакатон – натпревар за изработка на софтверско решение“ | Оваа активност предвидува организирање и одржување на „Хакатон – натпревар за изработка на софтверско решение“ (мобилни апликации и веб апликација) за дигитализација на каталог за даватели на туристички услуги во руралните средини.Оваа алатка ќе претставува отворена платформа на која сите даватели на услуги во руралниот туризам ќе можат да ги промовираат своите услуги (сместување, домашна храна и производи, туристички услуги и сл), а од друга страна сите корисници на овие услуги (угостители, хотелиери, посетители и локално население) ќе можат да прибават податоци за тип на услуга и производ за кој се | Оваа активност со измените на програмата е тргната, меѓутоа истата активност е реализирана во рамки на Смарт Хаб центарот. Темата на Хакатонот беше Чет Бот Лотери. Пријавените учесници се натпреваруваа за изработка на решение на апликација која беше 70% завршена а тие требаа да ја доврšат и истата беше успешно спроведена. | Не се реализирани финасиски средст |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | заинтересирани. | | |
| **2.5.** | **Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид** | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Преку наведената активност општина Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на младите и на невработените лица, како и обуки за стекнување на дополнителни вештини. | Со оваа активност е предвидено одржување на серија на стручни обуки кои ќе се реализираат во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Обуките ќе се спроведуваат во различни сегменти. | Оваа активност се реализира преку организирање на курсеви по германски јазик од страна на ОЈУ Кузман Шапкарев Охрид.<br>Курсевите по германски јазик А1/1 се завршени и се доделени 25 сертификати на учесници. | Предвиден буџет 500.000,00 мкд. Исплатени се авансно 250.000,0 мкд во првиот квартал, а во овај квартал се исплатени 160.300,00 денари или вкупно 410.300,00 денари |
| **2.6.** | **Субвенционирање на набавка на велосипед** | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Преку наведената активност општина Охрид предвидува субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните кои се жители на Охрид. | Јавниот повик беше објавен на веб страната на општина Охрид на 30.03.2022 год. и траеше се до исцрпување на буџетот наменет за јавниот повик односно до 15.06.2022год.<br>Комисијата на ден 15.06.2022 год. пристапи кон отварање и читање на барањата. | Во овој квартал исплатени се 2 апликанти, додека во претходниот период беа исплатени 74 апликанти. | Во овој период исплатени се 9.000,00 денари. |

## 3. ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ 2019-2025

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој** | | | | | |
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Преку наведената активност општина Охрид предвидува стимулирање на партиципативноста на локалното население за финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи . | Оваа програмска активност се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврдени критериуми за учество во Правилник.<br>Оваа активност е базирана на две тематски подактивности:<br>**3.1.1.** Финансирање на микропроекти за уредување на јавни селски површини, сокаци, одводни канали.<br>**3.1.2.**Финансирање на микропроекти за естетско и хортикултурно уредување на јавни површини и урбана опрема (цвеќиња, садници, паркови, детски игралишта, спортско-рекреативни површини...) | Комисијата ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг листа на најуспешни и најсоодветни проектни предлози и донесе одлука да се кофинансираат следните проекти:<br>1.Здружение Добротољубие 2014 при црквата Св.Георгиј-Охрид – Изработка на влезна врата во црквата Успение на Пресвета Богородица – Каменско<br>2. Институт за традиционални вредности – Здружение за култура и соживот со природата-Охрид-Визуелно креативен град<br>3. Здружение за подобрување на квалитетот за живот во МЗ Коњско – с.Коњско – Потребни материјали за водовод во с. Горно Коњско<br>4. Здружение за промоција на хуманитарни, културни, образовни и еколошки вредности Синан Челеби Охрид-Минатото е богатство на еден народ.<br><br>Во овој квартал се спроведува имплементација на проектите. | Во овој период завршени и исплатени се проектите:<br>- МЗ Коњско – с.Коњско во износ од 115.000,00 денари и<br>- Здружение Синан Челеби во износ од 106.700,00 денари. |

| 3.2. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јули - Септември 2022 | Проценка на имот, земјиште, насади и посеви за експропријација во корист на Општина Охрид | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **2.** | Јули - Септември 2022 | Изготвени Елаборати за проценка на штета од елементарни непогоди од обилни врнежи од дожд, поплави, град и земјотрес | Редовна процедура на вршење на проценка на штети од елементарни непогоди | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **3.** | Јули - Септември 2022 | Легализација на бесправно изградени земјоделски објекти. | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **4.** | Јули - Септември 2022 | Издавање на ИПАРД 1 и 2 потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на општина Охрид. | Развој на локалната економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **5.** | Јули - Септември 2022 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Поднесени се 40 барања, обработени и издадени се 13 потврди. | Не се реализирани финасиски средства |
| **6.** | Јули - Септември 2022 | Информација од областа на земјоделството; Советодавни обуки | Тековни консултации со сите кои имаат потреба од информации во сверата на земјоделието | / | Не се реализирани финасиски средства |

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| 1. | Јули - Септември 2022 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" акроним"CROSS4ALL" | Проектот беше имлементиран во соработка со водечкиот партнер - Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис, Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост, Факултет за Информатички и Комуникациски технологии , Св.Климент Охридски “- Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид.<br><br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | Проектот е целосно реализиран на крајот на 2021 година.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период се изработува четврт извештај преку МИС системот за верификација на трошоци. | Во овој квартал се се реализирани грантови средства во износ од 2.172.842,00 мкд. |

| 4.2. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јули - Септември 2022 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" акроним"CROSS4ALL" | Проектот беше имлементиран во соработка со водечкиот партнер - Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис, Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост, Факултет за Информатички и Комуникациски технологии , Св.Климент Охридски "- Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан" – Охрид.<br><br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | Проектот е целосно реализиран на крајот на 2021 година.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период се изработува четврт извештај преку МИС системот за верификација на трошоци. | Во овој квартал се се реализирани грантови средства во износ од 2.172.842,00 мкд. |
| 2. | Јули - Септември 2022 | Имплементација на активности од проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO) | Целта на проектот е:<br>- Адаптација на просторот на поранешната воена касарна со претварање во технолошко-рекреативна зона (изготвување на сеопфатна физибилити студија за генерален развој на просторот и | Во овој период се изведуваат тековни активности во рамки на Касарна Хаб, се вршеше нова анализа на пазарот за повеќе проектни активности чиј буџет со економската криза го надмина одобрениот буџет во проектот, при што започната е постапка за модификација на буџетот и потпишување на Адендум на | Во овој квартал се се реализирани грантови средства во износ од 64.779,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | адаптација во технолошко-рекреативна зона),<br>- Подобрување на локалната микро-мобилност преку воведување на Smart City Bike System (набавка на 60 велосипеди и 10 докинг станици низ Охрид и околината),<br>- Создавање на услови за креирање на работни места со висока додадена вредност (формирање на Стартап Центар и организација на голем број на обуки и менторства),<br>- Иновативни рекреативни содржини во поранешната касарна (Адреналински парк и Памп полигон за велосипеди) | договорот. | |
| 3. | Јули - Септември 2022 | Јапонска амбасада за Јапонска грантова помош (Japan's grant assisstance for grassroots human security projects ( the GGP/KUSANONE). | Апликацијата е поднесена во Јапонска амбасада за понатамошна евалуација. | Со оваа апликација се предвидува набавка на едно специјално комунално возило - Комбе Фургон со агрегат за чистење на канализација во товарен простор, за потребите на ЈП Нискоградба. Грантовите од оваа програма се во максимален износ во 80.000 евра без ДДВ. Добиено е известување од Јапонска амбасада за одобрување на грантот во висина од 60.640ЕУР, и е избран економски оператор за набавка на возилото, како и овластен ревизор за проектот. Договорот ќе се потпише на 03.11.2022 година во просториите на општина Охрид | Не се реализирани финасиски средст |
| 4. | Јули - Септември 2022 | Мали грант проекти од Германска амбасада | Апликацијата е поднесена во Германска амбасада за понатамошна евалуација. | Нема активноти во овој период. | Не се реализирани финасиски средст |

**Број 08-16213/4**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/97** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Извештајот е изработен за период од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.07.2022 до 30.09.2022 год. за реализација на:

- Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.07.2022 – 30.09. 2022 ГОДИНА

Во периодот 01.07.2022 – 30.09.2022 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Развој на туристичка инфраструктура**
2. **Туристичка промоција на Охрид**
3. **Стандардизација и развој на туристички услуги и производи**
4. **Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2421 станоиздавачи),
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Поставување на ХотСпот интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид за туристи,
- Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”
- Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020.

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година.

1. Развој на туристичка инфраструктура

2. Туристичка промоција на Охрид

3. Стандардизација и развој на туристички услуги и производи

4. Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2022 год. во однос на 2021 год.), според записници од општински инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.07.2022 – 30.09.2022 год.**

1. **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Изградба на адреналински парк | Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители.<br>Паркот ќе зафаќа површина од околу 400 м2 и ќе биде направен според ЕУ стандарди. | Изготвена е документација за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема. Постапка е во тек. Со оглед на економските процеси и поскапувањата, се прави нова анаиза на пазарот, по што ќе се продолжи со постапката за јавна набавка.<br>Во овој период исто така се започна постапка за изработка на нов основен проект и урбанистичко решение за просторот. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.<br>Не се потрошени финансиски средства. |
| **1.2 Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Изградба на PUMP TRACK полигон | Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, | Со оглед на економските процеси и поскапувањата, се прави нова анаиза на пазарот, по што ќе се продолжи со постапката за јавна набавка. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.<br>Не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ролери, тротинети и слично. | | |
| **1.3.** | **Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”** | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Бесплатен hot spot интернет | Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на јавни локации е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот. Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид. | Спроведена постапка за ТРЕТА објава за јавна набавка за Хот Спот интернет, по предходните две објави за избор на економски оператор кои не беа успешни. Избран е економски оператор. Во наредниот квартал ќе биде склучен договорот. | Во овој квартал не се исплатени средства. Вкупно исплатени финансиски средства за оваа намена се 12.520,00 денари врз основа на предходниот договор за 2021 година. |

## 2. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Промоција на туристичкиот потенцијал | Промоција на туристичкиот потенцијал се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.<br>Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство. | Нема активности во овој период. | Не се исплатени средства |
| **2.2. Изготвување на промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Изготвување на промотивен материјал за Охрид | Оваа активност вклучува изготвување на печатен или електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. Во рамки на истата предвидено е репринт на постоечкиот промотивен материјал, но и изготвување на нов промотивен материјал согласно потребите на туристичкиот пазар, односно дизајнирање на нов промотивен материјал, изработка и откуп на високо квалитетни фотографии и видеа кои ќе бидат откупени. | Нема активности во овој период. | Исплатени се средства во износ од 283.600,00 мкд по однос на јавнуиот повик за избор на фотографии.<br>Исплатени се средства во износ од 683 102,00 мкд. за печатење на рекламен материјал.<br>Вкупно реализирани средства за оваа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | активност се во износ од 966.702,00 |

## 3. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Воведување на концепт за поврзување на локалното производство со туристичката индустрија - ЛОКАВОРЕ** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Воведување на концепт за поврзување на локалното производство со туристичката индустрија - ЛОКАВОРЕ | Оваа активност предвидува серија советувања, обуки и трибини за концептите на ЛОКАВОРЕ и „На трпеза директно од на нива“ – идеја, главни концепти, правилници. | Во овој квартал изготвена е техничка спецификација за реализација на јавна набавка. Објавата на јавната набавка е предвидена за почетокот на Ноември. | Не се потрошени финансиски средства. |
| **3.2. Родова инклузивност и вклучување на жените во руралниот туризам** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Родова инклузивност и вклучување на жените во руралниот туризам | Во рамките на оваа активност, преку серија обуки ќе се даде приоритет на делувањето на секторот за туризам и локален развој кон подобрување на условите за постигнување поголема економска независност на руралните жени. Во таа насока ќе се залагаме за поголема информираност и вклученост на руралните жени во искористување на мерките за поддршка на руралниот развој преку програмата за поддршка на туризмот и локалниот развој, можностите за искористување на мерките за рурален развој и ИПАРД фондовите и други фондови за ранливи категории. | Во овој квартал изготвена е техничка спецификација за реализација на јавна набавка. Објавата на јавната набавка е предвидена за почетокот на Ноември. | Не се потрошени финансиски средства. |
| **3.3. Кампања „КУПУВАЈ ЛОКАЛНО (BUY LOCAL) - “OHRID GO local”** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември | Кампања купувај локално | Со оваа активност е предвиден почеток на кампања за промоција на локалните | Изготвена е документацијата за објавување на тендер за избор на | Не се потрошени финансиски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | | производи во насока на креирање на нови туристички производи и стимулирање на локалната економија. Предвидени се повеќе активности за промоција на локално произведени производи, изработка на дата база на локални производители која ќе биде достапна за сите заинтересирани страни (потрошувачи, туристички работници, угостители и сл), тематски кампањи за промоција на одредени производи во маркетите во градот и сл. | економски оператор. Објавен е тендер и избран е економски оператор. Склучен е договор. Имплементацијата на активноста е во тек. | средства. |
| **3.4. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот | Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Предвидено е финансирање на микропроекти за ревитализација на традиционални рурални туристички атракции од заедничко значење за заедницата (ревитализација на стари фурни, чешми, воденици, занаетчиски простори, фото-документациски архиви, имплементација на програми за соработка и вмрежување, како и поддршка на идеи за промоција на локални производи и услуги и сл.). | Активноста се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество. Комисијата донесе одлука за кофинансирање на 6 проектни предлози во делот од Туризам:<br><br>**1.** Здружение Св.Василиј - село Куратица - ревитализација и обележување на пешачки патеки, заштита на постоечката инфраструктура и вмрежување на локалните целни групи преку креирање на нови туристички производи и услуги<br><br>**2.** Здружение за заштита и одржлив развој на животната средина Регионален зелен центар Охрид - Виртуелна реконструкција и изработка на макета на римската гробница од “Видобишта“ во Охрид | Не се потрошени финансиски средства.<br><br>Исплатата ќе биде наредниот квартал. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **3.** Туристичка асоцијација Билјана, Охрид -Археo-парк: Раица-Манастириште, фаза I, село Љубаништа, општина Охрид<br><br>**4.** Нуркачки Центар Амфора - Подводни културно историски знаменитости во Охридското Езеро.<br><br>5. Здружение за поттикнување и промоција на информатиката “Асоцијација на студенти и информатичари”-Охрид-Охрид – град на културата и традицијата преку модерниот свет.<br><br>6. Здружение на граѓани ”Нова порта”, Охрид –Е-брошура “Прекрасни, но помалку познати цркви во Охрид”<br><br>Во овој квартал се одвива имплементација на проектите согласно планот за работа. | |
| **3.5. Реализација на активности од „Анализата на визуелното оптеретување на градот“ - “OHRID GO authentic”** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | 3.5.1. Реализација на активности од анализата на визуелното оптеретување на градот | Оваа активност предвидува имплементација на мерки согласно *Анализата на визуелното оптеретување на градот*. Правилник за стандардизација и визуелна унификација на урбаната текстура, урбаниот мобилијар и утилитарните објекти и опрема и каталог за типолошки серии на опрема, материјал за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на типолошки серии. | Во овој квартал е имплементацијата на активноста. Од страна на економскиот оператор е доставена Драфт верзија на Елабoратот, кој е доставен до релевантните служби за негова анализа, по што истиот ќе биде доставен на Советот на општина Охрид за усвојување. | Не се потрошени финансиски средства.<br><br>Исплатата ќе биде наредниот квартал. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Јули – Септември 2022 | 3.5.2. Поставување на нови излози во старата охридска чаршија | Оваа активност предвидува промена на излозите на 6 објекти лоцирани во охридската чаршија чии проекти предлози беа претходно доставени и одобрени од Министерството за економија. | Во тек е реализација на активноста од страна на еконосмкиот оператор. | Не се потрошени финансиски средства.<br>Исплатата ќе биде наредниот квартал. |

**4. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1 Усвојување на стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид за 2020-2025 година** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Усвојување на стратегијата за развој на туризмот | Оваа активност предвидува јавна презентација на Нацрт стратегијата за развој на туризмот 2020-2025 година пред целокупната јавност, изработка на стратешка оценка за влијанието врз животната средина и разгледување на стратешкиот документ од Советот на општина Охрид. По нејзиното усвојување истата ќе биде официјален стратешки документ на општина Охрид. Факултетот за туризам и угостителство – Охрид е изработувач на наведениот стратешки документ. | Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по Финален извештај за стратегиска оцена на животна средина по однос на Нацрт Стратегијата за развој на туризмот во кое е наведено дека нема забелешки по однос на содржината и обемот на документот<br>Во меѓувреме, Нацрт верзијата на стратегијата беше побарана на увид од страна на Комисијата за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот Регион. За истата се добиени коментари за дел од предвидените активности по однос на кои, во соработка со изработувачот, Факултетот за туризам и угостителство е доставен одговор. По нејзиното одобрување од страна на сите надлежни инстанци, истата ќе биде доставена на Советот на | Не се реализирани финансиски средства. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | општина Охрид за усвојување. | |
| **4.2 Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2421 станоиздавачи од кои во текот на третиот квартал на 2022 се регистрирани 109 нови станоиздавачи. | Не се реализирани финансиски средства. |
| **2.** | Јули – Септември 2022 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во периодот од Април до Јуни поднесени се 171 барања за продолжување на решенијата за категоризација. | Не се реализирани финансиски средства |
| **3.** | Јули – Септември 2022 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на вториот квартал од 2022 година заверени се 52 нормативи за храна и пијалоци. | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.** | Јули – Септември 2022 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на првиот квартал на 2022 година поднесени се вкупно 56 пријави за утврдување на работно време од кај угостителските објекти | Не се реализирани финансиски средства |
| **5.** | Јули – Септември 2022 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Базата со податоци за вршители на угостителска дејност од мал обем се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |
| **6.** | Јули – Септември 2022 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Базата со податоци за вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.3. Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем** | | | | | |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1. | Јуни – Септември 2022 | Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем | Една од целите на оваа активност е да се стимулираат приватните станоиздавачи за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата, од една страна, како и добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања од друга страна. | Во овој квартал се финализирани Правилникот и Јавниот повик. Истите се доставени на Совет на општина Охрид и усвоени. Јавниот повик ќе биде објавен во наредниот квартал. | Не се реализирани финансиски средства |

**5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

| **5.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Април – Јуни 2022 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Проектот е имплементиран.<br><br>3-те извештаи поднесени во МИС Системот се одобрени | Во овој период не се реализирани средства. |
| **5.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Април – Јуни 2022 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ - „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Проектот е имплементиран.<br><br>3те извештаи поднесени во МИС Системот се одобрени | Во овој период не се реализирани средства. |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2022 до 30.09.2022** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец септември)**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| 1 | **Јануари** | 181.192 | 68.408 | 249.600 |
| 2 | **Февруари** | 121.920 | 23.640 | 145.560 |
| 3 | **Март** | 256.912 | 17.024 | 273.936 |
| 4 | **Април** | 347.232 | 10.272 | 357.504 |
| 5 | **Мај** | 594.112 | 41.728 | 635.840 |
| 6 | **Јуни** | 1.862.990 | 82.160 | 1.945.150 |
| 7 | **Јули** | 2.218.008 | 121.824 | 2.339.832 |
| 8 | **Август** | 2.949.136 | 298.864 | 3.248.000 |
| 9 | **Септември** | 3.689.387 | 480.040 | 4.169.427 |
| 10 | **Октомври** | | | |
| 11 | **Ноември** | | | |
| 12 | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО** | 12.220.889 | 1.143.960 | 13.364.849 |

**Во периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој наплатени се вкупно13.364.849,00 денари, од кои вкупно 9.757.259,00 денари се наплатени во текот на третиот квартал од оваа година.**

**Споредба Јануари - Септември**

**За споредба, во 2021 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 9.370.595,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за период од Јануари 2022 – Септември 2022 година е зголемена за 43 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2021 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на остварени ноќевања во сместувачки објекти за 2022 год. во однос на 2021 год.)**

| Р.Б | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Месец** | **Дом. Ноќевања** | | **Однос %** | **Стр. Ноќевања** | | **Однос%** | **ВкупноНоќевања** | | **Однос %** |
| | | **2021** | **2022** | **2022/21** | **2021** | **2022** | **2022/21** | **2021** | **2022** | **2022/21** |
| 1 | јануари | 6.351 | 8.590 | 135.3 | 1.842 | 3.146 | 170.8 | 8.193 | 11.736 | 143.2 |
| 2 | февруари | 5.020 | 5.905 | 117.6 | 2.830 | 3.844 | 135.8 | 7.850 | 9.749 | 124.2 |
| 3 | март | 4.358 | 6.999 | 160.6 | 2.525 | 7.253 | 287.2 | 6.883 | 14.252 | 207.1 |
| 4 | април | 4.347 | 8.974 | 206.4 | 2.221 | 13.046 | 587.4 | 6.568 | 22.020 | 335.3 |
| 5 | мај | 11.190 | 14.863 | 132.8 | 6.307 | 31.896 | 505.7 | 17.497 | 46.759 | 267.2 |
| 6 | јуни | 20.148 | 22.810 | 113.2 | 15.441 | 41.863 | 271.1 | 35.589 | 64.673 | 181.7 |
| 7 | јули | 246.952 | 250.808 | 101.6 | 40.477 | 69.425 | 171.5 | 287.429 | 320.233 | 111.4 |
| 8 | август | 309.714 | 292.104 | 94.3 | 56.892 | 74.491 | 130.9 | 366.606 | 366.595 | 100.0 |
| 9 | септември | | | | | | | 0 | 0 | |
| 10 | октомври | | | | | | | 0 | 0 | |
| 11 | ноември | | | | | | | 0 | 0 | |
| 12 | декември | | | | | | | 0 | 0 | |
| **ВКУПНО** | | 608.080 | 611.053 | 100.5 | 128.535 | 244.964 | 190.6 | 736.615 | 856.017 | 116.2 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на остварени ноќевањата во сместувачки капацитети за период од 01.01.2022 – 31.08.2022 година, во однос на 01.01.2021 – 31.08.2021 година, е зголемен за 16.2% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 0.5%, а кај странските има зголемување за 90.6%.**

**Број 08-16213/6**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/98** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работата и реализацијата на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид (ТППЕ) во третото тромесечие во 2022 година, за периодот од 01.07.2022 до 30.09.2022 година**

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во наведениот период изврши и превзеде за **решавање 49 интервенции за гаснење на пожар ( 58 во 2021 )**
**– деветтомесечие 197 за гаснење пожар (217 во 2021)** и тоа:

**I.ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ**

ТППЕ – Охрид во текот на третото тромесечие во 2022 година изврши вкупно 49 интервенции за гаснење ( 58 во 2021 ) на пожари и тоа:

**- пожари на објекти - 17 интервенции – деветтомесечие 109 (97 во 2021);**
**- пожари на отворен простор - 26 интервенции – деветтомесечие 75 (99 во 2021) и**
**- пожари на сообраќајни средства - 06 интервенции – деветтомесечие 13 (21 во 2021).**

**1.Пожари и интервенции за гаснење во Општина Охрид**

На подрачјето на Општина Охрид ( градот со населените места ), интервенирано е на вкупно 42 пожари, и тоа:

**-пожари на објекти -17 (11 во 2021 ) интервенции;**
**-пожари на отворен простор-20 (28 во 2021 ) интервенции;**
**-пожари на сообраќајни средства-05(08 во 2021 )интервенции;**

**Вкупно 42 интервенции за гаснење на пожар на територијата на Општина Охрид ( градот со наслените места )**

**2.Пожари и интервенции за гаснење во Општина Дебрца**

На подрачјето на Општина Дебрца, интервенирано е на вкупно 07 пожари ( 11 во 2021 ) и тоа:

**-пожари на објекти -0 (1 во 2021 ) интервенции;**
**-пожари на отворен простор -06(08 во 2021 ) интервенции;**
**-пожари на сообраќајни средства-01(02 во 2021 )интервенции;**

**Вкупно 07 интервенции за гаснење на пожар на територијата на Општина Дебрца ( 11 во 2021 )**

**3.Пожари и инрервенции за гаснење во Општина Струга**

ТППЕ – Охрид во третото тромесечие во 2022 година, по барање на Струга немаше интервенција-асистенција како помош за гаснење на пожар во Општина Струга.

-пожари на објекти -0 ( 0 во 2021 ) интервенции;
деветтомесечие 0 ( 01 во 2021 )

Од вкупниот број на пожари и интервенции на ТППЕ – Охрид во третото тромесечие во 2022 година сопственоста на објектите и просторот во Општина Охрид и Општина Дебрца е следна:

-во приватна сопственост -30 ( 35 во 2021 );
-во државна сопственост -19 ( 23 во 2021 );
-во државно-приватна сопст. -0 ( 0 во 2021 );

По основ на осигурување од пожар, од вкупниот број на пожари на објекти и простори во третото тромесечие за 2022 година, 05 објекти се пријавени како осигурани по основ на штета од пожари ( 01 во 2021 ).

Од доменот на своето работење,по потреба на граѓани при незгоди од невнимание, **ТППЕ – Охрид имаше вкупно 43 технички интервенции** ( 16 во 2021 ), за спасување на лица,животни и материјални вредности.

**ТППЕ – Охрид, извршува и други активности и услуги 52** ( 54 во 2021 ) – обезбедување на објекти,обезбедување на спортски и културни настани,носење на техничка вода,и др.активности и услуги )

Во третото тромесечие од 2022 година,решен е еден од најголемите проблеми на ТППЕ – Охрид. Конечно, Охрид доби помало ново возило со противпожарна надградба,кое би се користело на тешко пристапниот терен во Стариот дел на градот и за шумските тешко пристапни предели. Тука би спомнал,дека очекуваме уште едно такво ново помало возило од Јапонска Амбасада, од проект,кој веќе е во завршна фаза пред потпишување на договор, изработен од мене и од мој колега.

Во овој период реализиран е тендер за набавка на комплетна заштитна опрема за шумски и технички интервенции за сите 38 пожарникари.За прв пат после 20 години,ТППЕ – Охрид доби нова заштитна лична опрема. До сега пракса било да се примаат донации на лична заштитна опрема ( втора рака ),нешто што јас лично како командир не го дозволувам.

Во текот на третото тромесечие во 2022 година,реализирани се и потрошени следните финансиски средства:

| | |
|---|---|
| 1.Конто 424410 – набавка на гориво | |
| Еуродизел бс | 86.521,70 ден |
| Еуросупер бс 95 | 15.111,55 ден |
| 2.Конто 423310 – лична заштитна опрема | 1.769.669,оо ден |
| 3.Конто 423320 – заштитни обувки | 561.326,оо ден |
| 4.Конто 421220 – огревно дрво | 72.182,48 ден |
| 5.Конто 424190 – набавка на гуми | 66.080,оо ден |

**Сите активности во наведениот период ТППЕ – Охрид ги извршуваше со 38 пожарникари.**

**Број 08-16213/8**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2022-2024 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/99** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/1, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2022-2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Во текот на III-от квртал на 2022 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2022-2024. Дел од нив се комплетираат за согласност во Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сѐ уште не се отпочнати со работа.

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИИ И УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ КОИ СЕ ДОНЕСЕНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **1** | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | |

УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ КОИ СЕ ОДОБРЕНИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на кп 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | |

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИИ, УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ

| **I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4;<br>УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2;<br>УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | |
| | ▪ **Се постапува по забелешки од неиздавање на согласност** | |

| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има несовпаѓање со катастарот** | |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј (Ривиера) | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот**<br>▪ **Нов анекс на заштитно - конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан Блок 4.3** | |
| 3.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | |
| | ▪ **Одобрена Планска програма** | |
| **4** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | |
| | ▪ **Планерот постапува по Мислењето од Комисија за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион**<br>▪ **Следи повторена јавна анкета** | |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Нема одобрена планска програма** | |
| **6** | **Урбан Блок 5.3** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Планот се преработува соглансо Планот за управување за да се достави до Комисија за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **7** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма**<br>▪ **Планерот изработува Предлог план** | |
| **9** | **Урбан блок 10.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| **10** | **Урбан блок 12.4** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Чека мислењеод ЕВН** | |
| **11** | **Урбан блок 14.2** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Фаза изработка на нацрт - план** | |
| **12** | **Урбан блок 15.1** | |
| 12.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | ▪ **Негативно мислење од Министерството за образование, пораи кое неможе да се испрати на согласност во МТВ** | |
| **13** | **Урбан блок 15.4** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |
| **14** | **Урбан блок 16.3** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |

| I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7 - "Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9- "Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 – "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14 - "Чаршија" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс 16 - "Чинар" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 18 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

| **I-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | УП за село Велестово | |
| | ▪ **Изработени ажурирании подлоги** | |
| **2** | УП за село Пештани | |
| | **Планот се преработува согласно Планот за управување** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-6. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супра структура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Д.Лакочереј- вон град | |
| | **ЛУПД е доставено кај планерот да изврши корекции на истото и истовремено да постапи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион**<br>▪ **Изработен Финален извештај за влијание на животната средина** | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УП за село Љубаништа<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 2 | УП за село Трпејца<br>▪ **во фаза добивање на услови за планирање** | |
| 3 | УП за село Елшани<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 4 | УП за село Лагадин<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 5 | УП за село Долно Коњско<br>▪ **Корегирана граница по барање на АПП, се чекаат услови за планирање на просторот** | |
| 6 | УП за село Велгошти<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 7 | УП за село Лескоец<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 8 | УП за село Косел<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 11 | УП за село Подмоље<br>▪ **Се врши корекција на границата по добиените податоци од Агенција за патишта** | |
| 12 | УП за село Орман<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | УП за село Горно Коњско<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 14 | УП за село Рамне<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 15 | УП за село Опеница<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 16 | УП за село Вапила<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 17 | УП за село Сирула<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 18 | УП за село Куратица<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |

| **III-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општин Охрид | |
| **2** | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | |

| **III-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД „Купи куќа за млади„ | |
| | ▪ **Изработена стручна ревизија**<br>▪ **ЛУПД кај планер за корекција** | |

| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на Охрид за<br>УЗ 8 УБ 8.3 УЗ 17 УБ 17.4; | |
| | ▪ **одобрена планска програма**<br>▪ **Донесена одлука за спроведување на стратегиска отцена** | |

| **IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Вратен до изработувач за постапување по забелешки, согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 1.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | |
| | ▪ **Планот пратен во Министерство за транспорт и врски - Скопје за согласност** | |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно мислење од Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **Завод и музеј на Охрид – издаботува нови заштитно конзерваторски основи**<br>▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Ох. регион** | |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Планот е вратен кај изработувачот за да се постапи и усогласи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |

| | | |
|---|---|---|
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул. | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **6** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |
| | ▪ **се постапува по забелешките издадени од МТВ** | |
| **7** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 7.1 | ДУП за УЗ6 УЗ УБ 6.1, опфат „3„ | |
| | ▪ **кај планер за постапување по забелешките од Комисија за урбанизам** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 8.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **9** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 9.1 | **ДУП за УЗ 7 дел од БЛ 7.1 опфат 1(измени и дополнувања)** | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам за разгледување** | |
| **10** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислењето добиено о комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **11** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 11.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Планот е кај планер за постапување по забелешките од Комисијата за управување** | |
| 11.2 | ДУПза УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3 | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам за разгледување** | |
| **12** | **Урбан блок 8.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Нацрт Планот е кај планер за постапување по забелешките од Комисијата за управување во Охридскиот регион** | |
| **13** | **Урбан блок 9.1** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - опфат 2 дел „1„ | |
| | ▪ **Планерот постапува по забелешки од Неиздавање на согласност** | |
| **14** | **Урбан блок 9.2** | |

| | | |
|---|---|---|
| 14.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.2 опфат,1„ | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **15** | **Урбан блок 9.4** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за корекција по забелешки** | |
| **16** | **Урбан блок 10.1** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | |
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| **17** | **Урбан блок 10.2** | |
| 17.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот постапува по забелешки од Комисија за урбанизам** | |
| **18** | **Урбан блок 10.4** | |
| 18.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 18.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од комисија за управување** | |
| **19** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 19.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Вратен кај планер на корекции** | |
| **20** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | |
| | ▪ **Планер постапува по мислење од Комисија за урбанизам**<br>▪ | |
| **21** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 21.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП УЗ 12 дел од УБ 12.1 – опфат1 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од Планот за управување** | |
| 21.2 | ДУП во УЗ 12 , УБ 12.1 – опфат 2 ( измени и дополнувања ) | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам** | |
| **22** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 22.1 | ДУП УЗ 12 ,УБ 12.3 – опфат2 | |
| | ▪ **Кај планер за корекции по забелешки од Комисија за урбанизам** | |
| **23** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **По препорака на МТВ се изработи нова ажурурирана подлога и се вршат корекции по истата**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **24** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | |
| | **Планерот треба да достави корегирана планска програма** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 13 УБ 13.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **25** | **Урбан Блок 15.5** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот нема доставено корегиран нацрт план за повторена јавна анкета и презентација**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 15 УБ 15.5 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **26** | **Урбан Блок 15.7** | |
| 26,1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | |
| | **Планерот постапува по Извештај од јавна анкета и јавна презентација** | |
| **27** | **Урбан блок 16.1** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | **Планот се преработува согласно Мислењето на Комисијата за Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| 27.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на планска програма** | |
| **28** | **Урбан блок 16.3** | |
| 28.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2<br>▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот зауправување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **29** | **Урбан блок 18** | |
| 29.1 | ДУП з аУЗ 18 дел од УБ 18.1 опфат 1 | |
| | • **Одобрена иницијатива** | |

**IV-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од комисија** | |
| **2** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **3** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на планска програма** | |
| **4** | УПВНМ Горица Север | |
| | ▪ **Се подготвува Мислење до Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **5** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| **6** | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| **7** | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **8** | УПВНМ Грица Исток опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција на Предлог план по забеле комисија** | |
| **9** | УПВНМ Грица Исток опфат 2 | |
| | ▪ **планска програма на одобрување** | |

| **IV-5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **Се чека достава на документација за влијанието на мобилната станица** | |
| **2** | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај планер за корекции по мислење на Комисија за урбанизам** | |
| **3** | ЛУПД за ГП 1(А4-времено сместување) на кп бр. 2751/4 и др. КО Конско, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам на разгледување** | |
| **4** | ЛУПД за формирање на ГП на дел од кп 487/1 КО Д.Лакочереј бгр и кп 6483/10 КО Охрид 4 со намена В-5 верски институции, општина Охрид | |
| | ▪ **Планерот има доставено ЛУПД на разгледување** | |

| | | |
|---|---|---|
| **5** | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај планер за корекции по мислење на Комисија за урбанизам** | |

**Број 08-16213/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/100** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков ,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Деветомесечниот извештај ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад, во периодот од 01.01. - 30.09.2022 год. за реализација на:

**ПРОГРАМАТА**
**ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА ЗА 2022 ГОДИНА**

Согласно дефинираните содржини и активности усвоени од страна на Советот на Општина Охрид во предметниот период беа пратени сегментите за контунуирана проценка на состојбите со животната средина на локално ниво и соодветна реакција-интервенција при

- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од обласа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од обласа на животната средина во општината.

Мерките и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината, се **извршуваа согласно законски дефинираните тематските области**:

1. **Заштита на водите,**
2. **Управување со отпад,**
3. **Заштита на биодиверзитетот,**
4. **Управување и користење на природните ресурси,**
5. **Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој,**
6. **Квалитет на воздухот,**

**<u>Детални информации за активностите и резултатите</u>**

I..Информација за реализираните активности од ПРОГРАМАТА Р1 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА за период од 01.07. – 30.09.2022 год.

**1. Заштита на води**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на ГИС мониторинг на сливно подрачје на Коселска река | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 900.000,00 ден. | Со измените во Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022г.(ребаланс на буџет)овој проект е избришан од Програмата |

**2. Управување со отпад**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| 2.1 | Набавка и доделување на пластични садови од 120 л за селекција на отпад од домаќинствата во општина Охрид | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.000.000,00 ден | Проектот е во тек на реализација |
| 2.2. | Подготовка на мапа на локации на постојни и нови садови за отпад | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Проектот ќе се реализира во месец декември 2022 година |
| 2.3. | Чистење на Охридското Езеро од цврст отпад | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 300.000,00 ден | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во тек на месец септември 2022 година |

**3. Заштита на биодиверзитет**

| **Бр.** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Предвидени средства** | **Резултати** |
|---|---|---|---|
| **3.1** | План за управување со Студенчишко Блато - парк на природа | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | До прогласување на заштитено подрачје и носењето на Закон во врска со прогласувањето ќе се врши само подготовка на потребна техничка документација за Планот за управување |

**4. Управување и користење на природни ресурси**
**- Зголемување на процентот на зелени површини во општината**

| **Бр.** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Предвидени средства** | **Резултати** |
|---|---|---|---|
| **4.1** | Создавање на ГИС платформа | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 500.000,00 ден | Со измените во Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022г.(ребаланс на буџет)овој проект е избришан од Програмата |
| **4.2** | Изработка на зелен катастар II -ра фаза | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000,00 ден | Проектот е во тек на реализација |
| **4.3** | Изработка на Стратегија за развој на зеленило | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000,00 ден | Проектот е во тек на реализација |

**5. Подигање на јавната свест**
**- Јакнење на јавната свест за идентификување на проблемите во животната средина и справување со истите**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **5.1** | Организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата од селектирање на отпадот | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | **Завршен проект** Проектот беше реализиран на почеток на месец јуни, по повод одбележување на светскиот ден на животната средина - 5-ти јуни |
| **5.2** | Цветни балкони – цветен Охрид | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 100.000,00 ден. | **Завршен проект** Проектот беше реализиран на почеток на месец јуни, по повод одбележување на светскиот ден на животна средина - 5-ти јуни |
| **5.3** | Ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 30.000,00 ден. | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во текот на месец септември, по повод одбележување на есенската рамноденица – почеток на есента 23 септември |
| **5.4** | Поставување на информативни табли пред заштитените чинари и кочеџикот | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 150.000,00 ден. | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во текот на месец јули, поставени се информативни табли пред заштитените чинари и кочеџикот |

**6. Подобрување на квалитет на медиуми во животната средина**
**- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **6.1** | Субвенционирање на граѓаните за купување на | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина | **Завршен проект** |

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| | модерен систем за затоплување (инвертер клими ) | од 1.000.000,00 ден. | |
| **6.2** | Одржување на станични сензори за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Во текот на декември 2019 год. стартуваа податоците од ЕУ проектот AIRTHINGS за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух, која е самостојна платформа. По завршување на проектот станичните сензори остануваат во владение на општина Охрид и по потпишување на договор за примопредавање ќе се предвидат средства за годишно одржување |

**7. Законски процедури**
**- Согласно Закон за животна средина**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **7.1** | Услуга за изработка на стратегиска оцена на влијание врз животната средина на плански документи | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 700.000,00 ден. | Проектот ќе се реализира во месец ноември |

II. Финансиски извештај за реализација на програмата P1 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА на Општина Охрид за за период од 01.07. – 30.09.2022 год.

Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани вкупно 946.114,00 денари.

**Број 08-16213/12**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/101** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА 2022 ГОД.ПЕРИОДОД 01.07.2022 ДО 30.09.2022**
**ПРОГРАМИ Л0 И ЛА**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските

сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

За овој извештаен период согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ од **КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР* до одделението за спорт пристигнати фактури за искористеност на субвенциите од страна на корисниците за спортските терени на ЈП „Билјанини извори“ се во висина од **1.400.000,00.**

**Од КОНТО 463120***ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ* во овој извештаен период искористени и исплатени се средства во висина од **3.500.000,00** денари за реализација на програмите од клубовите согласно јавниот повик за субвенционирање на програми на спортски клубови, и здруженија од областа на спортот.

| | |
|---|---|
| ГРК „Охрид“АД | 1.600.000,00 |
| ГФК „Охрид Лихнидос“ | 1.100.000,00 |
| ФК „Охрид Топ Тим“ | 50.000,00 |
| АК „Охрид ТрчаТ“ | 30.000,00 |
| АК„Охрид’’ | 60.000,00 |
| ФК Воска Спорт | 500.000,00 |
| ФК „Некст Левел“ | 20.000,00 |
| ФК ОСК „Фер Плеј“ | 80.000,00 |
| ФК „Вулкан“- Косел | 10.000,00 |
| БК „Алексо Огненовски“ | 50.000,00 |

**Од КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСФЕРИ,средства наменети за подршка на спортски манифестации,настани,проекти како и средства за спортисти индивидуалци искористени и се вкупно **2,063.000,00** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| ФК „Охрид Топ Тим“-Трофеј Топ Тим | 40.000,00 |
| ПК „Охридски Бранови 2008“ | 125.000,00 |
| Параглајдинг Клуб „Флај“-европски куп во параглајдинг Охрид 2022 | 195.000,00 |
| ГРК „Охрид“ (меморијален турнир „Крсте Андоноски – Усташ“) | 300.000,00 |
| ККК„Стрмец“-Меѓународна Кајакарска регата 2022 | 90.000,00 |
| Стојмир Стојаноски (за Ана Стојаноска) | 35.000,00 |
| Дејан Ангелоски | 20.000,00 |
| АК.„Планинско Лудило”-Денот на Галичица | 75.000,00 |
| РК „Вардар Седмерец“-5-ка за Ракомет | 15.000,00 |
| Акватлон Охрид трчаТ 2022<br><br>АК Охрид трчаТ | 40.000,00 |
| ФК ОСК „Фер Плеј“-Фер плеј куп 2022 | 120.000,00 |
| Ијка-Карате куп | 25.000,00 |
| ПК „Охридки Бранови 2008“ ( за Охридски Пливачки Маратон 2022) | 743.000,00 |
| Хваранг ИТФ-Охрид Опен 2022 | 70.000,00 |
| ФК„Копенхаген“-Балкански надежи | 20.000,00 |
| Велгошка Гордост ( по одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид)турнир во мал фудбал „Велгошти 2022” | 150.000,00 |

Во овој извештаен период согласно календарот на спортски манифестации,настани и проекти се одржаа повеќе спортски манифестации,настани и продолжија со реализација проекти од обласа на спортот.

-**„Акватика Јахтинг“-** средствата кои ги доби од Општина Охрид според извештајот ги искористи за организација на Едриличарската Регата – Акватика Јахтинг 2022 на Охридското езеро.Настанот се спроведе под името,, Едриличарска Регата Акватика Јахтинг” во која покрај едриличари од Македонија зедоа учество и едриличари од околните Балкански држави.

-**„Охридски Бранови 2008“-**средствата се искористени за организација на „Олимписки Пливачки Маратон 10 км”.Според доставениот извештај настанот се одржа на 26.08.2022 на потегот помеѓу хотел.Палас и хотел Милениум во должина од 10 км на кој учество зедоа 7 натпреварувачи од Македонија.

-**„Охридски Бранови 2008“** -средствата се искористени за организација на **„Илинденски Пливачки Маратон 2022”** кој се одржа на 02.08.2022 на патеката од 2,5 км од Горица до градското пристаниште со учество на преку 50 натпреварувачи од клубови во Македонија.Ова беше негово 43 издание.

-**„Охридски Бранови 2008“** -средствата се искористени за организација на **„Ревијален Ватерполо турнир за ветрани”.**Според доставениот извештај настанот се одржа на 14.09.2022 на плажа – пливалиште с.Пештани.На турнирот учествуваа клубови од Охрид ,Струга и Скопје.

**-ТК „Адвантико”**согласно договорот потпишан со општина Охрид се реализара пректот ,,Тенис за сите” кој се одвива преку целата година.Исплатени се средствата, со доставување на финасиски и наративен извештај.Директни корисници беа 70 деца од основните и средните училишта затоа што проектот е насочен за едукација и тренинг на млади од територијата на општина Охрид.

**-ИЈКА Карате Куп**-Настанот се одржа од 07.07.2022-10.07.2022 под име ИЈКА КАТО КУП-ОХРИД 2022.Учествуваа 120 каратисти од 10 земји во светот.

**-НАТГ Аматер**-Средствата се наменети за реализација на спортскиот настан**„Sail O Clock”**Едриличарска регата која ќе се одржа на 12.08.2022.Регатата е од аматерски тип и за цел има запознавање со едрењето,а технички е помогната од Едриличарскиот Клуб„Пират“ – Охрид.

**-НАТГ Аматер-** спортски настан организиран од НАТГ Аматер е „**Ден на скејтери”(Free Spirit Day** )датум на одржување 23.07.2022 година. На скејт настанот учествуваа скејтери од цела Македонија.Настанот се одржа во Скејт паркот.

**- ККК„Стрмец“** – средствата се користат за организација на традиционалната 22-ра **Меѓународна Кајакарска Регата 2022** со учество на домашни и странски кајакари. Покрај кајакари од нашата земја,учество зедоа кајакари од Полска,Србија,Грција и Бугарија.

Настанот се одржа од 19.08 до 21.08.2022 година.

**- Меморијален Турнир во ракомет„ Крсте Андоноски – Усташ“** средства доделени на ГРК„Охрид“ како главен организатор на настанот на кој учествуваа екипите РК „Партизан“ – Белград,РК „Тиквеш“ – Кавадарци,РК „Пролет“ – Скопје и домаќинот ГРК „Охрид“ – Охрид.Турнирот е организиран во чест на легендарниот спортски работник Крсте Андоноски – Усташ кој остави длабок печат во Охридскиот и Македонскиот ракомет.

**- Охридски Пливачки Маратон 2022** – средствата се доделени на ПК „Охридски Бранови 2008“ како технички организатор на настанот кој се одржа на 10.09.2022 година.Оваа година настанот се одржа во целосна организација на општина Охрид.Во деновите пред трката беа организирани низа свечености и изложби и едукативни предавања со ученици од основните и средните училишта во општина Охрид за значењето од маратонското пливање но и за самите почетоци на Охридскиот пливачки маратон.Оваа година се навршуваа 60 години од првиот организиран маратон,а ова година беше негово 35 издание.

**- Фер Плеј Куп 2022** – средства за организација на еден од најголемите турнири за млади категории на кој учествуваа 2200 фудбалерчиња од 7 Балкански земји во времетраење од 25-28.08.2022. Турнирот е во организација ФК ОСК Фер плеј Охрид и ова е негово 11-то издание.

**-„Пливачки клуб Акваспирит”-Охрид** во организација на клубот се одржа вториот по ред меѓународен пливачки митинг **„Охрид опен 2022’’.**На митингот зедоа учество 200 пливачи од Македонија,Албанијаи Косово.Настанот се одржа во отворениот олимписки базен „Атина Бојаџи’’на 23.07.2022 год. при ЈП Билјанини извори.

Пливачкиот клуб **Акваспирит** оваа година беше и технички организатор и на дражавно првенство во пливањекое после 20 години повторно се одржа во Охрид на кој зедоа учество над 400 пливачи од пливачките клубови во Македонија.Настанот се одржа на 16-17.07.2022 година на отворениот пливачки базен„Атина Бојаџи”.

**-Боксерски клуб„Алексо Огненовски”-**Воорганизација на клубот за прв пат се одржа мемоaccording меѓународен боксрески турнир во чест на доајенот на Охридскиот и Македонски бокс Алексо Огненовски.Настанот се одржа на отворено пред хотел Нова Ривиера на 27.08.2022 година со почеток во 20 часот.На турнирот покрај боксери од Македонија,зедоа учество и боксери од Србија,Куба,Еритреја,Албанија и Бугарија.

**- Акватлон – Охрид ТрчаТ 2022** – организиран од Атлетски Клуб „ Охрид ТрчаТ “ на ден 28.08.2022 година.

Акватлон е мултиспортска дисциплина која се состои од елементи на континуирано трчање и пливање. Натпреварувачите завршуваат пливање веднаш по што следи трчање на различни растојанија. На првото издание од Охрид трчаТ АКВАТЛОН 2022 зедоа учество 130 натпреварувачи од нашата земја и околните држави,воедно натпреварите беа и официјално државно првенсто во Акватлон во рамките на Триатлон федерацијата на Македонија. Спортската манифестација се одржа на плажата Кампинг КЈ дивоно,каде што натпреварувачите пливаа и пешачката патека од хотел Парк до мостот кај езерската полиција и назад, се одржуваше натпреварот во трчање.

**ПРОГРАМА ЛА**

**КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ не се искористени средства во овој извештаен период.

**Во периодот од 01.07.2022 до 30.09.2022 година искористени се вкупно 6.963.000,00 денари**

**Број 08-16213/14**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/102**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за 2022 година за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/15**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.07.2022 – 30.09.2022 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Со поддршка на општина Охрид охриѓани имаа можност да уживаат во музиката на светски познатиот пијанист, маестро Александар Јаковлев.
- Во знак на соработката помеѓу општина Охрид и Лескоевац, Република Србија, на 01.07.2022 година во НУЦК Григор Прличев, со поддршка на општина Охрид беше одржана изложба на фотографии под наслов Блиски средби – Охрид 2022 година на која беа поставени над 40 фотографии од автори од просториите на поранешна Југославија.
- Со настапот на Ансамблот „Танец“Акдемското во период од 05.07 до 11.07 започна **61-то о издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри.**

Шеесет и едногодишната културна манифестација, препознаена и призната од УНЕСКО, на која продефилирале над 60 илјади уметници во четирите фестивалски вечери, низ игра и песна ги раширија универзалните вредности на фолклорот и интеркултурното разбирање на различните балкански народи.

На ова шеесет и прво издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри настапија културно – уметничките друштва и ансамбли од Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина.

- Со финансиска и логистичка поддршка на Општина Охрид, а во организација на НУ “Охридско лето”, на сцената на Античкиот театар се одржа **61-тото издание на реномираниот меѓународен фестивал “Охридско лето”.**

Во рамки на фестивалските денови на сцените настапија повеќе од 500 уметници д 18 земји. Со врвни концерти на светски имиња, со македонски уметници, театри, беше донесена магијата на уметноста.

Градот Охрид до 20-ти август беше спој на еминентни изведувачи од сите страни на светот

- Под покровителсто на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, во период од 22-ри до 29-ти јули, се одржа **единаесетото издание на културно – забавната манифестација “На зајдисонце во Трпејца**” кое понуди низа содржини со кои го привлече вниманието на гостите и домаќините кои летува во Трпејца како што се настапите на младите од ОО на Црвен крст – Охрид, поетесите, сестрите Вера М Самарџанин, Марика Тапанџиева, познатиот пејач Драган Мијалковски, гитаристот Горан Кичеец и многу други еминентни охридски и македонски уметници.
- Во црквата Св. Софија со поддршка на Општина Охрид се одржа дваесетото јубилејно издание на традиционалниот **фестивал „Охридски бисер“.**
- Со полагање свежо цвеќе оред спомен – бистите на хероите од двата Илиндена, општина Охрид, достојно го одбележа **2-ти Август – Денот на Републиката.**

Делегација на Општина Охрид се поклони и положи свежо цвеќе пред спомен – обележјето на илинденците во градскиот парк во Охрид, спомен-обележјето кај Прентов мост и спомен – обележјето во с.Велгошти каде се одржа целовечерен концерт на КУД Филиграни од Велгошти.

Во организација на Општина Охрид и МЗ Велгошти и ООУ „Живко Чинго“ се одржа традиционалната културна манифестација **“Вечер на Живко Чинго”,** на која беше доделена наградата за најдобар кус расказ. Годинешен лауреат е Анета Велкоска – ОДА. Беседа за великанот оджа еминентниот археолог Паско Кузман, додека творечкиот опус за живото на Живко Чинго како инспирација држеше Гоце Џуклески. Манифестацијата беше збогатена со културно – уметничка програма.

- На 55-та по ред Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, беа промовирани книгите: Охридските раскажувачи и Книга за Свети Кирил и Методиј во издание на Општина Охрид.

- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани„Поетска ноќ во Велестово”, се одржа годинешното 34-то издание на **културната манифестација” Поетска ноќ во Велестово”.**
- Во месец август под покровтелство на општина Охрид беше домаќин на четвртиот по ред **Балканско – детски поетски камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“ .**

- Под покровителство на општина Охрид, а во организација на Здружението Охридски хор, во период од 26ти до 29ти август се одржа тринаесетото издание на **Охридскиот хорски фестивал** на кој зедоја учество на над 20 хорови од Македонија и регионот.

- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, од 2 до 6 септември, во Трпејца, се одржа второто издание на **Меѓународната уметничка колонија “Трпејца 2022” г.**
- Со поддршка на Општина Охрид, во предворјето на Св. Софија се одржа **традиционалниот осмосептемвриски концерт на Ансамблот „Биљана“.**
- Во период од 08-ми до 10-ти септември Охрид беше покровител на првиот Фестивал на виното и музиката, кој имаше за цел промоција на македонската музика и негување на винската традиција. На трите фестивалски вечери настапија познатите хитови на групата Ареа, групата Фолтин, Суперхикс, Ѓоко Танески, Наум Петрески, Нина Јанева, Александар Јосифоски и мн други**.**
- Пред спомен-обележјето т.н Солзата на Роза, лоцирано на пешачката патека кај каналот Студенчишта**, беше одбележана тринаесет годишнината од потонувањето на бродот Илинден**.
- Во организација на НУ Центар за култура „Григор Прличев”, а со поддршка на Општина Охрид, се одржа годинешното 34-то издание на културната манифестација **“Охридски староградски средби”.**

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 31.07.2022 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **740.613, оо денари** од кои :

- **100.000,оо** денари се исплатени на МАА за склучување на авторски договори со проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски за книгата за Климент и Наум;
- **42.094,**оо денари се исплатени за традиционалната културна манифестаација Вечер на Живко Чинго;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружение за литература и култура „Мацково“ – за одржување на четвртото издание на Балканско – детско младински камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани „За Трпејца со љубов“ за одржување на традиционалното културно – забавно лето „На зајдисонце во Трпејца“;
- **30.000,**оо денари се исплатени на Танцов Клуб „СОНАТА“ за поддршка на нивните програмски активности за 20022 година;
- **60.000,оо** денари се исплатени кон Здружението на граѓани Поетска ноќ во Велестово за одржување на годинешното издание на традиционалната поетска манифестација „Поетска ноќ во Велестово“;

- **40.000,оо** денари се исплатени на Здружението на за култура и уметност Арт Вивенди за поддршка на програмските активности за 2022 година.
- **70.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Охридски хор за одржување на годинешното издание на традиционалната хорска манифестација „Охридски хорски фестивал“;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓанни За Трпејца со љубов за одржување на традиционалната„Интернационална ликовна колонија“;
- **30.000,оо** денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за традиционалната фолклорна манифестација „Балкански фестивал на народни песни и ора“ за 2022 година.;
- **25.000,оо** деннари се исплатени за Ансамбл Билјана за одржување на хумманитарниот концерт во чест на Андреј Лаброски;
- **20.000, оо** денари се исплатени на режисерот Агрон Биба за поддршка во печатењето и издавањето на книата: „Јас сум Григор Прличев“;
- **30.000,оо** денари се исплатени на Валентина Толеска, автор на традиционалното културно – забавно лето во Пештани;
- **15.000,оо** денари се исплатени на еминетнниот охридски писател Славе Ѓорѓо Димоски за поддршка во издавањето и преведот на неговата книга за потребите на Вашингтонската библиотека;
- **104.113,оо** денари се исплатени на МАА за настап на Нина Јанева на Фестивалот на виното и музиката;

**24.406,оо** денари се исплатени на Ви –комерц за техничка реализација на активностите согласно Програмата за култура К4,согласно Договорот за услуги и поддршка за реализација на планираните програмски содржини(озвучување и осветлување), заведен под број 09-8273/1 од 12.08.2021 година.

*Процентот на реализација на програмата за култура К4 за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година е 51,28% проценти.*

**Број 08-16213/16**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/103** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1) за периодот од 01.07.до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

## ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (Н1) 01.07.2022 - 30.09.2022

Главните цели на годишната програма на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година - Н1 Програма, се насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;

- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес во нормални и во вонредни услови (како што е моменталната ситуацијата предизвикана со Корона вирусот) ;

- Развој на образовниот процес;

Оттука, активностите на Општина Охрид во областа на основното образование во 2022 година се насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на програмата, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните активности, прикажани табеларно.

Финансирањето на активностите во областа на основното образование планирани за 2022 година, е преку Буџетот на МОН, Буџетот на општина Охрид, од блок дотација, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**Реализирани активности (01.01 - 30.06.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Продолжен престој | Активноста се реализира согласно предвидената динамика и барањата на основните училиште. Ангажирани беа вкупно 3 наставници во 2 училишта.<br><br>Во новата учебна година беше објавен и завршен тендер за избор на агенција за привремени вработувања и од оваа година сите ангажирани наставници во продолжен престој се со регулиран статус и платени придонеси. Ангажирани се вкупно 16 наставници во продолжен престој и наставата се одвива тековно и без проблеми | 1.500.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 220.274,00 (1+2 квартал)<br><br>0 (3 квартал) |
| Показна вежба за евакуација при пожар и земјотрес | Активноста е предвидена за реализација во ноември | логистика | 0 |
| Безбедни училишта | Активноста се одвива континуирано во текот на учебната година | Логистика | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Реонскиот полицаец Ве советува“ | Во овој период нема активности по однос на оваа активност | Логистика | 0 |
| Училишни игри без граници | Активноста е предвидена за декември | логистика | 0 |
| Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | Во овој период нема активности по однос на оваа активност | логистика | 0 |
| Доделување стипендии на ученици | Беше објавен конкурсот за доделување на стипендии, заврши евалуацијата на пристигнатите пријави по однос на истиот и беа склучени договори за стипендии со вкупно 137 ученици. За потребите на конкурсот беше извршен и ребаланс на буџетот при што беа обезбедени средства за исплата на сите одобрени стипендии | 1.850.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 1.849.500,00 ден.општински средства |
| Финансиска поддршка и превоз на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | Тековно,според потребите се обезбедуваше превоз на талентирани ученици | 300.000,00<br>Буџет на општина Охрид и основни училишта | 192.999,00 ден .општински средства |
| Наградување на ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревар | Активноста е комплетно реализирана | 200.000,00<br>Буџет на општина Охрид,блок дотација и основни училишта | 200.000,00 ден. блок дотација |
| Манифестации организирани по разни поводи (патронати,државни празници) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | Буџет на општина Охрид и основно училишта | 0 |
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се спроведува континуирано | 264.578.487,00<br>Блок дотација | 126.709.812,00 ден.блок дотација (1+2 квартал)<br>62.781.879 (3 квартал) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Режиски трошоци | Активноста се спроведува континуирано | 29.200.690,00<br><br>Општина Охрид, блок дотација, основни училишта | 6.382.276.,00 ден. од блок дотација 10.690.260,00 ден општински средства, 35.295,00 ден. сопствени средства (1+2 квартал)<br><br>1.939.779,00 блок дотација<br><br>4.390.990,00 буџет на општина Охрид<br><br>2.495,00 сопствени средства (3 квартал) |
| Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2 км од училиштето | Активноста се спроведува континуирано(законска обврска) | 3.919.570,00<br><br>Општина Охрид, блок дотација | 492.110,00 ден. од блок дотации и 2.271.267,00 ден. општински средства, (1+2 квартал)<br><br>258.220,00 блок дотација<br><br>29.840,00 општински средства<br><br>(3 квартал) |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведува континуирано | 1.368.000,00<br><br>Општина Охрид, блок дотација | 365.160,00 денари општински средства и 195.100,00 денари од блок дотација (1+2 квартал)<br><br>377.410,00 општински средства<br><br>287.347,00 блок дотација (3 квартал) |
| Субвенционирање на превозот на наставниците кои држат настава во руралните средини (по Меморандум за соработка меѓу СОНК и Општина Охрид) | Активноста се сроведува во текот на учебната година | 270.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 48.080,00 (1+2 квартал)<br><br>117.215,00 (3 квартал) |
| Превозни услуги во образованието | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 39.000,00<br><br>Сопствен буџет основни училишта | 3.000,00ден. (1+2 квартал)<br><br>0 (3 квартал) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 2.071.450,00<br><br>Блок дотација и сопстен буџет основни училишта | 597.386,00 од блок дотации.302.680,00 ден. сопствени и 24,020ден општински средства (1+2 квартал)<br><br>271.985,00 блок дотација<br><br>63.668,00 општински средства<br><br>(3 квартал) |
| Тековно одржување на објекти и опрема | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.632.000,00<br><br>Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 464.854,00 денари општински средства и 61.020,00 денари од блок дотација 124.391,00 ден од сопствени средства (1+2 квартал)<br><br>233.907,00 општински средства<br><br>75.342,00 блок дотации<br><br>24.052,00 сопствени средства (3 квартал) |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 300.000,00<br><br>Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 24.905,00 денари од блок дотација и 107.573,00 ден општински средства (1+2 квартал)<br><br>29.124,00 блок дотација<br><br>0 општински средства (3 квартал) |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 800.000,00<br><br>Општина Охрид, блок дотација | 306.600,00 ден.општински средства (1+2 квартал)<br><br>55.800,00 општински (3 квартал) |
| Чистење оџаци и парни котли | Нема активности по оваа ставка во овој период | логистика | 0 |
| Објавување огласи и др | Активноста се спроведува | 534.000,00 | 158.421,00 денари од блок дотација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| оперативни расходи (семинари,обуки) | континуирано согласно потребите на основните училишта | Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 265.028,00ден.општински средства 87.850,00 денари сопствени средства (1+2 квартал)<br><br>139.196,00 блок дотација<br><br>0 општински<br><br>27.258,00 сопствени (3 квартал) |
| Стари долгови на ООУ„Григор Прличев“ кои се исплаќаат по склучени спогодби | Активноста се спроведува континуирано,според доспеаните рати согласно спогодбата | 4.065.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 1.995,351,00 ден општински средства (1+2 квартал)<br><br>1.951.005,00 општински средства (3 квартал) |
| Вонучилишни образовни и др.дополнителни услуги | Активности по оваа ставка се одвиваат согласно предвиденот а се работи и проект добиен преку Еразмус програмата | 9.520.594,00<br><br>Општина Охрид, сопствен буџет основни училишта, донации (проекти) | 327.784,00 денари блок дотација<br><br>2.917.069 денари од донации (проекти ) (1+2 квартал)<br><br>0 блок дотација<br><br>899.743,00 донации (проекти) (3 квартал) |
| Наставен план и програма | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 133.000,00<br><br>блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 63.000,00 ден . (1+2 квартал)<br><br>0 (3 квартал) |
| Договорни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 88.000,00<br><br>Општина Охрид, сопствен буџет основни училишта | 44.444,00 ден.општински средства,47.001 ден. сопствени средства (1+2 квартал)<br><br>34.172,00 блок дотација (3 квартал) |
| Копирање и печатење | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните | 138.500,00 ден.блок дотација, сопствен буџет основни | 13.975,00 денари од блок дотација и 990 ден сопствени средства (1+2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | училишта | училишта | квартал)<br>0 (3 квартал) |
| Патни расходи(дневници) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 40.000,00ден<br>.сопствен буџет основни училишта | 7.730,00 ден сопствени средства (1+2 квартал)<br>1.550,00 сопствени средства (3 квартал) |
| Наставни помагала, проектори и интерактивни табли | Активноста е комплетно завршена и програмски и финансиски | 1.871.000,000<br>Општина Охрид | 1.871.000,00ден. општински средства |
| Проект: „Нашите првачиња„ | Преку оваа активност секое запишано прваче во основните училишта на територија на општина Охрид доби на сметка на својот родител/старател по 3000 денари еднократен надомест со цел да се помогне на родителите за трошоците. Активноста е реализирана и исплатен е надомест на вкупно 542 првачиња. | 1.680.000,00<br>Општина Охрид | 1.626.000,00 (3 квартал)<br>Општина Охрид |
| **Вкупно:** | | **326.099.291,00** | **159.468.203,00** (1+2 квартал)<br>**75.617.983,00** (3 квартал) |
| | | | |

**Број 08-16213/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 (НА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022-2024 (НА) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/104**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 (НА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022-2024 (НА) за периодот од 01.07.до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/19**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024(НА)**

**01.01.2022 - 30.06.2022**

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022 – 2024 година (НА Програма) ќе бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции во основните училишта на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники за одвивање на наставата, за што битен предуслов е создавање на

соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар образовен систем претставуваат предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа програма треба да овозможи современи услови за одвивање на наставата, пријатни услови за учениците и наставниците кои поголемиот дел од денот го поминуваат во образовните институции. Програмата е изработена во транспарентна и инклузивна постапка со вклучување на сите релевантни чинители и разгледување на сите предлози и идеи кои пристигнаа во рамки на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита. Со цел квалитетна изработка на Нацрт- програмата се оддржа и граѓанска трибина на која јавно, со присутните релевантни чинители, надополнети со граѓански организации и граѓани разговараа за потребите и можностите за капитални инвестиции во рамки на основните образови инситуции.

Развојната програма за капитални инвестиции на Општина Охрид во областа на основното образование 2022 – 2024 година (НА Програма) на Секторот за образование, детска,здравствена и социјална заштита поставена на овој начин за тригодишен период ќе овозможи услови за полесно работење а ќе создаде и можности за бројни апликации пред меѓународни и домашни донатори. Активностите предвидени во програмата ќе се финансираат од МОН, од блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

Предмет на овој извештај ќе се активностите реализирани во изминатото полугодие а согласно програмата предвидени за реализација во 2022 година

**Реализирани активности (01.07 - 30.09.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Уредување на училишен двор во ООУ Христо Узунов Охрид | Планирано е прво да се постави подлога за нивелирање на училишното игралиште, а потоа преку донација комплетно ќе биде модерно уредено. Комплетно се завршени активностите за реализација на овој проект, објавен е и завршен тендер за нивелирање на игралиштето а комплетно е завршена и постапката за донација од страна на Државна видеолотарија на Македонија. Отпочнаа | 300.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | градежните активности се работи согласно предвидената динамика | | |
| Санирање на тоалети ООУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Изработена е предмер пресметка сеуште од училиштето не е објавен тендер за избор на економски оператор | 100.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Молерисување и санација на ѕидови ООУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Изработена е предмер пресметка сеуште од училиштето не е објавен тендер за избор на економски оператор | 70.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Промена на внатрешна дограма ООУ „Св.Наум Охридски“ – ПУ Коњско | Изработена е предмер пресметка сеуште од училиштето не е објавен тендер за избор на економски оператор | 50.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Оградување на училишниот парк со ограда и влезна врата<br><br>ООУ Живко Чинго с. Велгошти | Изработена е предмер пресметка и скица, објавен е тендер за избор на економски оператор, издаден е налог за работа. Градежните активности се комплетно завршени | 215.000,00 | 0 (1 и 2 квартал)<br><br>215.000,00 (3 квартал) |
| Оградување со жица за ограда (плетена)<br><br>ООУ„Кочо Рацин“-ПУ Д.Лакочереј | Направена е пресметка и даден налог за отпочнување на градежните работи.<br><br>Активноста е комплетно завршена | 40.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 (1 и 2 квартал)<br><br>40.000,00 (3 квартал) |
| Нивелирање на подовите во тоалети ООУ„Кочо Рацин“-ПУ Д.Лакочереј | Изработена е предмер пресметка објавени се два неуспешни тендери за избор на економски оператор. Во тек е трета објава за избор на економски оператор | 100.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Санација на тоалети ООУ„Григор Прличев“ – ПУ Рача | Изработена е предмер пресметка, објавен е тендер за избор на економски оператор, | 180.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | целокупната постапка е завршена и завршени се градежните активности. | | |
| Изведба на нова електрична инсталација ООУ „Братство единство“ - Лескајца | Изработена е предмер пресметка и проект за електрика објавен е тендер за избор на економски оператор | 1.200.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Реконструкција на тоалети ООУ „Братство единство“ - Лескајца | Изработена е предмер пресметка и проект за електрика објавен е тендер за избор на економски оператор | 1.500.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Санација на водоводна и одводна мрежа ООУ „Братство единство“ - Лескајца | Активноста е реализирана. | 624.123,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 624.123,00 ден општински средства |
| Изградба на нова надстрешница ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец – Косел | Објавен е тендер за избор на економски оператор | 50.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Изградба на нова надстрешница и реконструкција на олуци ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец – Куратица | Објавен е тендер за избор на економски оператор | 90.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Реконструкција на влезот на училиштето ООУ„Ванчо Николески“ Лескоец | Активноста не е започната | 60.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Реконструкција на тоалети ООУ„Ванчо Николески“ ПУ Косел | Се работи предмер пресметка по што ќе се објави тендер | 500.000,00<br><br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Купување училишна опрема ООУ„Ванчо Николески“,ОУ„Григор Прличев“ | Активноста не е започната | 174.000,00<br><br>Донаторски средства | 8.400,00 |
| Купување училишна опрема и училишен мебел Основни училишта | Активноста се реализира согласно потребите | 984.000,00<br><br>Сопствен буџет на училиштата | 41.480,00 ден.општински средства,8.400,00 донации(проект) и 13.526,00 ден сопствени средства (1 и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 2 квартал)<br>11.999,00 сопствени средства<br>( 3 квартал) |
| Набавка и сервисирање на противпожарна опрема и хидранти,громобрани и др.опрема<br>Основни училишта | Активноста се одвива континуирано | 400.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 52.185,00 ден.<br>(1 и 2 квартал)<br>41.480,00 ( 3 квартал) |
| Изготвување основни проекти и елаборати за разни намени, спроведување на решенија за легализација во агенција за катастар<br>Основни училишта | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 500.000,00<br>блок дотација, буџет на општина Охрид | 2.360,00 ден. општински средства(1 и 2 квартал)<br>0 ( 3 квартал) |
| **Вкупно:** | | **6.963.123,00** | **1.355.804,00**<br>**742.024 (1 и 2 квартал)**<br>**613.780,00 (3 квартал)** |
| | | | |

**Забелешка:**Во вкупниот збир се влезени и 305.251,00 денари кои не се дел од годинешната Програма НА. Истите се исплатени со вон судска спогодба (постапка за медијација) на фирмата „Чеменко“ ДООЕЛ Охрид за работи извршени во претходната година.

**Број 08-16213/20**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н2) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/105**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н2) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2022 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2) за периодот од 01.07. до 30.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/21**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (Н2) 01.07.2022 - 30.09.2022

Главните цели на годишната програма на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година- Н2 програма, се насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на средното образование;

- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;

- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес во нормални и во вонредни услови (како што е моменталната ситуацијата предизвикана со Корона вирусот) ;
- Развој на образовниот процес;

Оттука ,активностите на Општина Охрид во областа на средното образование во 2022 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на програмата, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема, неопходни при реализирање на планираните активности.

**Реализирани активности (01.07 - 30.09.2022)**

| Предвидена активност согласно програма | Степен на реализација со опис | Предвиден буџет согласно Програма | Потрошени средства |
|---|---|---|---|
| Финансиско учество во проекти | Во овој период нема потреба од реализација на оваа активност | 1.200.000,00<br>Блок дотација | 0 |
| Безбедни училишта | Активноста е предвидена за месец декември | Логистика | 0 |
| Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | Во овој период нема активности по однос на оваа активност | логистика | 0 |
Како процес, буџетирањето започнува со изработка на годишен план, годишни и развојни програми и трае се до крајот на буџетската година кога годишните програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети додека остварувањето на развојните програми продолжува во другите буџетски години односно со другите буџетски процеси. Од начинот и квалитетот во спроведувањето на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеење кој го овозможува соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните од работата на локалната самоуправа. Крајниот ефект од сите овие активности треба да биде рефлектиран врз квалитетот на живеењето на сите граѓани а сето тоа преку подобрување во управувањето со финансиските текови на локално ниво, контрола на извршувањето на буџетот и поголема транспарентност во трошењето на буџетот.

Буџетот на општината како годишен план за финансирање на функциите и обврските се состои од приходи и трошоци по намени и како таков е во цврста интегративна врска со процесот на стратешко планирање, истовремено е и основен предуслов за квалитетно извршување на зацртаните програми и активности на локалната власт. Согласно буџетскиот календар и активностите кои се предвидени во него како и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии кое ги дефинира параметрите по основ на блок- дотации и други трансфери од власта, Општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година со Одлука бр. 08-13561/32 го утврди буџетот на Општината за 2022 година на износ од 1.257.047.582,оо денари.

Со Одлука за проширување на с-ва на буџетот на општина Охрид за 2022 година од 15.03.2022 год. во делот донации програма Н1- Основно образование се изврши зголемување на буџетот за износ од 388.000,оо денари со што нивото на буџетот за 2022 година се зголемува за наведениот износ, по што со наведените корекции нивото на буџетот се заокружува на износ од 1.257.435.582,оо денари.

Со Одлука за измена и дополнување на буџетот на општина Охрид за 2022 година бр.08-4989 од 18.04.2022 год. во делот блок дотации се изврши зголемување на буџетот за износ од 9.570.437,оо и во делот на донации за износ од 900.000,оо со што вкупниот износ на буџетот се заокружува на износ од 1.267.906.019,оо денари.

Со Одлука за измена на распоредот на средства- пренамени за 2022 година бр.08-7805/7 од 08.06.2022 година, се изврши пренамена на средства помеѓу конта и програми но нивото на буџетот остана на исто ниво, износ од 1.267.906.019,оо денари.

**Приходи**

Една од најважните придобивки која треба да произлезе од процесот на децентрализација е финансиската автономија на локалната самоуправа, процес за кој во повеќе наврати е дискутирано и кој иако се спроведува низа години и наголемо се промовира, се уште се судрува со низа несовршености и недоречености. Финансиската автономија како основа за целокупниот развој согласно одредбите од Светската декларација за локална самоуправа, се темели на неколку принципи, и тоа:

-органите на локалната власт треба да имаат на располагање сопствени средства со кои во рамките на своите надлежности слободно ќе располагаат,

-алокацијата на средствата на локалната самоуправа да биде во согласност со надлежностите кои ги има таа и да овозможуваат извршување на функциите на органите на локалната самоуправа,

секое пренесување на нови функции и надлежности на локалната власт треба да биде проследено и со доделување на нови или дополнителни извори на приходи,
-дел од финансиите, локалната власт самостојно да ги обезбедува од наплата на локалните даноци, такси и придонеси и за истите да има право да ја утврдува висината на стапките,
-да се воспостави систем за финансиско поравнување а со цел зајакнување на финансиската автономност на финансиски послабите локални самоуправи,
-при распределбата на финансиските средства при воспоставување на правила за оваа распределба, да има загарантирано законско учество на локалната самоуправа,
-да се воспостави систем на ненаменски дотации од кој ќе биде исклучено можноста за мешање на централната власт.
Во денешни услови, во демократските општества, системот на финансирање на локалната самоуправа е комбинација од изворни приходи, односно приходи кои локалните власти имаат право и надлежност самостојно да ги прибираат а тука спаѓаат пред се приходите по основ даноци, придонеси, надоместоци, приходи од сопственост и сл. приходи кои во одреден соодност се делат помеѓу централната и локалната власт и дополнителни средства кои локалната самоуправа може да ги добие во вид на трансфери, дотации, донации, субвенции, задолжувања и сл. Во Македонија, приходите на ЕЛС се стриктно утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Согласно овој закон, извори на финансирање на општината се: сопствени извори на приходи, дотации на средства од буџетот на централната власт и од буџетите на фондовите и задолжувањето. Како најзначајни приходи врз кои локалната самоуправа има директно влијание се издвојуваат сопствените приходи.

Во групата на сопствени приходи влегуваат
1. Локални даноци
-данок на имот,
-данок на наследство и подарок,
-данок на промет на недвижности и
- други локални даноци
2. Локални такси
-комунални такси,
-административни такси и
-други локални такси утврдени со закон
3. Локални надоместоци
-надомест за уредување на градежно земјиште,
-надоместоци од комунална дејност,
-надомест за просторни и урбанистички планови и
-други локални надоместоци утврдени со закон
4. Приходи од сопственост
-приходи од закупнина,
-приходи од камати ,
-приходи од продажба на имот,
-приходи од донации,
-приходи од парични казни утврдени со закон,
-приходи од самопридонес и
-други приходи утврдени со закон.
Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, општините на приходната страна ги планираат и вкалкулираат и следните приходи:
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ на донации, кои се остваруваат врз база на изработени и одобрени проекти од разни домашни како и меѓународни институции и фондови;

- приходи по основ на блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ТППЕ.

Процесот на буџетирање, содржината и програмите на буџетот се усогласени со унифициран начин на подготвување и изработување на буџетот, утврден од Министерството за финансии, при што буџетот на општината го сочинуваат, општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Посебниот дел на буџетот исто така во унифицирана форма ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите групирани во посебни програми.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од планираните средства во буџетот за 2022 год. на општина Охрид, во висина од 652.300.000,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, Општина Охрид ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 652.300.000,оо денари е распределен по групи на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------ 495.122.099,оо
- Неданочни приходи ---------------------------------- 26.625.000,оо
- Капитални приходи ---------------------------------- 42.855.000,оо
- Трансфери и донации --------------------------------- 87.697.901,оо

По основ трансфери од државниот буџет за блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 540.613.410,оо денари од вкупно утврдениот буџет.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 24.591.557,оо денари.

По основ донации за конкретни проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни домашни и меѓународни институции, во буџетската 2022 година проектиран е износ од 55.788.363,оо денари. Остварувањето на овој дел од приходот е условен од реализацијата на проектите доставени до разни домашни и меѓународни институции за разни намени и активности согласно соодветните програми каде што се истите проектирани.

Според извршената анализа и податоците со кои располага сметководството, општина Охрид за четвртиот квартал остварила вкупен приход по сите основи од 817.040.408,оо денари или процентуално изразено 64,17 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи.

Ваквите проценти на реализација за третиот квартал може да се окарактеризира и заокружи како успешен, со остварувања на задоволително ниво, како од аспект на извршување на активностите по програми, така и во делот на остварувањето на планираните приходи, но секако со забелешка дека постои простор за подобрување на наплатата на приходите и зголемување на овој процент на реализација на вкупните приходи. Иако веќе сме навлезени во последниот квартал од оваа буџетска година имајќи ги во предвид историските податоци за остварувањата на приходите во овој квартал во изминатите години, очекувањата се дека реализација на планираните приходи во голема мерка ќе се подобрува во периодот што претстои до завршување на оваа буџетска година и дека годината ќе ја завршиме во рамките на буџетските планирања, со тоа како што споменовме претходно во претстојниот период да се превземат дополнителни активности и мерки за подобрување во наплатата на приходите особено во оние групи на приходи каде има позначајно

отстапување во остварувањето од планираното и задржување на постоечкиот тренд на остварување на приходите во делот каде истите се остваруваат согласно планираното и согласно очекувањата. Во табела 1 прикажана е структурата на остварените приходи по основ на извори:

***Табела 1***

| д на приход | оектирано за<br>22 | тварено во трет<br>артал | % |
|---|---|---|---|
| **ок-наменски дотации** | **0.613.410** | **2.782.294** | **63,41** |
| **офинансирачки приходи** | **4.591.557** | **1.226.220** | **45,65** |
| **ночни приходи** | **5.122.099** | **33.064.129** | **67,27** |
| **даночни приходи** | **6.625.000** | **43.752.708** | **164,33** |
| **питални приходи** | **2.855.000** | **5.102.773** | **35,24** |
| **иходи од донации** | **5.788.363** | **18.244.007** | **32,70** |
| **ансфери и донации** | **.697.901** | **2.868.277** | **60,28** |
| ***упно*** | ***273.293.330*** | ***.040.408*** | ***64,17*** |

Податоците дадени во табела вообичаено укажуваат на разноликост во остварувањето и кај различните извори на приходи забележливо е поголемо отстапување во степенот на нивната реализација, повисоко односно пониско остварување во однос на планираните вредности со буџетот. За овој период на анализа ова е особено во делот на приходите по основ донации и во делот на капиталните приходи каде како позначајни се приходите по основ продажба на неизградено градежно земјиште, приходите по основ на долготраен закуп како и приходите по основ надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, група на приходи каде бележиме истотака значително негативно отстапување, процент кој би требало во претстојниот период да се подобри за што подетална анализа може да дадат стручните служби од соодветните сектори. Отстапување во смисла на помало остварување на планираните приходи се јавува и кај приходите по основ на самофинансирачки активности кои ги остваруваат буџетските корисници, но оваа група на приходи се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на основните, средните училишта и детските градинки, така да нивната реализаци зависи од правилните проекции на раководните лица на поеделните буџетски корисници. Друго значајно отстапување во смисла значително поголемо остварување на планираните приходи е во делот на неданочните приходи, група на приходи кои во својата структура опфаќаат приходи по основ поврат на средства по разни основи, приходи по основ заеднички режиски трошоци со подрачните единици на министерствата сместени во зградата на локалната самоуправа, приходи по основ уписи во катастар, услуги од тппе, наплата на приходи по разни основи за кои согласно единствената класификација на приходите не постои посебно приходно конто. По овој основ во вкупниот износ на остварените приходи во групата неданочни приходи за овој квартал влегува наплатата на две банкарски гаранции по основ Договор за отуѓување на градежно земјиште со електронско надавање на вкупен износ од 24.597.840,оо.

Остварувањето на приходите прикажани во овој извештај како во табеларниот дел од извештајов така и во образецот К1, во својата структура не го опфаќаат делот на средства кои како непотрошени во претходната година се пренесуваат во тековната буџетска година, односно т.н. вишок на приходи. Поодело овие износи кои како непотрошен дел се пренесуваат во буџетот за 2022 година изнесуваат: 12.016.211,оо ден. пренесени средства во основниот буџет на општината, 4.965.096,оо ден. во делот на самофинансирачките активности, 46.386.410,оо ден. во делот на наменските, односно блок дотациите и 6.308.001,оо денари во делот на донации. Овој тип на приходи се опфатени со контото 741- Трансфери од други нивоа на власт каде согласно единствената класификација на приходите и расходите и припаѓаат.

Вкупно проектираните односно остварени приходи за третиот квартал дадени се во продолжение пооделно со процентуална застапеност на пооделните видови на приходи во вкупната маса на планирани односно остварени приходи во овој период.

*Графикон 1*




*Графикон 2*




***Напомена:*** Прикажаното во графиконите 1 и 2 се однесува на процентуално учество на поединечните групи на приходи во однос на вкупно проектираните, односно вкупно остварените приходи поodelно, поради што се појавува разлика во процентите помеѓу табеларниот К1-преглед на приходи и расходи и графичкиот приказ.

Споредбено за истиот период во буџетската 2021 година остварувањата на поodelните групи на приходи дадени се во следната табела:

*Табела 2*

| д на приход | Іроектирано за 2021 | тварено во трет квартал | % |
|---|---|---|---|
| ок-наменски дотации | )3.382.735 | 45.845.252 | 70 |
| мофинансирачки приходи | 2.143.504 | 15.131.598 | 90 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ночни приходи** | **:2.465.000** | **:98.271.538** | **09** |
| **даночни приходи** | **:7.880.000** | **19.247.222** | **04** |
| **питални приходи** | **:9.852.195** | **9.810.002** | **92** |
| **иходи од донации** | **:1.328,240** | **14.578.147** | **53** |
| **ансфери и донации** | **:0.504.171** | **65.737.205** | **63** |
| ***упно*** | ***07.555.845*** | ***68.620.964*** | ***78*** |

Споредбено, остварувањето на приходите во основниот и во вкупнот буџет за третиот квартал за тековната и претходната буџетска година е прикажано во следниот графикон:




*Графикон 3*

Споредбено 2022 год. во однос на 2021 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет), во номинален износ, изнесуваат:
- остварување во 2021 год. 393.065.967,оо денари
- остварување во 2022 год. 444.787.887,оо денари

Остварувањето во 2022 год. на основниот буџет, соодветно на прикажаното остварување е за 13,1585 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2021 година.
Споредбено 2022 год. во однос на 2021 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи, по сите основи (изворни приходи, самофинансирачки активности, блок дотации, донации), во номинален износ, изнесуваат:
- остварување во 2022 год. 817.040.408,оо денари
- остварување во 2021 год. 768.620.964,оо денари

Остварувањето во 2022 год. и за вкупниот вкупниот буџет соодветно на прикажаното остварување е за 6,2995 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2021 година

*Графикон бр.4*




Моменталниот тренд во остварувањето на приходите освен во оние групи за кои претходно потенциравме дека значително отстапуваат во остварувањето од планираните износи и активностите кои ги превзема локалната самоуправа во поглед на прибирање на приходите по сите основи и извори, до крајот на годината даваат надеж за остварување на буџетот во рамките на планираните и очекувани приходи. Доколку во законски предвидениот рок за ревидирање на приходите и расходите во буџетот на општината се јави некаква потреба од дополнителни с-ва или намалувања во планираните с-ва во одредени буџетски ставки или позиции, секогаш постои можноста за ребаланс на буџетот односно донесување на Одлука за измени и дополнувања на буџетот на општината, согласно позитивните законски прописи.
Согласно напатствијата од МФ остварувањето на буџетот кумулативно на синтетички конта се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 во кој се прикажани планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.09.2022 година. планираните износи како и нивното остварување во анализираниот период.
Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени во кварталниот извештај–образец К1 од каде може да се согледа остварувањето поодделно по конта, како и по групи на приходи.

**Расходи**

Согласно економската класификација, јавните расходи може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Врз база на оваа класификација и поделба се изработува и буџетот на локалните самоуправи, а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери како и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на општеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон развој односно подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот, откако ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.

Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат а најчесто тие се во областа на комуналната свера, уличното осветлување, изградба и реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите во планирањето на општинските буџети, претрпува измени со процесот на децентрализација и спроведувањето на пооделните фази од тој процес како резултат на новите овластувања односно надлежности кои ги добива локалната самоуправа во областа на образованието, здравството и социјалата. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 30.09.2022 како и процентот на остварување. Остварувањето пооделно прикажано е во следната табела:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Г2 | Поттик. На развојот на турузмот | 5,181,470 | 1,512,912 | 29.20 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 1,200,000 | 0 | 0.00 |
| Ј3 | Јавно осветлување | 60,200,000 | 52,258,263 | 86.81 |
| Ј4 | Јавна чистота | 10,875,568 | 10,458,197 | 96.16 |
| Ј6 | Одржување и заштита на патишта | 3,500,000 | 257,490 | 7.36 |
| Ј7 | Одрж. И заштита на паркови и зеленило | 9,872,456 | 7,001,880 | 70.92 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 5,700,000 | 2,636,928 | 46.26 |
| ЈА | изградба на јавно осветлување | 9,000,000 | 2,270,770 | 25.23 |
| ЈД | Изградба и реконструкција на патишта и | 17,500,000 | 14,271,505 | 81.55 |
| ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 10,050,000 | 1,824,131 | 18.15 |
| ЈГ | Изградба на системи за водоснабдување | 12,750,000 | 7,677,320 | 60.21 |
| ЈИ | Сист. за одвед. и прочис. на отпадни води | 18,600,000 | 15,950,056 | 85.75 |
| ЈМ | Паркови и зеленило(капит.трошоци) | 1,200,000 | / | / |
| К4 | Култур.манифес. и творештво | 6,790,000 | 3,728,573 | 54.91 |
| КА | Култ.маниф.и творештво капит. Трошоци | 480,000 | / | / |
| Ло | Спорт и рекреација | 33,982,000 | 27,171,000 | 79.96 |
| Н1 | Основно образование | 33,373,020 | 29,718,809 | 89.05 |
| Н2 | Средно образование | 1,742,000 | 1,496,833 | 85.93 |
| НА | Основно образование капитални трошоц | 5,979,173 | 1,272,599 | 21.28 |
| Р1 | Заштита на животна средина | 4,480,000 | 1,483,646 | 33.12 |
| Т1 | Унапред.на здравствена заштита | 6,187,300 | 3,792,521 | 61.30 |
| В1 | Детски градинки | 3,928,000 | / | / |
| ВА | Детски градинки капитални трошоци | 1,252,000 | / | / |
| Њо | Противпожарна заштита | 31,095,000 | 16,751,940 | 53.87 |
| ЊА | Против. Заштита капитални трошоци | 1,750,000 | 487,222 | 27.84 |
| Џ1 | Родова еднаквост | 500,000 | / | / |
| | ***Вкупно*** | ***652,300,000*** | ***444,787,887*** | ***68.19*** |

Податоците во табелата согласно програмските активности се реален приказ на моменталната состојба на општина Охрид и се во согласност со финансиските капацитети на општината. Реализација на активностите во програмите во голема мера ќе зависи од степенот на остварување на вкупниот буџет на општината и со завршување на календарската односно буџетската година, ќе можеме да дискутираме за степенот на остварување на буџетот, реализацијата на активностите и програмите, односно за успешноста во работењето за изминатата буџетска година.

**Број 08-16213/58** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/124** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 40 и од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/2020), член 22 ст.1 т.1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ - ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023**

## 1.ВОВЕД

Нацрт Годишна програма за изработка на урбанистичките планови на територијата на општина Охрид 2023 година претставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистички плански документации и планско-проектни документации во Општината , основа за уредување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање на согласност за изработените планови од Министерство за транспорт и врски-Скопје.

## 2. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПЛАНСКО - ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

### *I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид*

| **I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2; УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | Општина (266.315,00) |
| | Вкупно: | **266.315,00** |

| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | Општина (68.640,00) |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј | Општина (177.840,00) |
| **4** | **Урбан Блок 4.3** | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | Општина (246.000,00) |
| **5** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | Општина (262.000,00) |
| **6** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | Општина (388.000,00) |
| **7** | **Урбан блок 5.3** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| **8** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 8.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | Општина (404.430,00) |
| **9** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | Општина (630.130,00) |
| **10** | **Урбан блок 10.1** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | Општина (530.000,00) |
| **11** | **Урбан блок 12.4** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | Општина ( 72.000,00) |
| **12** | **Урбан блок 14.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | Општина (150.000,00) |
| **13** | **Урбан блок 15.1** | |
| 13.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | Општина (25.000,00) |
| **14** | **Урбан блок 15.4** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | Општина (150.000,00) |
| **15** | **Урбан блок 16.3** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | Општина (105.000,00) |
| | | |
| | Вкупно: | **3.209.040,00** |

**I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - УРБАНИ КОМПЛЕКСИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7-"Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9-"Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – | |

| | | |
|---|---|---|
| | "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14- "Чаршија" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс16 - "Чинар" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 18 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 19 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

**I-4. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Детални урбанистички планови во УЗ 1** | |
| **2** | **Детални урбанистички планови во УЗ 2** | |
| **3** | **Детални урбанистички планови во УЗ 3** | |
| **4** | **Детални урбанистички планови во УЗ 4** | |
| **5** | **Детални урбанистички планови во УЗ 5** | |
| **6** | **Детални урбанистички планови во УЗ 6** | |
| **7** | **Детални урбанистички планови во УЗ 7** | |
| **8** | **Детални урбанистички планови во УЗ 8** | |
| **9** | **Детални урбанистички планови во УЗ 9** | |
| **10** | **Детални урбанистички планови во УЗ 10** | |
| **11** | **Детални урбанистички планови во УЗ 11** | |
| **12** | **Детални урбанистички планови во УЗ 12** | |
| **13** | **Детални урбанистички планови во УЗ 13** | |
| **14** | **Детални урбанистички планови во УЗ 14** | |
| **15** | **Детални урбанистички планови во УЗ 15** | |
| **16** | **Детални урбанистички планови во УЗ 16** | |
| **17** | **Детални урбанистички планови во УЗ 17** | |
| **18** | **Детални урбанистички планови во УЗ 18** | |

**I-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | УП за село Пештани | Општина (1.571.820,00) |
| 2 | УП за село Велестово | Општина ( 784.000,00) |
| | Вкупно: | **2.355.900,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **I-6. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | |
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј – вон град | Финансирано од Ј.П."Охридски Комуналец" Охрид |

| | | |
|---|---|---|
| **I-7. ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | Проект за инфраструктура за потреби на општината | Финансиските средства за проектите планирани во Програмата од Сектор за комунален развој улици и сообраќај |
| 1.1 | ПИ за поставување на телекомуникациски столб и телеком/електро кабел ОХР3073 Пештани ГФ | |
| 1.2 | ПИ за изградба на линиски инфраструктурен објект, Локален пат од село Лескоец до с. Горно Лакочереј, општина Охрид | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-8. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | Урбанистички проекти за потреби на општината | Општина (600.000,00) |
| **2** | Урбанистички проекти за плажи на Охридско Езеро | Општина (700.000,00) |
| | Вкупно: | **1.300.000,00** |

## ***II. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид и Агенции формирани од Влада***

| | | |
|---|---|---|
| **II-1.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УП за село Љубаништа | 679.680,00 |
| 2 | УП за село Трпејца | 424.800,00 |
| 3 | УП за село Елшани | 207.060,08 |
| 4 | УП за село Лагадин | 644.280,00 |
| 5 | УП за село Долно Коњско | 536.900,00 |
| 6 | УП за село Велгошти | 1.342.002,20 |
| 7 | УП за село Лескоец | 1.265.367,14 |
| 8 | УП за село Косел | 1,223.424,00 |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј | 427.000,70 |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј | 997.100,00 |
| 11 | УП за село Подмоље | 767.000,00 |
| 12 | УП за село Орман | 150.000,00 |
| 13 | УП за село Горно Коњско | 153.400,00 |
| 14 | УП за село Рамне | 84.960,00 |
| 15 | УП за село Опеница | 287.583,44 |
| 16 | УП за село Вапила | 244.000,40 |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | УП за село Сирула | 67.968,00 |
| 18 | УП за село Куратица | 322.093,45 |
| | **Вкупно:** | **9.824.620,00** |
| **СЕ ВКУПНО ЗА ТОЧКА 2.** | | **16.955.875,00** |

**3. ГЕОДЕТСКИ И КАТАСТАРСКИ УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УРБАНИЗМОТ 700.000,00**

1. Геодетски елаборати за ажурирани подлоги за изработка на урбанистички планови и проекти
2. Ажурирање на геодетски подлоги за потребите на урбанизмот
3. Преклопување на подлоги при усвојувањена урбанистички планови и проекти

**4. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ 600.000,00**

**5. СТРУЧНА РЕВИЗИЈА 1.500.000,00**

**6. ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ 700.000,00**

**НАПОМЕНА: Имајќи ја во предвид процедурата и постапката за донесување на урбанистичките планови, во буџетот на општина Охрид за Нацтр Годишна програма за изработка на урбанистичките планови на територијата на општина Охрид 2023 година, се предвидуваат средства во вредност од 20.455.875,00 ден, од кои 4.950.000,00 ден. се предвидени согласно Решението за одобрување на барањето за финансиска подршка за изработка на урбанистички планови за села, од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.**

**Од вкупно предвидените средства во Нацрт програма, за буџетската 2023 год. планирано е да се реализираат 1.500.000,00 ден.**

## ***III. Планови кои ќе ги финансира Влада на РМ***

| **III-1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општин Охрид | Влада на РМ |
| 2 | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | Влада на РМ |

| **III-2. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД „Купи куќа за млади„ | Влада на РМ |

## ***IV. Планови финансирани со приватни иницијативи***

| | | |
|---|---|---|
| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН<br>ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | Измена и дополна на ГУП на Охрид за<br>УЗ 8 УБ 8.3 и УЗ 17 УБ 17.4 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП<br>ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ15 УБ 15.1 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ<br>ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | Прив. иницијатива |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | Прив. иницијатива |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 –<br>Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците:<br>Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектир. улица | Прив. иницијатива |
| **6** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **7** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 6 ,УБ 6.1 опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 8.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од<br>ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | Прив. иницијатива |
| **9** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.1 опфат 1(измени и дополнувања) | Прив. иницијатива |
| **10** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **11** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 11.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од<br>УБ 8.1 - Опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 11.2 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.1 – опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **12** | **Урбан блок 8.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1(изменаидополнување) | Прив. иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **13** | **Урбан блок 8.3** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.3 опфат - 2 | |
| **14** | **Урбан блок 9.1** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1 | Прив. иницијатива |
| **15** | **Урбан блок 9.2** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ9, УБ 9.2 - Опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **16** | **Урбан блок 9.4** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | Прив. иницијатива |
| **17** | **Урбан блок 10.1** | |
| 17.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **18** | **Урбан блок 10.2** | |
| 18.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **19** | **Урбан блок 10.4** | |
| 19.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | Прив.иницијатива |
| 19.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | Прив.иницијатива |
| **20** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **21** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 21.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | Прив.иницијатива |
| **22** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 22.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 22.2 | ДУП во УЗ 12 УБ 12.1 - опфат 2 (измени и дополнувања) | Прив.иницијатива |
| **23** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **24** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | Прив.иницијатива |
| **25** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 25.2 | ДУП за УЗ , УБ 13.3 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **26** | **Урбан блок 15.4** | |
| 26.1 | ДУП за УЗ 15, УБ 15.4 опфат - 2 | |
| **27** | **Урбан блок 15.5** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 27.2 | ДУП за УЗ 15 УБ 15.5 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **28** | **Урбан блок 15.7** | |
| 28.1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | Прив.иницијатива |
| **29** | **Урбан блок 16.1** | |
| 29.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | Прив.иницијатива |
| 29.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | Прив.иницијатива |
| **30** | **Урбан блок 16.3** | |
| 30.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **31** | **Урбан блок 18.1** | |
| 31.1 | ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 – опфат 1 | Прив.иницијатива |

| **IV-4. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ЕДНА ПАРЦЕЛА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП за ГП 1.12 во УЗ 2, дел од УБ 2.2 на КП 15542/1, КО Охрид 3 | Прив.иницијатива |
| 2 | ДУП за ГП 3.1.1 на КП 14231, 14230/1, 14239, во УЗ 3 УБ 3.1, КО Охрид 3 | Прив.иницијатива |
| 3 | ДУП за ГП 1.15.1 во УЗ 4, дел од УБ 4.1 на КП 13889/3 и др. | Прив.иницијатива |
| 4 | ДУП за ГП 7.1.113 на КП 11099/1 во УЗ 7 УБ 7.1 КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 5 | ДУП за ГП 8.1.1 во УЗ 8, блок 8.1 на КП 11810/1, КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 6 | ДУП за ГП 1.10.2.1 во УЗ 10, УБ 10.2 на КП 10151 | Прив.иницијатива |
| 7 | ДУП за ГП на КП 10426/1 во УЗ 10 УБ 10.2 во КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 8 | ДУП за ГП на КП 10143/1 во УЗ 10 УБ 10.3 во КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 9 | ДУП за ГП 1 на кп 9883/1 КО Охрид 2 УЗ 10 делод УБ 10.3 | Прив.иницијатива |
| 10 | ДУП за ГП 1 на кп 4391/1 делод УБ 11.4 | Прив.иницијатива |
| 11 | ДУП за ГП 13.2.1 во УЗ 13, УБ 13.2 на КП 3477/12, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 12 | ДУП за ГП 1 дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 на КП 3463/3, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 13 | ДУП за ГП 13.3.1 во дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за на КП 3340/1 – опфат на улица Винковачка | Прив.иницијатива |
| 14 | ДУП за ГП 13.4.2 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3167, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 15 | ДУП за ГП 1 на КП 3736, 8601/2, 3731 во УЗ 15 дел од УБ 15.6, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 16 | ДУП за ГП 16.1.1 во УЗ 16, УБ 16.1 на КП 37/16 и 36/1, КО Велестово | Прив.иницијатива |
| 17 | ДУП за ГП 16.1.1 дел од УЗ 16, дел од УБ 16.1 на КП 37/14 | Прив.иницијатива |
| 18 | ДУП за ГП 1 во УЗ 16, УБ 16.2 на КП 2649/1, 2649/2, 2649/5 и 3037/5, КО Велестово | Прив.иницијатива |

| **IV-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 2 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 3 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 4 | УПВНМ Горица Север | Прив.иницијатива |
| 5 | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 6 | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | Прив.иницијатива |
| 7 | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 8 | УПВНМ Горица Исток – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 9 | УПВНМ Горица Исток – опфат 2 | Прив.иницијатива |

| IV-6. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
|---|---|---|
| 1 | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | Прив.иницијатива |
| 2 | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 3 | ЛУПД за ГП бр.1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 2751/4, КП 2751/5, КП 2751/6, КП 2752/1, КП 2752/2, КП 2752/4, КП 2753/1, КП 2753/3, КП 2754/1, КП 2754/2, КП 2756/5 и КП 2756/7 во КО Коњско, Охрид | Прив.иницијатива |
| 4 | ЛУПД за формирање на ГП на дел од кп 487/1 КО Д.Лакочереј вгр и кп 6483/10 КО Охрид 4 со намена В-5 верски институции, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 5 | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | Прив.иницијатива |

| IV-7. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање градежна парцела ГП_13.4.1 со класа на намена Г4 - стоваришта, складови и отпади (Г4.1- отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, дистрибутивни центри со складови) во ГУП Охрид, УЗ 13, дел од УБ 13.4, Охрид | Прив.иницијатива |

**7. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата, брзината на изработката на ажурираните геодетски подлоги, брзината на изработка на плановите и брза и ефикасна соработка на државните органи што партиципираат во донесување на урбанистичките планови.

Оваа Нацрт годишна Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/125** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната :

**НАЦРТ - ПРОГРАМА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

Вовед

Одделението за локален економски развој ги врши работите на планирање на локалниот економски развој, предлага развојни и структурни приоритети на ниво на општина Охрид, предлага мерки и активности за водење на локалната економска политика и развој на малите и средни претпријатија, претприемништво, се грижи за развојот и исполнувањето на законските обврски во сферата на занаетчиството, угостителството и трговијата, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на администрацијата на општина Охрид и врши други работи кои ќе му бидат определени. Програмата за поддршка на локалниот економски развој се изработува врз основа на надлежностите на Локалната Самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Се планирааат и предлагаат мерки и активности во соработка со другите сектори во рамки на администрацијата на општина Охрид за развојни и структурни приорите на ниво на градот, иницира проекти што ќе се предложат за подршка од меѓународни, странски и домашни инвеститори.

Сите мерки кои ги предлага и превзема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив економски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на услугите и животниот стандард на жителите на општина Охрид. Со стратешко планирање на програмата за локален економски развој на општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон постигнување и јакнење на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување со што општина Охрид остварува чекор напред во реализација на главните цели на Европската Унија за локален развој.

Активностите во оваа програма се креирани согласно потребите на локалното население детектирани при изработката на стратешките документи, Стратегијата за развој на туризам и Стратегијата за рурален развој.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година ќе се реализира преку Секторот за локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија во следните главни насоки на дејствување:

**I.** ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА

УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА
II. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY
III. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
IV. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2023 во износ од **26.526.800,00 денари** ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **5.700.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **15.966.800,00ден** |
| | Вкупно | **21.666.800,00 ден** |

**I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

Активностите кои се предвидени во овој дел од програмата се насочени кон подобрување на економската клима во градот, но воедно и еден од најсуштинските за привлекување на директни инвестиции, а со тоа и отварање на нови работни места. Економското зајакнување на градот е една од целите кои треба да се постигнат со реализацијата на предвидените активности. Токму затоа дел од активностите за зајакнување на локалниот економски развој предвидуваат воспоставување соработки и партнерства, зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани, пристап до подобрена едукација и вештини во секторите и сл.

**1.1. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид**

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/70 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год. Претседател**
**О х р и д Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/136** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2023 ГОДИНА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Охрид има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со надлежните локални чинители да превзема специфични мерки за надминување на родовата нееднаквост и унапредувањето на еднаквоста меѓу мажите и жените. Во 2022 година следниве специфични мерки се предлагаат со генерална цел унапредување на родовата рамноправност во Општина Охрид и со следниве специфични цели:

Специфична цел1: Унапредување на капацитетите на општинската администрација за воведување на родов пристап во креирањето локални политики и буџети

1. Работилница / обуки за воведување на родов пристап во креирањето локални политики и буџетиза општинска администрација.

   **Носители_______________** Општина Охрид, КЕМ, Невладини организации, UNWOMEN
   **Финансии_____________________________________________**20.000 денари.

2. Работилница / обуки за воведување на родов пристап во креирањето локални политики и буџети за советници во Совет на општина Охрид

**Носители**______________Општина Охрид, КЕМ, Невладини организации, UNWOMEN

**Финансии** **______________________________________________20.000 денари**

Специфична цел2: Подигање на свест за родова рамноправност преку следниве мерки:

3. **Истражување на јавно мислење на граѓаните и учениците**

- Реализатор - и други институции;

**Носители** ______________Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии**_____________________________________________180.000денари

**4. Три едукативни работилници и предавања во основните и средните училишта за родова еднаквост со вработените и учениците**

- Реализатор - и други институции;

**Носители**_________________________Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии**_____________________________________________**60.000 денари**

**4. Изготвување и спроведување на кампања за подеднаква поделба на товарот на домот – играј се со тато , готви со тато , чисти со тато, учи со татоинформативни материјали за родова еднаквост**

**Носители**____________________________Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии_____________________________________________180.000 денари**

**5. Зголемена свеста за превентивни здравствени прегледи и намалена ранливостна жените и мажите кон одредени заболувања.**

**Носители**____________________________Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии_____________________________________________40.000 денари**

**Вкупна вредност на програмата е 500.000,00 денари.**

Оваа предлог-програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/71** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за активностите на општина Охрид во областа на културата за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/137** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид “ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ - П Р О Г Р А М А**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО**
**ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

| Активности од областа на културата | Опис | Период на реализација | Носител | Износ |
|---|---|---|---|---|
| **МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | |
| **Прличеви беседи** | Продолжување на долгогодишната традиција за промоција и негување на епохалното творештво на Григор С. Прличев | Февруари | Центар за култура “Григор Прличев”; Библиотека “Григор Прличев”; ООУ „Григор Прличев“; Општина Охрид | **30.000,оо ден.** |
| **Фестивал „Охридско лето“** | Меѓународна културна промоција на Охрид | јули-август | Министерство за култура; НУ “Охридско лето”; Општина Охрид | **400.000,оо ден.** |
| **Охридски етно фестивал** | Почит, негување, заштита и промоција на македонското фолклорно културно наследство | септември | Општина Охрид и ЗГ „Арт пријатели“ | **240.000,оо ден** |
| **Вечер на “Живко Чинго** | Почит и негување на грандиозното книжевно дело на Живко Чинго | август | Општина Охрид; МЗ Велгошти; ООУ “Живко Чинго” -Велгошти | **100.000,оо ден.** |
| **Поетска ноќ во Велестово** | Меѓународна промоција на поетската реч и ликовната уметност | август | Здружение на граѓани “Поетска ноќ во Велестово”; МЗ Велестово; Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Културно-забавно лето “На зајдисонце воТрпејца”** | Промоција на охридските природни убавини | Јули-август | Здружение за развој и промоција За “Трпејца со љубов”; Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Поетска манифестација “Охридски бисер”** | Промоција на поетската реч | Јуни-јули | Здружение за литература и култура “Охридски Поетски бисер“; Општина Охрид | **30.000,оо ден.** |
| **Фестивал на виното и музиката** | Промоција на винската традиција и меѓународна културна промоција на | септември | Крафт продукција; Општина Охрид | **1.000.000,ооден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Охрид | | | |
| | | | **ВКУПНО:** | **1.950.000,оoден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>ВЕРСКИ МАНИФЕСТАЦИИ</u>** | | | | |
| **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање** | Продолжување на традицијата и негување на верските обичаи | јануари | Здружение на граѓани “Бадникови поворки”; МПЦ-Охридска архиепископија; Општина Охрид | **60.000,оо ден.** |
| **Богојавление - Водици** | Продолжување на вековната традиција и обичаите по повод празникот Св Василиј | јануари | Македонска православна црква; Општина Охрид | **600.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Ифтарска вечер** | Негување и продолжување на верските традиции | Мај-јуни | Исламска верска заедница и Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО:** | **760.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| <u>**ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**</u> | | | | |
| **Издавање книга: Охридска поетска антологија** | Негување на охридското поетско творептво и културна промоција на Охрид | 2023 | Општина Охрид | **160.000,оо ден.** |
| **Издавање книга: Охридска книжевна школа** | Негување и сочувување на културното наследство и културна промоција на Охрид | 2023 | Општина Охрид | **160.000,оо ден** |
| **Издавање книга: Старословенски ракопис од 1888 година** | Негување и сочувување на културното наследство и културна промоција на Охрид | 2023 | Општина Охрид | **160.000,оо ден** |
| **Издавање книга: Отворено за македонистиката** | Меѓународна афирмација на македонистиката | 2023 | Општина Охрид, | **160.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Издавање книга: „Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во македонската и светската книжевна критика“** | Почит и негување на ликот и делото на Славе Ѓорѓо Димоски и културна промоција на Охрид | 2023 | Општина Охрид | **160.000,oo ден** |
| **Издавање на ученичка поетска збирка** | Поттик и љубов на младата генерација кон литературното творештво | 2023 | Општина Охрид | **60.000,oo ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **860.000,oo ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>МУЗИЧКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Балкански фестивал на народни песни и ора** | Продолжување на долгогодишната традиција и негување на македонскиот изворен фолклор | јули | НУЦК „Григор Прличев“ Општина Охрид | **30.000,oo ден.** |
| **Интернационален фестивал Охрид фест – “Охридскитрубадури“** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Август - септември | Здружението на граѓани Интернационален фестивал – „Охридски трубадури“, Општина Охрид | **80.000,oo ден.** |
| **Охридски хорски фестивал** | Поддршка, промоција и негување на хорската музика | август | Министерство за култура , Здружение на граѓани “Охридски хор” | **70.000,oo ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Охридски џез фестивал** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Август - септември | Општина Охрид | **300.000,оо ден** |
| **Детски музички фестивал “Распеано Рибарче”** | Промоција и поддршка на млади музички таленти | Мај - јуни | Здружение на музичари и изведувачи;<br>Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Музичко забавен хепенинг “Зимска бајка”** | Културна промоција на Охрид | декември | НИМО –ОХРИДЊУС и Општина Охрид | **60.000,оо ден.** |
| **Поддршка на истакнати охридски музички уметници** | Поттикнување на музичкото творештво, а преку тоа и меѓународна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на млади музички таленти** | Поттикнување на музичката креативност кај младите | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Поддршка на охридскиот градски хор ” Вокс лихнидос”** | Промоција и негување на хорската музика | континуирано | Здружение на граѓани Охридски градски мешан хор “Вокс Лихнидос”;<br>Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Велигденски музички концерт** | Негување на македонската народна музика и културна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден** |
| **Традиционален музички концерт по повод 8-ми септември – Денот на независноста на Р. Македонија** | Почит и поттикнување на родољубието | септември | Јован Поп Стефанија претставник на<br>Ансамбл „Билјана Јуниор“,<br>Општина Охрид | **50.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | **ВКУПНО:** | **1.040.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| **Поддршка на литературни изданија посветени на Охрид** | Културна промоција на Охрид | Континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на научни трудови посветени на Охрид** | Културна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **200.000,оо ден** |
| **Поддршка на литературни изданија на роднокрајни писатели** | Поттик и негување на литературното творештво на роднокрајни писатели | континуирано | Општина Охрид | **150.000,оо ден.** |
| **Поддршка на млади автори** | Поттик за создавање литературно творештво меѓу младата популација | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Поддршка на литературни клубови и здруженија** | Негување на вредностите на литературното творештво | континуирано | Општина Охрид | **80.000,оо ден.** |
| **Награден литературен и ликовен ученички конкурс по повод Патронот на градот** | Негување на духот на Свети Климент Охридски од страна на младата популација | Ноември - декември | Основни и средни училишта, Општина Охрид | **30.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО:** | **710.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕАТАРСКА, ФИЛМСКА И ДРУГА СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| **Поддршка на Охридскиот народен театар** | Развој на театарската уметност | континуирано | НУЦК „Григор Прличев“; Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Поддршка на детските и младинските драмски студија** | Негување на македонскиот литературен јазик и поттикнување љубов кон театрската уметност кај младата генерација | континуирано | НУЦК “Григор Прличев”; Општина Охрид, Здруженија на граѓани | **50.000,оо ден.** |
| **Поддршка на драмската секција при ООУ „Ванчо Николески“- Лескоец** | Негување на македонскиот литературен јазик и поттикнување љубов кон театарската уметност | континуирано | Општина Охрид, ООУ Св. Ванчо Николески – Лескоец НУЦК „Григор Прличев“ | **50.000,оо ден** |
| **Меѓународен аматерски младински театарски фестивал „Вдиши театар“** | Приближување на театарската уметност до младата популација и меѓународна културна промоција на Охрид | Јуни- јули | Општина Охрид, ОО на Црвен крст - Охрид | **50.000,оо ден** |
| **Фестивал на нов европски филм “BICH FILM FESTIVAL 2022”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Јуни – јули | „ПИК- Продукција“ ДООЕЛ-Прилеп; Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Поддршка на локалните студија за балет** | Приближување на балетската уметност до граѓаните | континуирано | Општина Охрид; НУЦК” Григор Прличев”, Здруженија на граѓани | **50.000,оо ден.** |
| **Поддршка на локалните студија за модерен танц** | Популаризација на модерните уметности | континуирано | Општина Охрид; НУЦК “Григор Прличев”, Здруженија на граѓани | **50.000,оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на локалните фолклорни ансамбли и културно – уметничките друштва** | Поддршка на народните песни и ора и приближување на изворната народна музика и игра до граѓаните | континуирано | Општина Охрид, Културно- уметнички друштва, Фолклорни ансамбли | **200.000,оо ден.** |
| | | | ВКУПНО: | **600.000,ооден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЛИКОВНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| **Интернационална ликовна колонија “Трпејца 2021”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | септември | Здружение на граѓани „За Трпејца со љубов”; МЗ Трпејца; Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Реализација на проект: „Да ги овековечиме вредностите„-Сликање мурали на истакнати охридски дејци** | Почит и негување на ликот и делата на истакнатите охридски дејци | континуирано | Општина Охрид и ликовни уметници | **100.000,оо ден** |
| **Поддршка на ликовни изложби** | Приближување на ликовната уметност до граѓаните | континуирано | НУЦК “Григор Прличев”; Општина Охрид | **70.000,оо ден.** |
| **Поддршка на роднокрајни ликовни уметници** | Приближување на ликовната уметност до граѓаните | континуирано | Општина Охрид | **70.000,оо ден.** |
| **Поддршка на проектот: „Охрид низ фотографии“** | Културна промоција на Охрид | 2023 | Општина Охрид и Фото клуб - Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Фотографии на охридските градоначалници од ослободувањето до денес** | Цивилизациска обврска за да не се заборава историјата | 2023 | Општина Охрид | **70.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **460.000,оо ден.** |

| **Проекти и програмски активности на Здруженија на граѓани и слободни уметници** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на проект „Алтернативно културно-забавно лето К.И.5 до 12“** | Промоција на млади артисти,размена на идеи и културни вредности, промоција на природното и културното наследство на Охрид. | Март – септември | Здружение на граѓани Независна театарска аматерска група „Аматер“-Охрид; Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Поддршка на музичко – сценската манифестација „Малите ѕвездички со КА двојче“(КА-2)** | Промоција и афирмација на млади таленти | 2022 | Општина Охрид и Здружение за култура, уметност и информации „Ден и ноќ“ | **60.000,оо ден** |
| **Балкански – детско – младински камп: „Поетски искри од огништетото на Ванчо Николески”** | Меѓународна промоција на поетската реч и културна промоција на Охрид | Јуни-јули | Здружение за историја, литература, издаваштво, екологија и еко – туризам “Мацково” – Охрид; Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Поддршка на програмските активности на ОО „Сојуз на борци“** | Почитување и негување на светлите традиции на НОБ | континуирано | Општина Охрид; Сојуз на борци | **60.000,оо ден** |
| **Поддршка на програмските активности на Здружението за култура и уметност „Арт Вивенди”** | Меѓународна културна промоција на Охрид | Јули-август | Здружение за култура и уметност “Арт Вивенди”; Општина Охрид | **40.000,оо ден.** |
| **Поддршка на програмските активности на Здружение на Египќани „Пирамида Зем“** | Културна еманципација на египќанската етничка заедница во Општина Охрид | Април-Октомври | Здружение на Египќани „Пирамида Зем“-Охрид | **80.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на програмските содржини на Институтот за национални вредности „Култура 365“** | Меѓународна промоција на Охрид | 2023 г | Општина Охрид и Институтот за национални вредности„Култура 365“ | **100.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **490.000,оо ден** |
| | | | | |
| **СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-ПАТРОН НА ОХРИД** | Почит и негување на вонвременското просветно, духовно и световно дело на Свети Климент Охридски | декември | Општина Охрид, МПЦ и сите останати воспитно - образовни и културни институции | **200.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО:** | **200.000,оо ден.** |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализација на активностите согласно Програмата за одбележување празници и манифестации за 2022 година** | Почитување и негување на значајните културно – историски настани и личности од подрачјето на Општина Охрид | Континуирано | Општина Охрид | **200.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО:** | **200.000.оо ден.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***<u>ТРАНСФЕРИ, ИЗНАЈМУВАЊЕ И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА (набавка на услуги и набавка на бина за техничка поддршка на програмските активности</u>*** | | | | |
| **Трансфер кон здруженија на граѓани, институции и поединци од областа на културата** | Поддршка на невладиниот сектор од областа на културата | континуирано | Општина Охрид, Институции, граѓани | **200.000,оо ден.** |
| **Изнајмување простор за одржување на културни настани** | Создавање услови за одржување на манифестации за промоција на охридските таленти како и културна промоција на Охрид | континуирано | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Техничка поддршка за реализација на планираните програмски содржини (озвучување, осветлување)** | Техничка поддршка за реализација на програмските активности | 2023-2024 | Општина Охрид | **400.000,оо ден.** |
| | | | **ВКУПНО:** | **700.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈА</u>** | | | | |
| **Санација, одржување, дислокација и хортикултурно уредување на спомениците и спомен –обележјата** | Почитување на културно-историското наследство | континуирано | Општина Охрид | **180.000,оо ден** |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **ВКУПНО:** | **180.000,оо ден** |
| | | | ***ВКУПЕН ИЗНОС НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА (К4) ЗА 2023 ГОДИНА*** | ***8.150.000,оо ден*** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/72**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за заштита на животната средина и природата за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/138**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/18 и 89/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ПРОГРАМА**
**ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за

унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената нацрт - програма за заштита на животната средина и природата за 2023 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;

- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2023 година. Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

**Законски процедури кои Општина Охрид ги спроведува како надлежен орган**
**Оценка на влијанија врз животната средина**

**1.Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи**

Образложение: Членот 65 од Законот за животна средина предвидува изготвување Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи. Членот 76 предвидува изготвување Оцена на влијанија врз животната средина за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 700.000,00 денари .**

**2.Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина**

Образложение: Општина Охрид согласно одредбите од чл.95, 122 и 123 од Законот за животната средина е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура
Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува овластениот инспектор за животна средина. Инсталациите на територијата на општината плаќаат годишен надоместок за поседување на Б- Интегрирана еколошка дозвола.

**Потребни финансиски средства: Не се предвидени финансиски средства.**

**3. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**

Образложение: Согласно обврската од чл.24 од Законот за животна средина, Општина Охрид е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наброени во „Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Град Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје“. Постапката отпочнува со разработка на доставениот елаборат за заштита на животната средина, се изготвуваат забелешки за елаборатот, по што следува достава на коригиран елаборат , се изготвува решение за одобрување, кое го потпишува градоначалникот на Општина Охрид.

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**

**4. План за управување со заштитеното подрачје Студенчишко Блато во категорија IV– парк на природата**

Образложение: Согласно законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04,14/06,84/07,35/10,47/11,148/11,59/12,13/13,163/13,41/14,146/15 и 39/16) и врз основа на Предлог Законот за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата
и на изработената Студија за валоризација на Студенчишко Блато во која е предложено Општина Охрид да го има управувачкото право со заштитеното подрачје парк на природата – Студенчишко Блато, потребно е по прогласување на заштитеното подрачје Општина Охрид да изработи План за управување со заштитеното подрачје Студенчишко Блато во категорија IV– парк на природата .

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 900.000,00денари**

**5.Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел заради негово прогласување за заштитено подрачје**

Образложение: Согласно законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04,14/06,84/07,35/10,47/11,148/11,59/12,13/13,163/13,41/14,146/15 и 39/16) потребно е да се изработи Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел заради негово прогласување за заштитено подрачје. Елаборатот ќе биде доставен до МЖСПП и врз основа на истиот локалитетот Дувало треба да се прогласи за заштитено подрачје.Локалитетот, Дувало кај село Косел во близина на Охрид претставува природна реткост од типот на мофети/сулфатари. Како природна појава предизвикувал внимание кај населението во минатото, но и денес, а сигурно ќе предизвикува внимание и во иднина. Токму затоа оваа појава е поставена како предмет на подетално научно и стручно проучување. Целта е да се добијат целосни и јасни сознанија за локалитетот од една и врз основа на идентификуваните карактеристики и вредности да се заштити и соодветно да се користи за посредни и непосредни економски ефекти од друга страна.

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 240.000,00 денари.**

**6. Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид**

Образложение:Согласно член 12 од Законот за урбано зеленило Општината подготвува и предлага до советот на единицата на локална самоуправа Стратегија за развој на зеленилото, заради креирање на плански решенија во делот на зеленилото при изработка на сите планови и проекти и ја следи неговата реализација во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило.

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 600.000,00 денари.**

7. **„Цветни балкони- цветен Охрид“**

*Образложение*: Овој проект повеќе години наназад традиционално се реализира на територијата на општина Охрид и е многу добро прифатен од страна на граѓаните.Целта е подигање на свеста на граѓаните за потребата од одгледување цвеќиња во сопствените дворови и на балконите, што ќе придонесе за целокупната слика на Охрид како цветен град и ќе има позитивно влијание на целокупната туристичка понуда на градот.
Проектот опфаќа делење на саксиско цвеќе на жителите на претходно утврден опфат, на дел од градот кој е различен секоја година.

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 100.000,00 денари .**

**8.Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2023година.**

Образложение: Општина Охрид го спроведува пилот проектот за ефикасно користење на новите технологии за чист атмосферски воздух во рамките на кои се поставени 11 сензори на јавни институции и 15 филтри на оџаците на домаќинствата кои како енергенс за загревање на своите домови користат цврст енергенс.Покрај тоа Општина Охрид како најголем туристички центар во РСМ превзема мерки против загадувањето на амбиентниот воздух со субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување – набавка на инвертер клими за 2023година.

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 500.000,00 денари.**

**9.Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид**

*Образложение:* Согласно Законот за управување со отпад и Регионалниот план за управување со отпад во Југозападен регион, Општина Охрид е должна да реализира проекти и презема инвестициони зафати заодобрување на општата состојба со управувањето с о отпадот. Општина Охрид со овој проект ќе доделува канта од 120л на домаќинства во општина Охрид.Овој проект се предвидува да трае повеќе години и секоја година ќе биде избран одреден опфат каде во рамките на неделата на животна средина ќе им бидат доделени кантите на избраните домаќинства

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 500.000,00 денари**

**10. Чистење на Охридско езеро од цврст отпад**

*Обраложение:* Активностите за справување со цврст отпад се од суштинско значење за заштита на животната средина и градење поздрава иднина, посебно на Охридското Езеро и крајбрежието, затоа што така се потврдувааат стратешките определби за Охрид како светско културно и природно наследство. Согласно претходно изготвена мапа на загаденост на Охридското Езеро со цврст отпад, потребно е да се изврши негово системско подигање од дното на езерото и негово адекватно транспортирање и депонирање.

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 250.000,00 денари.**

## Предлог - проекти за одбележување на значајни денови на екологијата

Со цел да се влијае на подигањето на јавната свест на сите категории на населението како еден од битните фактори за зачувувањето на животната средина, како и промоција на природните реткости и специфики, предвиден е корпус на активности за одбележување на значајните денови на екологијата.

**11. Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)**

*Образложение*: Селектирањето на употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на неговото создавање придонесува за квалитетот на урбаното живеење, намалување на вкупните количини на отпад, носи економско – финансиски придобивки и исто така ја зголемува свеста и одговорноста на креаторите и давателите на услуги. Основната цел е да се издвојат употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на негово создавање. Со адекватна едукација на граѓаните за примарна селекција и рециклирање, пред сѐ на најмладата популација, односно со организирање на работилници за начини на користење на рециклабилни материјали во креативното изразување, ќе се зголеми свеста за поголема заштита на животната средина

**Потребни финансиски средства: За 2023 година за реализација на проектот не се потребни финансиски средства .**

**12. Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември (ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)**

*Образложение*: На почетокот на школската година во соработка со охридските основни училишта Општина Охрид објавува ликовен и литературен конкурс на зададена тема на која учениците испраќаат свои литературни творби, ликовни творби и инсталации од рециклирачки материјали.

**Потребни финансиски средства: За 2023 година се предвидени финансиски средства во висина од 30.000,00денари**

**ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА ИЗНЕСУВА : 3.820.000,00 денари**

**КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРОГРАМАТА**

Активностите во оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид. Надлежен за изработка и спроведување на активностите по оваа програма е Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад .

**ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА**

Динамиката за извршување на активностите по оваа програма пред сè зависи од реалното подготвување на истата. Реализацијата на програмата во делот на одбележување на значајни денови на екологијата се одвива согласно календарот за одбележување на тие денови .
Динамиката за реализирање на програмата во делот за спроведување на законските обврски се одвива во текот на целата година согласно потребите.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/73** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за млади и невладини организации за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/139** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ- ПРОГРАМА**
**ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА**
**2023 ГОДИНА**

***Воведни напомени***

Општина Охрид ја препознава улогата на младите во развојот на општествените, демокаратски процеси, па затоа дава постојана систематизирана поддршка со цел нивно поголемо, активно вклучување во општествените процеси, а со самото тоа и развојот на градот. Програмата за млади и

невладини организации претставува дополнителна алатка за вклучување на младите во сите активности на локално ниво и истата служи како водич и гаранција за успешна и просперитетна локална заедница.

Освен тоа за општина Охрид од клучна важност е и граѓанскиот сектор и неговата улога во развојот на општеството. Целта на општината е да обезбеди поголема вклученост и на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики со што би се постигнал развој на градот, а притоа би се подобрил и животот во заедницата. Со спроведувањето на програмата се воспоставува партнерски однос меѓу општина Охрид и граѓанските организации, онаму каде што општината има потреба од одредена задача, а тие можат да одговорат на истата. Се разбира, општина Охрид ја почитува независноста на граѓанските организации, како и нивната слобода при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од сето ова произлегува основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид- да претставува мост на поврзување помеѓу младите, невладините организации и општината. Задачата на вработените во одделението за млади и невладини организации, водејќи се според оваа програма, е овозможување услови за подобра положба на младите во општеството, нивно учество во креирањето на младинските политики кои се важни за развојот на градот, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

**ПОДДРШКА НА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ**

***1. Проект: МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат б лагосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други апекти од животот на младите. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

Врз таа основа а спрема член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 10, како и член 114 и 115 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.Весник на РМ“ бр.10/20), како и Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт Советот на општина Охрид на седницата одджана на ден 11.2021 година донесе одлука за отстапување на времено користење и спроведување постапка за формирање на Младински Центар Охрид.Воедно по претходно објавен јавен повик бр.09- 433/2 од 13.01.2022 за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар – Охрид Општина Охрид донесе решение со кое **Коалиција на младински организации СЕГА** од Прилеп се избира за оператор на Младински Центар Охрид.Во рамките на истиот по претходно објавен оглас на Коалиција на младински организцаии СЕГА вработени се три лица од кои еден раководител и двајца младински работници.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Предвидени средства за трансфер до Коалиција на младински организации СЕГА, која го координира Младинскиот центар Охрид | 1.855.788,00 |
| ***Вкупно*** | ***1.855.788,00 денари*** |

*Во прилог Ви ја доставуваме програматата на* ***МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД*** *и предлог буџет*

Младинскиот центар во Охрид е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

Целта на постоењето на младинскиот центар Охрид е да се обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- неформално образование: обучување и подучување на млади;
- информирање, менторство, подучување и советување;
- информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

Младинскиот центар ќе биде отворен секој работен ден и ќе биде достапен за младите најмалку 40 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период младите можат да доаѓаат во Центарот, да учествуваат во програмските активности и да ги користат постојаните услуги или пак да се самоорганизираат, дружат и да ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 1: КООРДИНАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ПРОЕКТОТ

### Координативни состаноци

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО ќе организираат редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид. На состаноците ќе учествува и Извршниот директор, а по потреба ќе се вклучат и други членови од персоналот на СЕГА.

На првиот иницијален состанок во јануари 2023 година, проектниот тим ќе подготви оперативен план за спроведување на активностите за 2023 година и ќе дефинира индикатори за успех. На иницијалниот состанок, проектниот тим ќе креира Календар за одбележување на позначајни интернационални денови во годината кои се од интерес на младите.

## Обезбедување на техничка и логистичка поддршка за програмски активности

Проектниот тим ќе биде задолжен за целосна техничка и логистичка поддршка за сите настани предвидени со програмата на МЦО. Тој ќе биде задолжен за обезбедување на простор за одржување на настаните и состаноците, набавка на материјали и технички материјали, како и обезбедување на храна и освежување.

Дополнително, ќе се развијат сите неопходни процедури за работа кои ќе овозможат непречено функционирање на Младинскиот Центар

## Известување

Младинските работници ќе бидат одговорни за документирање на спроведените активности според претходно утврдени правила од страна на Коалиција СЕГА. Раководителот на МЦО ќе биде одговорен на месечна основа да ја прибере и документира целосната административна документација од спроведените активности и да ја испрати до Проектниот координатор во форма на месечен извештај. Проектниот координатор и раководителот ќе бидат задолжени за известување и комуникација со Општина Охрид. Финансискиот менаџер ќе биде задолжен за реализација на сите плаќања предвидени со буџетот на Младинскиот Центар Охрид, во согласност со финансиските процедури на СЕГА, како и за чување и документирање на финансиската документација од проектот и подготовка на финансиски извештај.

**Дисеминација и видливост**

Проектниот тим ќе биде задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот редовно ќе споделува информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, tweeter) ќе се користат како канали за комуникација со јавноста. Дополнително, на почетокот на календарска година ќе се подготви Комуникациска Стратегија на Младинскиот Центар, која ќе биде водилка за активностите кои се однесуваат на видливост и промоција на центарот.

**РАБОТЕН ПАКЕТ 2: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА МЛАДИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ**

**Интерна Обука за јакнење на капацитетите на младинските работници**

Во првиот квартал на спроведување на програмата на МЦО, СЕГА ќе организира интерна обука со цел зајакнување на вештините за работа со млади. Интерните обуки ќе бидат фокусирани кон успешно

спроведување на Програмските Активности на МЦО, а ќе бидат спроведувани од претставници на персоналот на СЕГА.

**РАБОТЕН ПАКЕТ 3: ПРОМОЦИЈА НА РАБОТАТА НА МЦО**

## Креирање на промотивен материјал

За потребите од промоција на Младинскиот Центар Охрид, ќе се креираат значки, стикери и маички кои ќе се користат наменски при реализацијата на програмските активности.

Дополнително ќе се брендираат дел од прозорците со цел поголема видливост на самиот Центар. Воедно за промоција на активностите на Младинскиот Центар ќе се користат промотивните материјали кои беа генерирани во текот на 2022 година.

## Организирање на ИНФО ДЕНОВИ за промоција на Младински Центар Охрид

Во текот на 2023 година МЦО ќе организира активности Инфо Денови, преку која ќе се промовира работата на Младинскиот Центар, активностите, можностите за вклучување на локалните млади, како и услугите што ги нуди младинскиот центар за младите. Инфо деновите ќе бидат организирани на различни локации на кои фрекфенцијата на млади е најголема и на истите ќе се користат флаери и промотивни материјали со логото на МЦО и логото на Општина Охрид.

## Промоција на МЦО на социјалните мрежи

На креираните профили на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram) кои ќе се користат како канали за комуникација со јавноста, секојдневно ќе се врши промоција на Младинскиот Центар и промоција на услугите и програмите што ги нудиме. Со оваа промоција се планира да се опфатат месечно околу 3 000 млади (допаѓања на фејсбук страната, рекации на постови, прегледи, импресии итн.), а истата бројка се очекува секој месец да се зголемува. Со цел поголема видливост на социјалните мрежи предвидени се средства за спонзорирање на социјалните мрежи.

**РАБОТЕН ПАКЕТ 4: ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД**

**Програма: Младинско Учество**

Во рамките на програмата за Младинско Учество во текот на 2023 година, Младинскиот Центар Охрид ќе спроведе кампања за поттикнување и унапредување на младинското учество. Кампањата ќе вклучи неколку компоненти:

[1] Е-младинско учество: поттикнување на учеството на младите преку дигитални алатки и платформа за дигитално младинско учество inciraj.mk (со која раководи Коалиција СЕГА)

[2] Работилници за младинско учество со млади на возраст од 15 – 29 години: Целта на овие работилници ќе биде младите да се запознаат со скалилата на учество и можностите како тие да се вклучат во процесите на донесување одлуки согласно постоечката законска регулатива

[3] Младински кругови – на теми кои се од интерес на младите Охриѓани а кои се во доменот на функционирањето на локалната самоуправа

[4] Ученичко учество – работилници со ученичките организации формирани во средните општински училишта за воспоставување процедури за работа, креирање на годишни програми и застапување за интересите на учениците

[5] Соработка со Локален Совет за Млади и Собрание за млади

## Програма: Младинско Информирање

Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво), младинските работници секојдневно ќе објавуваат информации на веб страната и на социјалните мрежи. МЦО ќе биде и центар за документација и информирање со прибирање на печатени и електронски публикации, прирачници, книги и важни документи од областа на младите. Исто така младинските работници ќе ги промовираат европските програми за интернационални мобилности и волонтерство, интеркултурни размени како и можностите за искористување на овие програми од страна на младите.

Во рамките на оваа програма во Младинскиот Центар Охрид ќе се воспостави Медиа Клуб. Преку овој клуб младите кои имаат интерес за новинарство, графички дизајн и фотографија ќе можат да известуваат за теми од интерес на младите. Нивните вести ќе се објавуваат во посебно мени на веб страната на МЦО. Дополнително, младите ќе изработат списание за млади кое ќе излезе во минимум 2 броја во текот на 2023 година.

## Програма: Вработување и претприемништво

Програмата Вработување и претприемништво ќе вклучи серија на работилници за млади во насока на унапредување на нивниот личен развој и поттикнување на нивната вработливост. Работилниците ќе вклучат компоненти на кариерно насочување и кариерно советување во зависност од возраста на учесниците во програмата.

Дополнително, оваа програма предвидува објавување на сите можности за кариерен развој, образование и отворени работни места на веб страната на МЦО кои ќе се преземаат од повеќе проверени извори.

Младинскиот Центар Охрид ќе ја промовира и Гаранција за Млади (посебна мерка од Оперативниот План за вработување) помеѓу младите од Охрид, вклучително и активните мерки за вработување.

Во рамките на програмата се планира и организирање на Саем за образование и кариера, во соработка со средните училишта, факултетите и бизнис секторот во Општина Охрид.

## Програма: Култура

Посебен фокус во работата на Младинскиот Центар Охрид ќе има и програмата Култура. Оваа програма ќе вклучува активности во насока на развивање на креативниот потенцијал на младите но и промоција на млади уметници и креативци. Програмата за Култура ќе ги вклучи следниве компоненти:

[1] Креативен Клуб: ќе биде воспоставен со цел да се поттикне креативноста кај младите, каде на информален начин младите ќе се дружат, креираат и творат. Креативниот клуб ќе функционира во согласност со потребите на младите во период од 6 месеци во текот на 2023 година.

[2] Театарска Работилница: младите кои имаат аспирации за глума ќе имаат можност преку театарска работилница да ги унапредат своите вештини и знаења од областа на театарот. Работилницата ќе резултира со една театарска претстава, која ќе биде реализирана во соработка со Центарот за култура на Општина Охрид.

[3] Саем на рачни изработки – во насока на промоција на младите креатори и творци на ракотворби, МЦО ќе организира саем на рачни изработки преку кои младите ќе имаат можност да ја презентираат својата работа но и да ги понудат своите ракотворби на продажба на посетителите на саемот.

[4] Промоција на млади уметници – преку поддршка и промоција на различни музички, културни и уметнички настани организирани од млади.

## Програма: Неформално Образование

Програмата за Неформално Образование ќе опфати различни теми кои се од интерес на младите: здравје, екологија, недискриминација, безбедност и сл. Во првиот квартал од 2023 година, МЦО ќе формира Волонтерски Клуб кој ќе има можност да се вклучи во работата на Центарот преку промоција на активностите и програмите на Центарот, но и преку учество во различни иницијативи кои ќе произлезат од младите за младите. Заедно со персоналот на МЦО волонтерскиот клуб ќе организира работилници на теми од интерес на младите. Ќе се реализира истражување помеѓу младите од Охрид за кои теми сакаат да се испорачаат работилници за неформално образование. Воедно Волонтерскиот Клуб ќе биде вклучен и во:

[1] Одбележување на позначајни денови

[2] Неформално образование на теми од интерес на младите (здравје, безбедност, недискриминација, екологија и сл.)

[3] Младински иницијативи (како на пример Еко Акции, Панел дискусии, Форуми и сл.)

[4] Одбележување на Ден на Млади: по повод 12 август, Светскиот Ден на младите, ќе се организираат серија на активности кои од една страна ќе ги презентираат сите програми на МЦО но и ќе се промовираат младите уметници, креативци и артисти преку пригоден хепенинг.

## Други услуги за млади, младински организации и организации за млади

За потребите од младинските организации, организациите за млади, младинските неформални групи и младите воопшто, МЦО ќе ги изнајмува бесплатно своите простории за реализација на нивни настани но и за поттикнување на нивниот развој. Воедно, МЦО ќе ги промовира сите активности на други организации кои реализираат активности во просториите на Центарот кои се во интерес на младите.

# РАБОТЕН ПАКЕТ 5: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНИ АКТЕРИ

## Соработка со училишта

На почетокот на месец февруари/март, и месец септември 2023 како почеток на новата учебна година ќе бидат потпишани меморандуми за соработка со основни и средни училишта со цел вклучување на учениците и заедничка организација и имплементација на предвидените активности кои опфаќаат различни креативни и едукативни работилници, обуки, забавни настани, инфо денови и сл.

## Состаноци со локални младински организации

Во текот на целата година, (на секои два месеци) ќе се одржуваат тековни состаноци со останатите младински организации со кои веќе имаме воспоставено успешна соработка: Младински Совет Охрид, Црвен крст Охрид, Инклузија Охрид и ќе се работи на воспоставување на соработка со други организации кои работат на територијата на општина Охрид. Средбите ќе имаат за цел подобра организација и имплементација на предвидените заеднички активности како што се: формирање на локален волонтерски клуб; одбележување на значајни датуми како Интернационален ден на волонтеризмот; организација на хуманитарни акции и други активности.

## Состаноци со претставници на локалните власти

Во текот на годината ќе се организираат средби со претставници на локалните власти со цел презентација на спроведените активности и резултатите од истите. На истите состаноци ќе се дискутира за забелешки и насоки и идеи за подобрување на соработката, потребите и проблемите на младите и зголемување на младинскиот активизам во Општина Охрид.

Тековни состаноци во зависност од потребите ќе се организираат со Советник за Млади при ЛС Охрид со цел консултации и помагање за поуспешно спроведување на некои од предвидените активности.

| Предлог буџет за раководење со Младински центар Охрид за 2023 година, Коалиција на младински организации СЕГА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Единица | Тип | Количина | Месеци/ | Побарано од општина Охрид | Учество на апликантот | ВКУПНО |
| | Опис на трошокот | Тип | Цена | # Единици | Единици | (МКД) | (МКД) | (МКД) |
| **1. Персонал** | | | | | | **1,146,600.00** | **1,222,572.00** | **2,369,172.00** |
| 1.1 | Програмски Раководител (СЕГА) | месец | 49,570.00 | 1 | 12 | 0.00 | 594,840.00 | **594,840.00** |
| 1.2 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 40,311.00 | 1 | 12 | 0.00 | 483,732.00 | **483,732.00** |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 34,950.00 | 1 | 12 | 419,400.00 | 0.00 | **419,400.00** |
| 1.4 | МЦО Младински работник | месец | 30,300.00 | 2 | 12 | 727,200.00 | 0.00 | **727,200.00** |
| 1.5 | Финансиски асистент (СЕГА) | месец | 12,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 144,000.00 | **144,000.00** |
| **2. Патни трошоци** | | | | | | **37,920.00** | **48,000.00** | **85,920.00** |
| 2.1 | Патни трошоци за координативни состаноци за мониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локални патни трошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 2.3 | Патни трошоци за учество на обуки и конференции | месец | 2,000.00 | 2 | 12 | 0.00 | 48,000.00 | 48,000.00 |
| **3. Обуки** | | | | | | **9,000.00** | **0.00** | **60,000.00** |
| 3.1 | Интерна обука (патни трошоци, сместување, работни материјали, храна) | единица | 3,000.00 | 3 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| **4. Други директни трошоци** | | | | | | **9,600.00** | **0.00** | **9,600.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| **5. Индиректни трошоци** | | | | | | **72,000.00** | **24,000.00** | **96,000.00** |
| 5.1 | Канцелариски материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежување за МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средства за одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лице за чистење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуникациски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 24,000.00 | 24,000.00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.Специфични трошоци поврзани со проектот** | | | | | | **187,660.00** | **0.00** | **187,660.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивни материјали (500 значки, 50 маици, стикери) | единица | 39,160.00 | 1 | 1 | 39,160.00 | 0.00 | 39,160.00 |
| 6.2 | Трошоци за освежување за организирање на настани | единица | 2,000.00 | 6 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.3 | Организирање на настан за Ден на млади | единица | 35,000.00 | 1 | 1 | 35,000.00 | 0.00 | 35,000.00 |
| 6.4 | Театарска работилница - реквизити | единица | 9,000.00 | 1 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| 6.5 | Медиа клуб (печатење на весник) | единица | 5,000.00 | 2 | 1 | 10,000.00 | 0.00 | 10,000.00 |
| 6.6 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 6 | 1 | 18,000.00 | 0.00 | 18,000.00 |
| 6.7 | Активности на волонтерски клуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.8 | Национална кампања за младинско учество | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.9 | Спонзорирање на објави на социјални мрежи | месец | 2,000.00 | 12 | 1 | 24,000.00 | 0.00 | 24,000.00 |
| 6.10 | Борд игри | единица | 5,000.00 | 1 | 1 | 5,000.00 | 0.00 | 5,000.00 |
| 6.11 | Печатење на материјали | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | 0.00 | 3,500.00 |
| **7.Трошоци за опремување на МЦО** | | | | | | **224,300.00** | **0.00** | **224,300.00** |
| 7.1 | Флипчарт табла | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | 0.00 | 3,500.00 |
| 7.2 | ЛЦД проектор | единица | 0.00 | 1 | 1 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 7.3 | Конгресни столици | единица | 2,200.00 | 20 | 1 | 44,000.00 | 0.00 | 44,000.00 |
| 7.4 | Правосмукалка | единица | 7,500.00 | 1 | 1 | 7,500.00 | 0.00 | 7,500.00 |
| 7.5 | Држач за телевизор | единица | 2,500.00 | 1 | 1 | 2,500.00 | 0.00 | 2,500.00 |
| 7.6 | Фиокари | единица | 6,600.00 | 3 | 1 | 19,800.00 | 0.00 | 19,800.00 |
| 7.7 | Инвертер клима 3,5 KW | единица | 32,000.00 | 1 | 1 | 32,000.00 | 0.00 | 32,000.00 |
| 7.8 | Инвертер клима 7 KW | единица | 60,000.00 | 1 | 1 | 60,000.00 | 0.00 | 60,000.00 |
| 7.9 | Столици во боја | единица | 2,600.00 | 10 | 1 | 26,000.00 | 0.00 | 26,000.00 |
| 7.10 | Клуб Масички | единица | 4,000.00 | 2 | 1 | 8,000.00 | 0.00 | 8,000.00 |
| 7.11 | Брендирање на прозори | единица | 4,000.00 | 1 | 1 | 4,000.00 | 0.00 | 4,000.00 |
| 7.12 | Полици за книги | единица | 12,000.00 | 1 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 7.13 | Алумиумски рамки А1 (за промотивни постери) | единица | 1,000.00 | 5 | 1 | 5,000.00 | 0.00 | 5,000.00 |
| **Вкупно директни трошоци** | | | | | | **1,687,080.00** | **1,294,572.00** | **3,032,652.00** |
| Административни трошоци, 10% од програмските трошоци | | | | | | MKD 168,708.00 | MKD 0.00 | MKD 168,708.00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **MKD 1,855,788.00** | **MKD 1,294,572.00** | **MKD 3,150,360.00** |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | **ОПШТИНА ОХРИД** | **КОАЛИЦИЈА СЕГА** | **ВКУПНО** |
| **ПРОЦЕНТУАЛЕН ПРИКАЗ НА БУЏЕТ** | | | | | | **58.91%** | **41.09%** | **100.00%** |

## *2. ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ*

Со цел непречено функционирање на Локалниот младински совет и негово понатамошно активно делување, општината се обрзува да издвои средства потребни за реализација на годишната програма на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет до службите ја достави својата програма во која се предвидени неколку предлог проекти со кои се таргетира младото население на територија на Општина Охрид и чија цел е поголема вклученост на младинската популација во општествените процеси.

*Во прилог ја доставуваме нацрт предлог програмата на Локалниот младински совет на Општина Охрид за 2023 година:*

**1. ПРОЕКТ - Сообраќај – учење за безбедноста на патиштата, практикување на повисоко ниво на култура и одговорност во сообраќајот, важноста на почитување на сообраќајните правила и прописи.**

Да се биде безбеден во ссобраќајот е многу повеќе од стекнување знаење и справување во одредени ситуации,тоа првенствено е желба да се сменат ставовите и однесувањето на сите учесницво сообраќајот.

Затоа навремената едукација на децата за сообраќајните правила и прописи, заложбата за нивна подготовка за успешно вклучување во сообраќајот во иднина како пешаци, возачи или патници, како и промената на ставотите и однесувањето на сите учесници во сообраќајот е концепт кој неминовно ќе даде резултати во насока на постигнување поголема безбедност на децата во сообраќајот.

Во оваа насока во соработка со стручни лица, на најмладите сакаме да им ја објасниме важноста на знаење и почитување на правилата преку креативни работилници за учење на сообраќајните знаци и игри, а на тинејџерите и сите млади кои планираат да добијат возачка дозвола или веќе ја имаат, преку разни обуки и семинари да ја подигнеме свеста за тоа како треба да се однесуваме во сообраќајот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| **Ставка** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Реквизити за работилници и секции | 30,000.00 |
| Фото+видео документација | 12,000.00 |
| **Вкупно**: | **42,000.00** |

**2. ПРОЕКТ – Денови на спорт -** физичка активност на младите и нивна мотивација за водење поздрав живот и развивање во правилна насока.

Вклучување на сите основни и средни училишта на ниво на Охрид каде секое училиште ќе биде домаќин на различни спортови и спортски активности, а другите училишта ќе гостуваат со свои екипи

и претставници. Преку вакви активности се поттикнуваат младите на здрав начин на живот, мотивација и правилен развој со што сакаме да придонесеме до позитивни промени во животот на младите во време каде поголемиот дел од денот го поминуваат пред компјутери затворени, а со ваквите активност се стремиме за градење на едно здраво младо општество.

Спортските реквизити кои ќе ги обезбеди младинскиот совет по завршувањето на настаните ќе ги донира на секое училиште со цел да ги мотивира што почесто да се одржуваат такви спортски активности самоиницијативно.

| **Ставка** | **Износ во денари** |
| --- | --- |
| Спортски реквизити | 77,000.00 |
| Храна, освежителни пијалоци и енергетски барови | 40,000.00 |
| Награди | 15,000.00 |
| Фото+видео документација | 18,000.00 |
| **Вкупно:** | **150,000.00** |

| **Извор на финансирање** | **Износ во денари** |
| --- | --- |
| Буџет на Општина Охрид | 192,000.00 |
| **Вкупно** | **192,000.00** |

| **Вкупен износ на програмата во денари** | **192,000.00** |
| --- | --- |
| **Буџет на Општина Охрид во денари** | **192,000.00** |

**Образложение**

Програмата за работа на Советот на млади на Општина Охрид е изработена од членовите на Советот на млади на Општина Охрид во координација со претставници на општинската администрација. Целта на програмата е да делува во насока на реализирање на приоритетните цели за кои е основан Советот на млади на Општина Охрид. Програмата предвидува реализација на активности со кои се таргетира младинската популација на Општина Охрид како што е претходно наведено. Согласно политиката на Општина Охрид за транспаретност и отчетност пред граѓаните, пред конечното донесување на самата програма ќе биде претставена нацрт верзија на која преку јавна расправа младите ќе имаат можност нивните идеи да ги претстават пред Советот на млади и да ги интегрираат во самата програма.

## ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

***1. Учество во проектот ReLOAD2***

Општина Охрид втора година активно учествува во проектот на програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) ReLOaD2 откако беше потпишан меморандумот за разбирање помеѓу двете инволвирани страни. Проектот Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 2 ReLOaD2 е финансиран од Европската унија и го спроведува програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во шест земји од Западен Балкан. Проектот ќе трае до декември 2024 година и истиот има за цел јакнење на партиципативната демократија и процесите за интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската Унија преку јакнење на граѓанското општество и младите за нивно активно учество во процесот на донесување одлуки. Со проектот се потикнуваат локалните власти да го користат јавното финансирање за граѓанските организации на транспарентен и развојно ориентиран начин, препознавајќи ги локалните потреби.

Согласно потпишаниот меморандум, Општина Охрид се обврзува да издвои средства од општинскиот буџет во висина од 25% од вкупниот одобрен буџет на проектот. Средствата ќе бидат наменети за кофинансирање на проектите на граѓанските организации кои ќе бидат избрани преку јавни повици организирани во рамки на самиот проект.

Општина Охрид и проектот ReLOaD2 минатата година а и годинава објавија јавен повик до граѓанските организации за поднесување предлог проекти кои се доследни на развојните цели на Општина Охрид и со кои се опфатени следните приоритетни области:

1. Младински активизам и партиципација
2. Родова еднаквост, економска и социјална инклузија
3. Заштита на животна средина
4. Туризам и култура

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| ***Ставка*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| Средства наменети за кофинансирање на проектите на ГО во рамките на проектот ReLOaD2 | ***1,328,000 МКД*** |

**Вкупен буџет за предлог нацрт програма за Млади и НВО за 2023 година**

| | |
|---|---|
| ***Вкупен износ на програма во денари*** | ***3.375.788,00*** |
| ***Буџет на општина Охрид во денари*** | ***3.375.788,00*** |

Оваа Нацрт - програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на општина Охрид„

**Број 08-16213/74** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/140** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ-ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид, во согласност со одредбите од Законот за локалната самоуправа, Статутот на општината и надлежностите на Советот, програмски ја определува и насочува својата работа со цел да обезбеди услови и можности за целосно и ефикасно остварување на своите функции и благовремено подготвување на предвидените материјали во одредените рокови од утврдените изготвувачи. Притоа, основна задача е да се утврдат најактуелните прашања од животот на граѓаните низ кои ќе се обезбеди натамошен развој на општината Охрид.
Во текот на 2023 година Советот може да ја менува и дополнува Програмата. Ќе се расправа и по други материјали иницирани согласно новите законски надлежности.

Советот ќе расправа и по други прашања од негова надлежност по материјали поднесени од овластени предлагачи и по предлози за избори и именувања од негова надлежност.

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ јануари – февруари - март**

- **Годишен извештај за работата на Советот на општина Охрид за 2022 година**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка на Советот

- **Годишен извештај за реализација на Програмата за изработка на Урбанистички планови на општина Охрид за 2022 година**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**.**

- **Годишен извештај за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022 година**.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за животна средина и управување со отпад

- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба на системи за водоснабдување за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за други комунални услуги за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за јавно осветлување за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на паркови и зеленило за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Развојната програма за уредување градежно земјиште за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици**.**

- **Годишен извештај за работењето на Одделението за даноци за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци

- **Годишен извештај за работењето на Одделението за комунални такси за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални такси

- **Годишен извештај за работата на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита

- **Годишен извештај за работата на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт, млади и невладини организации

- **Годишен извештај за работата на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура

- **Годишен извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за односи со јавност

- **Годишен извештај за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој за 2022 година.**
- **Годишен извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Годишен извештај за работата на територијалната противпожарна единица Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ТППЕ Охрид

**- Годишен извештај за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: СВР Охрид

- **Усвојување на завршната сметка на буџетот на Општина Охрид и финансиски извештај за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања.

- **Усвојување на завршната сметка и извештај за работата на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“– Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид

- **Усвојување на завршната сметка и извештаи за работа на основните и средните училишта во општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Основни и средни училишта

- **Годишен извештај за работењето во 2022 година и завршна сметка на ЈП „Охридски комуналец“ – Охрид за 2022 гоина..**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид

- **Годишен извештај за работењето во 2022 година и завршна сметка на ЈП „ВОДОВОД“ - Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „Проаква“– Струга

- **Годишен извештај за работењето во 2022 година и завршна сметка на ЈП „Билјанини извори“ - Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „ Билјанини извори “ – Охрид

- **Годишен извештај за работењето во 2022 година и завршна сметка на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Нискоградба Охрид “ - Охрид

- **Годишен извештај за работењето во 2022 година и завршна сметка на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Градски гробишта“

- **Годишен извештај за работењето во 2022 година и завршна сметка на ЈП Градски Пазар - Охрид за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП Градски Пазар

- **Годишна програма за поставување урбана опрема во општина Охрид -2023 година.**

**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ април – мај - јуни**

- **Извештај за остварени приходи и реализација на буџетот, период 1 - 3 месец 2023 година**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања.

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од Секторите во локалната самоуправа основани од Советот:**
  - **Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици

- **Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

- **Сектор за туризам и локален економски развој**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од јавните претпријатија во општина Охрид:**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Водовод“- Охрид
ЈП „Охридски комуналец “ - Охрид
ЈП „ Билјанини извори“ - Охрид
ЈП„Нискоградба“ - Охрид
ЈП Градски Пазар Охрид
ЈП„Градски гробишта“ - Охрид

- **Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој за 2022 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Центар за развој на Југозападен плански регион.

- **Одлука за организирање на режимот на сообраќајот на дел од територијата на општина Охрид**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за сообраќај и улици
и управување со градежно земјиште

**СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА**
**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ јули – август - септември**

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од јавните претпријатија во општина Охрид:**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Водовод“- Охрид
ЈП „Охридски комуналец “ - Охрид
ЈП „ Билјанини извори“ - Охрид
ЈП„Нискоградба“ - Охрид
ЈП Градски Пазар Охрид
ЈП„Градски гробишта“ - Охрид

**Квартални извештаи за реализација на Програмите од Секторите во локалната самоуправа основани од Советот:**

- **Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици

- **Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

- **Сектор за туризам и локален економски развој**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Шестмесечен извештај за состојбата во сферата на даноците**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци

- **Шестмесечен извештај за состојбата во сферата на комуналните такси**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални такси

- **Шестмесечен извештај за состојбата во сферата на заштита на животната средина и природата**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад

- **Извештај за реализација и остварени приходи на буџетот за првата половина од 2023 година.**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Извештај за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: СВР Охрид

- **Годишен извештај за постигнати резултати во текот на учебната 2022/2023 година во девет основни училишта на подрачјето на општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Основни училишта

- **Годишен извештај за постигнати резултати во текот на учебната 2021/2022 година во четири средни училишта на подрачјето на општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Средни училишта

- **Годишна програма за работата на основните училишта во учебната 2022 - 2023 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Основни училишта

- **Годишна програма за работата на средните училишта во учебната 2022 - 2023 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Средни училишта

- **Годишна програма за работа на ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ - Охрид за 2022– 2023 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУДГ„Јасна Ристеска“ – Охрид

- **Одлуки за формирање паралелки со помал број на ученици во основните и средните училишта.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за образование

- **Одлуки за утврдување нацрт - детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Одлуки за донесување детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Иницијативи за измени на детални урбанистички планови во општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ - октомври – ноември – декември**

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од јавните претпријатија во општина Охрид:**

ПРЕДЛАГАЧ : Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Водовод“- Охрид
ЈП „Охридски комуналец “ - Охрид
ЈП „ Билјанини извори“ - Охрид
ЈП„Нискоградба“ - Охрид
ЈП Градски Пазар Охрид
ЈП„Градски гробишта“ - Охрид

- **Програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на град Охрид во сезоната 2023/2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за сообраќај и улици

- **Извештај за реализација на буџетот и остварени приходи од 1 до 9 месец 2023 год.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Квартални извештаи за реализација на Програмите од Секторите во локалната самоуправа основани од Советот**
    - Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици ;
    - Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште и
    - Сектор за туризам и локален економски развој
- **Ребаланс на буџет на општина Охрид - по потреба**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Донесување на буџет на Општина Охрид за 2024 година**
- **Одлука за извршување на буџетот за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

- **Програма за образование за 2024 година.**
- **Програма за детска заштита за 2024 година.**
- **Програма за социјална заштита за 2024 година.**
- **Програма за здравствена заштита за 2024 година**.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование, детска, здравствена и социјална заштита

- **Програма за невладини организации за 2024 година.**
- **Програма за млади за 2024 година.**
- **Програма за спорт за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт, млади и невладини организации

- **Програма за култура за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ : Одделение за култура

- **Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2024 година**.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

- **Програма за заштита на животната средина и природата за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад

- **Програма за уредување градежно земјиште за 2024 година.**
- **Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2023 година.**
- **Програма за изградба на системи за водоснабдување за 2024 година.**
- **Програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2024 година.**
- **Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2024 година.**
- **Програма за други комунални услуги за 2024 година.**
- **Програма за јавно осветлување за 2024 година.**
- **Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2024 година.**

- **Програмата за одржување на јавна чистота за 2024 година.**
- **Програма за одржување и користење на паркови и зеленило за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици

- **Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2024 год.**
- **Програма за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2024 година**.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

- **Програма за работа на територијалната противпожарна единица Охрид за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината

ИЗГОТВУВАЧ: Територијална противпожарна единица

- **Програма за одбележување празници и манифестации за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за култура

- **Програма за работата на ОЈУ„Кузман Шапкарев“- Охрид за учебната 2023/2024 година**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид

ИЗГОТВУВАЧ: ОЈУ„Кузман Шапкарев“ Охрид

- **Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2024 година.**
  - ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
  - ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка на Советот

- **Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

- **Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2024 година.**
  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
  ИЗГОТВУВАЧ: ОСБСП
- **Програма за работа на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за 2024година.**
  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид
- **Програма за тековно работење на ЈП “ВОДОВОД“- Охрид за 2024 година.**
  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
  ИЗГОТВУВАЧ: МЈП„ Проаква“ - Струга
- **Програма за тековно работење на ЈП „Нискоградба“ - Охрид за 2024 година.**
  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Нискоградба Охрид“ – Охрид
- **Програма за работа на ЈП Градски пазар Охрид за 2024 година.**
  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП Градски пазар Охрид
- **Програма за работа на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид за 2024 година.**
  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП„Градски гробишта“ - Охрид

- **Програма за работа и развој на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид за 2024 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Билјанини извори“ - Охрид

- **Одлуки за утврдување на урбанистичко - планска документација за бесправно изградени објекти во општина Охрид.**
- **Одлуки за утврдување нацрт - детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Одлуки за донесување детални урбанистички планови во општина Охрид.**
- **Иницијативи за измени на детални урбанистички планови во општина Охрид.**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште
**СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА**

Оваа Нацрт-програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/75** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/141** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ-ПРОГРАМА**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2023 ГОДИНА**

**Вовед**

Заштитата и спасувањето во Република Македонија се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува, поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката.

Општина Охрид е должна да организира заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Заштитата и спасувањето претставува збир на мерки и активности кои се превземаат од страна на субјектите во системот со цел навреме да се откријат и спречат природните непогоди и други несреќи и да се отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба.

Со превземање на превентивни плански и програмски мерки, кои се превземаат пред настанување на природните непогоди и други несреќи, за време на настанувањето, по настанатите непогоди и несреќи се овозможуваат реални услови за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Системот за заштита и спасување во Република Македонија согласно Законот за заштита и спасување се остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди и други несреќи;
- преземање на мерки за превенција за ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош преку единствениот систем за известување;
- обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита, спасување и помош;
- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- самозаштита, самопомош и заемна помош;
- мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- одредување и спроведување на заштитните мерки;
- спасување и помош;
- отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи, до
- обезбедување на основните услови за живот;
- надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од
- природни непогоди и други несреќи;
- давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од
- природни непогоди и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;

- примање помош од други држави;
- идентификација и процена на опасностите;
- водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од
- природни непогоди и други несреќи и
- изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и
- планови за заштита и спасување и ажурирање на истите.

**1. Основни начела на заштита и спасување**

Заштитата и спасувањето се засновува на следниве основни начела:
1) секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
2) во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи приоритет имаат животот и здравјето на луѓето;
3) при настанување на природни непогоди и други несреќи секој е должен да помага во рамките на своите можности;
4) Републиката, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, установи и служби и трговските друштва се должни, навремено да ги организираат и преземаат превентивните и оперетивните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
5) секое физичко и правно лице, во согласност со закон, одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;
6) при ангажирањето на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што најпрвин реагираат силите на сопственикот, потоа општините и градот Скопје, Републиката и меѓународната заедница и
7) податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, од страна на надлежните органи и служби се јавни и мора транспарентно да се објават.

**2. Надлежности на Советот на општина Охрид**

Во остварувањето на заштитата и спасувањето, Советот на општина Охрид согласно чл.34 од Законот за заштита и спасување, ги врши следниве работи:
1) одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за заштита и спасување;
2) донесува одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување;
3) заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди или и други несреќи, ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои тие ги основале во:
- гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко-технолошки и други несреќи;
- расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго;
- укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести;
- заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди;
4) ја следи подготвеноста на општина Охрид за заштита и спасување;

5) одлучува за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на единицата на локалната самоуправа;
6) одлучува за висината на средствата од буџетот на единицата на локалната самоуправа за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи и
7) одлучува за распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во единиците на локалната самоуправа.

**3. Надлежности на Градоначалникот на општина Охрид**

Во остварувањето на заштитата и спасувањето на подрачјето на општина Охрид, согласно чл.35 од Закон за заштита и спасување, градоначалникот ги врши следниве работи:
1) го предлага планот за заштита и спасување;
2) ја следи состојбата во врска со реализацијата на донесените одлуки од Советот на општина Охрид за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи;
3) одговорен е за подготвеноста на силите за заштита и спасување кои ги формира општина Охрид;
4) одлучува за ангажирање на силите за заштита и спасување кои општина Охрид ги формира;
5) раководи и ги координира активностите за заштита и спасување што ги спроведува општина Охрид до активирање на подрачните штабови;
6) го следи остварувањето на акциите за расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди или и други несреќи на подрачјето на општина Охрид;
7) бара помош во ангажирање на просторните сили за заштита и спасување, формирани кај правните лица од подрачјето на општина Охрид;
8) во услови кога со силите за заштита и спасување на општина Охрид не можат да се отстранат последиците од природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување.

**4. Основни цели на Програмата**

Општина Охрид за 2023 година ќе спроведува мерки и активности согласно законските норми, предвидени за сегментите кои се од областа на превенција, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни и други непогоди, како и мерки и активности кои редовно се спроведуваат, а со цел превентивно делување заради заштита на животот и здравјето на населението на подрачјето на општината.

Во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои општина Охрид во соработка со другите надлежни сублекти ќе ги спроведе, како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2023 година.

Општина Охрид настојувајќи да оддржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани.

Со оваа Програма се остваруваат целите и активности во областа на заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Планирањето на развојот, оперативното и тековното планирање на краток, среден и долг рок на системот за заштита и спасување ќе се води и реализира според принципите, критериумите и стандардите кои важат во системот на планирање, програмирање и буџетирање.

Општина Охрид, основните цели на заштитата и спасување ќе ги остварува преку:

- Штаб за заштита и спасување на општина Охрид со следниве единици:
- Универзална единица за заштита и спасување во јачина на вод;
- Просторна специјализирана единица за комунални работи во јачина на вод;
- Просторна специјализирана единица за прва медицинска помош во јачина на одделение;
- Просторна специјализирана единица за противпожарна единица во јачина на одделение;
- Просторна специјализирана единица за заштита и спасување на животни и растенија и производи од животинско и растително потекло во јачина на одделение;
- Планинска спасителна служба;
- ТППЕ-Охрид
- Соработка со сите јавни претпријатија (ЈП Охридски Комуналец, ЈП Градски Пазар, ЈП Водовод, ЈП Градски гробишта, ЈП Нискоградба, ЈП Билјанини извори, ЈП Национални шуми и ЈУ Национален парк Галичица).
- Соработка со подрачните одделенија на Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Министерство за одбрана и МВР.

Основна цел на оваа програма е заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи преку обезбедување на основни средства за финансирање на системот за заштита и спасување со цел превентивно делување на подрачјето на општина Охрид, односно:

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба (пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.);
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на навремено детектирање на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогодата;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување за справување со кризи (обезбедување на основни средства за превентивно делување на подрачјето на општината и соодветни обуки);
- Едукација и подготовка за превентивно делување;
- Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи.

## 5. Програмски активности

| Ред. бр. | Програмски активности |
|---|---|
| 1 | Ажурирање на Проценката на загрозеност на територијата на Општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи |
| 2. | Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Охрид |
| 3. | Ажурирање на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид и просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид |
| 4. | Основна обука на Штабот за заштита и спасување |
| 5. | Специјализирани обуки на просторните сили за заштита и спасување (универзална, за противпожарна заштита, за справување со поплави, земјотреси итн.) |
| 6. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид<br>180.000 ден. х 12 месеци=2.160.000 денари |
| 7. | Набавка на заштитна опрема и средства за Универзална единица за заштита и спасување; |
| 8. | Набавка на заштитна опрема на Просторна специјализирана единица за противпожарна заштита<br>Јакна за шумски пожари<br>Пантолони за шумски пожари<br>Ракавици за шумски пожари-<br>Шлем за шумски пожари-<br>Чизми за чумски пожари-<br>Подкапа |
| 9. | Надоместок на граѓаните за извршување на правата и должностите во заштита и спасување (во зависност од потребите за ангажирање на граѓаните, општинскиот кризен штаб и просторните сили за заштита и спасување) |
| 10. | Оддржување на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли)<br>48.000 ден +18% =56.640 денари |
| 11. | Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи |

## 6. Неопходни финансиски средства

| **Ред. бр.** | **Програмски активности** | **Потребни средства** |
|---|---|---|
| 4. | Основна обука на Штабот за заштита и спасување | 30.000 денари |
| 6. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид<br>180.000 ден. х 12 месеци=2.160.000 денари | 2.160.000 денари |
| 10. | Оддржување на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли)<br>48.000 ден +18% =56.640 денари 4 | 56.640 денари |
| | **Вкупно** | **2.246.640 денари** |

## 7. Финансирање

Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасувањето за 2023 година ќе биде финансирана од Буџетот на општина Охрид за 2023. Дополнителни финасиски средства можат да бидат обезбедени и од донации, спонзорства и проекти.
Одредени активности кои можат да трпат измена во зависност од потребите за заштита и спасување, како и за некои активности кои не се предвидени во програмата, а се во интерес на зголемување на заштитата и реализирање на превентивните мерки за заштитс и спасување од природни непогоди и други несреќи во општина Охрид, ќе се предвидат дополнителни финансиски средства од буџетот на општина Охрид.
По реализација на годишната Програма за заштита и спасување на општина Охрид до Советот на општина Охрид ќе се достави извештај за потрошени финансиски средства за програмските мерки и активности.
Носител и одговорен за реализација на Програмата за заштита и спасување во 2022година е Градоначалникот и Советот на Општина Охрид.
Општина Охрид во соработка со Штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други органи и тела, ќе го следат спроведувањето и реализацијата на оваа Програма. Наведените органи и тела ќе покренуваат иницијативи, ќе даваат мислења и предлози за доследно и квалитетно реализирање на Програмата.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/76** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт- програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/142** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** — **Градоначалник,**
**О х р и д** — **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА

**Вовед**

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид е изготвена согласно Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016) и Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025 и се темели на фактот дека заштита на работа е едно од основните права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со кое се обезбедува чување и унапредување на здравјето на работниците како предуслов за успешна работа и оптимална продуктивност во работењето.

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид ќе обезбеди безбедност и здравје при работа за сите вработени во општина Охрид од секој аспект поврзан со работата. Градоначалникот во рамки на неговите обврски презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства.

Градоначалникот е должен да планира мерки и средства за обезбедување развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа и за менување на постојните технолошки процеси со помалку опасни, односно со побезбедни процеси и да ги прилагоди

мерките земајќи ги предвид променливите околности за подобрување на постојните состојби.
Градоначалникот ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:
- избегнување на ризици,
- проценување на ризиците кои не можат да се избегнат,
- справување со ризиците на самиот почеток,
- прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос на карактеристиките на работното место и работната средина и олеснување на монотоната работа и работата со претходно утврдено работно темпо
- изборот на личната заштитна опрема,
- изборот на хемиски супстанции или препарати,
- изборот на работни и производни методи,
- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето,
- прилагодување кон техничко-технолошкиот напредок,
- замена на опасното со безопасно или помалку опасно,
- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа, технологија, организација на работа, работни услови, меѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина,
- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки и
- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известувања на вработените.

Градоначалникот го прилагодува работниот процес кон способностите на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, земајќи ја предвид природата на работа.

## 1. Цели

Програмата за безбедност и здравје при работа има за цел:
- да овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид,
- подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа,
- процена на секој вид на ризик за сите работни места,
- безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици,
- превентивни мерки за намалување на повреди на работно место,
- позитивна работна култура,
-подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

## 2. Законска регулатива

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023, предвидените активности ги базира на следниве законски акти:

- Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016);
- Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025;

- Програма за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 292/2021;
- Закон за заштита и спасување -Пречистен текст (Сл.Весник на Р.М бр.93/12).
- Закон за пожарникарството (Сл.Весник на Р.М бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16).
- Правилник за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на Република Македонија бр. 26/2018)
- Закон за техничка инспекција (Сл. Весник на Р.М бр. 88/2008 и измените).
- Правилник за користење на лифтови и транспортери (Сл. Весник на Република Македонија 26/2009).
- Закон за безбедност на производи (Сл. Весник на Р.М. 33/2006,63/ 2007).
- Правилник за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови – (Сл. Весник на Р.М бр.
- Правилник за користење на електроенергетски постројки и електрична опрема (Сл. Весник на Р.М. бр. 140/2010);
- Правилник за висина на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа (Сл.Вес. на Р.М бр.275 од 27.12.2019 г).

## 3. Активности

### 3.1. БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**I. Техничка понуда -** Спецификација 1 :

| Бр. | Опис | Кол | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на проценка на ризик на работно место (по работно место) | 25 | 3.540 | 88.500 |
| 2 | Изработка на Концептот на изјава за безбедност (по работно место). | 25 | 300 | 8.850 |
| 3 | Обука на вработените за безбедност и здравје при работа - за помалку од 25 вработени. | | 600 | |
| 4 | Обука на вработените за безбедност и здравје при работа - на 25 и повеќе вработени. | 264 | 472 | 124.608 |
| 5 | Мерење на микроклиматски услови температура, влажност, стуење на воздух (по мерно место – моментгално – летно или зимско ) - до 25 мерни места. | | 500 | |
| | Мерење на микроклиматски услови температура, влажност, стуење на воздух (по мерно место – моментгално – летно или зимски ) - над 25 мерни места. | 26 | 472 | 12.272 |
| 6 | Мерење на Осветленост (по мерно место – моментално) - до 25 мерни места. | | 300 | |
| | Мерење на Осветленост (по мерно место – моментално) - над 25 мерни места. | 26 | 236 | 6.136 |
| 7 | Мерење на Бучава (по мерно место - Моментално) - до 25 мерни места. | | 300 | |
| | Мерење на Бучава (по мерно место - Моментално) - над 25 мерни места. | 26 | 236 | 6.136 |
| 8 | Обука на претставници од вработените за противпожарна заштита, евакуација и спасување. | 7 | 708 | 4.956 |
| 9 | Технички преглед и периодично испитување на отпор на заземјување на громобранска инсталација*. | 2 | 600 | 0 |
| 10 | Редовно тестирање и контрола на работната опрема : (Машина). Парен котел | 2 | 2.950 | 5.900 |
| | **Вкупно** | | | **257.358 ден.** |

* Технички преглед и периодично испитување на отпор на заземјување на громобранска инсталација на општина Охрид е направен на 05.05.2022 година и е со важност до 05.05.2025 година.

Цените се според Правилник за висина на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа (Сл.Вес. на Р.М бр.275 од 27.12.2019 г).

**Напомена: Техничката понуда-спецификација 1 е во согласност со актуелната систематизација на општина Охрид и доколку има измена на систематизацијата и техничката понуда ќе трпи измени.**

## 3.2. Дополнителни здравствени прегледи и обуки за прва помош

**II. Техничка понуда -** Спецификација 2 :

| **Бр.** | **Опис** | **Кол.** | **Цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Дополнителни лекарски прегледи за работни места со зголемен ризик | 40 | 1416 | 56.640 |
| 2. | Обука на претставници од вработените за давање на прва помош | 15 | 1416 | 21.240 |
| | **Вкупно** | | | **77.880 ден.** |

### 3.3. ОВЛАСТЕНО ПРАВНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ

I. **Техничка понуда** - Спецификација бр 3*:

| **Бр.** | **Опис** | **Месец** | **Цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016). | 12 | 2.950 | 35.400 |
| | **Вкупно** | | | **35.400 ден.** |

***За спецификација бр.3, цената е по договор.**

## 3.4. Испитување на ОПРЕМА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

**I. Техничка понуда - Спецификација бр.4**

| **Бр** | **Опис** | **Кол** | **Цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **I** | **Одржување сервисирање и испитување на ПП Апарати ;** (Сл.Вес. на Р.М бр. 74/06) член 9,10,11 .Одржувањето,сервисирањето и испитувањето на рачните преносни и рачните превозни противпожарни апарати се врши согласно техничките нормативи, стандарди и упатства на производителот. Одржувањето на противпожарни апарати опфаќа: | | / | |
| 1. | **Редовен визуелен преглед** (го врше сопственикот - корисникот на пп апаратот и тоа најмалку еднаш месечно) | | / | |
| 2. | **Сервисен преглед и контролно испитување. (Сервисен преглед и полнење на ппа го врше правно лице со овласување од ДЗС).** Сл.Вес.на РМ бр.74/06 Сервисниот преглед се врши најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто во зависност од условите и пожарното оптоварување. | | / | |
| | Противпожарен апарат S -9 | 17 | 354 | 6.018 |
| | Противпожарен апарат S – 50 | 2 | 354 | 708 |
| | Противпожарен апарат Цо2 5 Лит. | 4 | 354 | 1.416 |
| 3. | **Полнење на противпожарни апарати*:** | | | |
| | Полнење на ППА со прашок АБЦ – 40 Противпожарен апарат S-9 | 4 | 1.274 | 5.097 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Полнење на ППА со прашок АБЦ – 40 Противпожарен апарат S-50 | 1 | 7.080 | 7.080 |
| | Полнење на ППА со Цо2 5 Лит | 2 | 708 | 1.416 |
| II | **Одржување и сердвисирање на стабилни инсталации за откривање јавување и гаснење на пожари и експлозивни смеси ;** Сл.Весник на Р.М бр.74/06) член 4. Одржувањето, сервисирањето и испитувањето на уредите, инсталациите за заштита од пожари за автоматско откривање и јавување на пожари, автоматско откривање и гаснење на пожари и уреди и инсталации за рачно јавување на пожари. | | / | |
| 1. | **Испитување на Хидранти**. | | | |
| 1.1 | Мерење на статички, динамички притисок и проток на вода | 6 | 590 | 3.540 |
| 1.2 | Испитување на Хидрантски противпожарни црева. | 6 | 354 | 2.124 |
| 1. | **Испитување на ПРОТИВПОЖАРНА Централа** | 1 | 7.080 | 7.080 |
| | **Вкупно** | | | **34.479 ден.** |

*Полнењето на ПП апаратите зависи од тоа дали се употребени, доколку не се употребени нема потреба од полнење.

## 3.5. Набавка и сервисирање на ПП апарати за службени возила

**I.Техничка понуда - Спецификација бр.5**

| Бр | Опис | Кол | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| I | **Набавка на ПП апарати за службени возила** | | / | |
| 1. | Противпожарен апарат S -6 | 1 | 2.301 | 2.301 |
| | Противпожарен апарат S -2 | 7 | 1.298 | 9.086 |
| 2. | **Сервисен преглед и контролно испитување. (Сервисен преглед и полнење на ппа го врше правно лице со овласување од ДЗС).** Сервисниот преглед се врши два пати годишно, а по потреба и почесто во зависност од условите и пожарното оптоварување. | | / | |
| | Противпожарен апарат S -6 | 2 | 354 | 708 |
| | Противпожарен апарат S – 2 | 14 | 354 | 4956 |
| | **Вкупно** | | | **17.051 ден.** |

### 3.6. Технички преглед периодично испитување на нисконапонска електрична инсталација

**I. Техничка понуда -** Спецификација бр.6:

| I | **Нисконапонски електрични инсталации :** | Кол. | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Испитување на отпорност на струен круг (јамка). | 1 | 35.400 | 35.400 |
| | **Вкупно** | | | **35.400 ден** |

## 3.7. Технички преглед и периодично испитување на лифт

**I** Техничка понуда - Спецификација бр.6:

| Бр. | Опис | Кол | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Лифтови за превоз на лица, за превоз на лица и стоки или за превоз само на стоки со пристап на лица во кабината. | 2 | 7.080 | 14.160 |
| **2.** | **Оцена на сообразност на лифтови:** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Поединечна верификација (модул “G”). | | | |
| 2.2 | Испитување на тип (модул “B”). | | | |
| 2.3 | Завршна инспекција. | | | |
| | **Вкупно** | | | **14.160 ен.** |

## 3.8. Обука на вработени за безбедност и здравје при работа

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Едукација преку семинари, обуки и работилници за безбедност и здравје при работа за вработени кои во делокруг на работа извршуваат работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа | | | 10.000 |
| | **Вкупно** | | | **10.000 ден** |

## 3.9. Финална финансиска конструкција

| **Бр.** | **Опис** | **Вкупно со ДДВ** |
|---|---|---|
| 1 | **Безбедност и здравје при работа** | **257.358** |
| 2 | **Дополнителни здравствени прегледи и обуки за прва помош** | **77.880** |
| 3 | **Овластено правно лице за вршење стручни работи** | **35.400** |
| 4 | **Испитување на опрема за противпожарна заштита** | **34.479** |
| 5 | **Набавка и сервисирање на ПП апарати за службени возила** | **17.051** |
| 6 | **Технички преглед периодично испитување на нисконапонска електрична инсталација** | **35.400** |
| 7 | **Технички преглед и периодично испитување на лифт** | **14.160** |
| 8 | **Обука на вработени за безбедност и здравје при работа** | **10.000** |
| | **Вкупно** | **481.728 ден.** |

## 4. Финансирање

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид 2023 ќе биде финансирана од Буџетот на општина Охрид за 2023.
Дополнителни финасиски средства можат да бидат обезбедени и од донации, спонзорства и проекти.
Одредени активности кои можат да трпат измена во зависност од промените на ситематизација на работни места на општина Охрид, како и за некои активности кои не се предвидени во програмата, а се во интерес на зголемување на безбедноста и здравјето на вработените во општина Охрид , ќе се предвидат дополнителни финансиски средства од буџетот на општина Охрид.
По реализација на годишната Програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид до Советот на општина Охрид ќе се достави извештај за потрошени финансиски средства за програмските мерки и активности.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/77** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Охрид за 2023 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/143**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ПРОГРАМА**
**ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

Според Законот за градежно земјиште (Сл. весник на РСМ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), градежното земјиште може да биде во сопственост на РСМ, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општина Охрид донесува Советот на Општина Охрид.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште на РМ управува Владата на РМ.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во Градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на РМ може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за РСМ, а уредувањето на градежно земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичко планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект поставен со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура. Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно партнерство), даде под долготраен или краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**ПРОГРАМА**

**1.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

**1.1.Општи цели на програмата**

Севкупниот социо - економски развој на Општината се обезбедува со донесување на Стратегии за развој и Акциони планови за работа од општ и посебен карактер, базирани на претходно изработени проценка и анализа на заедницата во сите тематски области во кои општината има надлежности.

Со Законот за градежно земјиште дадена е можност на Општината, спроведувањето на Акционите планови за развој најсоодветно да ги реализира согласно потребите од простор за организирана дејност на заедницата, со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и социјална рамнотежа во Општината.

Програмата ги поставува основите за правилно управување со градежното земјиште, со обезбедување услови на заедницата за долгорочен и одржлив социо - економски развој.

1.2.Конкретни цели на програмата

Управувањето на градежното земјиште е условено од потребите на одредени субјекти за реализација на својата дејност, а во согласност со Акционите планови на Општината.

Конкретните програмски определби за управувањето со градежното земјиште се базирани на туризмот како просторно екстензивна дејност која ги диктира потребите од квалитетен простор. Туризмот како дејност е во основата на општиот социоекономски развој на Општина Охрид.

## 2.ОБЕМ И ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Согласно Законот за градежно земјиште, управувањето ќе биде спроведено преку следните модалитети на правото на градежно земјиште во сопственост на РСМ: да се отуѓува, да се даде на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство, да се даде под долготраен закуп, да се даде под краткотраен закуп, да се разменува.

2.1.Детален преглед на градежни парцели групирани по предвидена активност се дадени во табеларните прегледи во Програмата

- **Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање**

**1. Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање**

| кат.парцела | урб.документација | Г.П. | условиза градба | | | | | | | | | | сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | површинана градежнапарцела | површиназа градење | Процент на изграденост | вкупнаповршинапокатови | коефициентнаискористеност | наменаназемјиштеиградби: класананамена | компатибилнакласананамена | максималендозволен%научествоназбирот | катност | максималнависинадовенец | |
| | | | м2 | м2 | % | м2 | К | | | % | | м1 | |
| **1219/1КО ДолноЛакоче рејвонград** | *УПВНМ-Индустрисказона Мауцкер,КОДолно Лакочереј вонград,општина Охрид* | 1.1 | 2728 | 644 | 24% | 966 | 0,4 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | ***Република Македонија*** |
| | | 1.2 | 32437 | 13237 | 41% | 19856 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.3 | 4375 | 1452 | 33% | 2178 | 0,5 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.4 | 6434 | 2515 | 39% | 3773 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.5 | 9965 | 3773 | 38% | 5660 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.6 | 11928 | 4929 | 41% | 7394 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.7 | 9058 | 3737 | 41% | 5606 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.8 | 15096 | 6164 | 41% | 9246 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.9 | 12742 | 5258 | 41% | 7887 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.10 | 12244 | 5125 | 42% | 7688 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.11 | 12074 | 5038 | 42% | 7557 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |
| | | 1.14 | 2301 | 663 | 29% | 995 | 0,4 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | |

**Градежни парцели кои се предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање**

2. Градежни парцели кои се предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање

| | | | условизаградба | |
|---|---|---|---|---|

| кат.парцела | урб.документација | Г.П. | површинана градежнапарцела | површиназ аградење | вкупнаповршинапокатови | наменаназемјиштеиградби | | | катност | максималнависинадовенец | сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | класананамена | компатибилна класананамена | максималендозволен%научествона збиротна компатибилнитекласи на намени | | | |
| | | | м2 | м2 | м2 | | | % | | м1 | |
| **4265/1КО Охрид4** | ДУПзаУЗ4, блок4.7, опфат2 | **4.7.3** | 21523 | 12080 | 60400 | **Б5хотелски комплекс** | **Б1,Б2,Б3, Б4,Б6,Б2, Б3,Д3** | 40 | П+4 | 17,50 | *Република Македонија* |

- **Градежни парцели кои се предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство се: парцели кои се предмет на јавно приватно партнерство од причини што тоа ќе носи придобивка од јавен интерес, што значи особено заштеда на трошоци за општината, повисок стандард на дадени јавни услуги или други јавни погодности**

**3. Градежни парцели кои се предмет надавање на користење со јавно приватно партнерство**

| кат.парцела | урб.документација | Г.П. | услови за градба | | | | | | | | | | сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | површинана градежнапарцела | површиназ аградење | процентна изграденост | вкупнаповршинапокатови | коефициентна искористеност | наменаназемјиштеиградби | | | катност | максималнависинадовенец | |
| | | | | | | | | класананамена | компатибилна класананамена | максималендозволен%научествон азбиротна компатибилнитек ласина намени | | | |
| | | | м2 | м2 | % | м2 | К | | | % | | м1 | |
| **14761/8,14761/2, КООхрид3** | ДУПзаУЗ1делодУБ 1.3опфат1 | **1.31** | 1216 | 1131 | | 6785 | | **Е2 катна гаража** | | | П+5+те | 18.00 | *РепублиkaМаке* |
| **5609/16,5609/1, 5602/3,5609/2, 5597/2,5609/3и др.** | АУПзаспортскицентар | **1.02.9** | 10000 | 10000 | | 20000 | | **Е2 катна гаража** | | | П+1 | 6.00 | *Република Македонијаиприватнисопственици* |

## 3.МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Стратегијата преставува план на акции за остварување на поставените цели.

Промоцијата на градежното земјиште во сопственост на РМ кое ќе биде на располагање на подрачјето на Општина Охрид, ќе биде согласно стратегијата која како средство за исполнување на бизнис целите преку Акционите планови за развој на Општина Охрид ќе овозможи одржлив економски пораст, кој носи економска корист и социјална рамнотежа во општината.

3.1.Дефинирање на целни групи на градежни парцели

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтересирани страни за купување/изнајмување на одредени делови на градежно земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијални

купувачи/најмувачи на градежното земјиште и идни инвеститори.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да биде различно. Согласно тоа идентификувањето на целните групи ќе биде преку спроведените анкети, форуми, консултации со заинтересирани субјекти, претходно изработени процени и анализи на заедницата во сите тематски области во кои општината има надлежности

3.2.Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали

Во зависност од идентификуваните целни групи, односно заинтересираните субјекти, ќе се поставаат најефикасните маркетинг пристапи за комуницирање односно промовирање на понудата до заинтересираните страни, бидејќи само така ќе се обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

3.3.Дефинирање на временска рамка за имплементација на маркетинг стратегијата

Маркетинг стратегијата ќе се врши континуирано се до реализација на Програмата.

4.ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

4.1.Пропишување на условите за наддавање

Се пропишуваат односно се определуваат следниве параметри:

- Висина на депозит за учество
- Определување на интернет страница на која ќе се врши надавањето
- Определување на условите за учество
- Пропишување на други обврски и останати релевантни информации во врска со наддавањето

4.2.Надлежности за реализација на Програмата

Надлежност за спроведување на постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ, има Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на Општина Охрид согласно Законот за градежно земјиште.

**5.ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРИЛИВИ ПО ОСНОВ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА(Приходна страна на Програмата) се додаваат Табела 1 и 2)**

**Табела 1**

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно** | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | условизаградба | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | наменана земјиште иградби | | | | | |

| кат.парцела | урб.документација | Г.П. | површинана градежнапарцела | површиназ аградење | процентна изграденост | вкупна површинапо катови | коефициентнаис користеност | класананамена | компатибилнакласананамена | максималендозволен%научествоназбирот | катност | максималнависинадо венец | минималнацена | расходипопостапкатазаотуѓување | сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | м2 | м2 | % | м2 | К | | | % | | м1 | | | |
| **1219/1КО ДолноЛакочерејвонград** | *УПВНМ-Индустрисказона Мауцкер,КОДолноЛакочерејвонград,општина Охрид* | 1.1 | 2728 | 644 | 24% | 966 | 0,4 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 193.688,00 | 8000,00 | ***PM*** |
| | | 1.2 | 32437 | 13237 | 41% | 19856 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 2.303.027,00 | 8000,00 | |
| | | 1.3 | 4375 | 1452 | 33% | 2178 | 0,5 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 310.625,00 | 8000,00 | |
| | | 1.4 | 6434 | 2515 | 39% | 3773 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 453.814,00 | 8000,00 | |
| | | 1.5 | 9965 | 3773 | 38% | 5660 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 707.515,00 | 8000,00 | |
| | | 1.6 | 11928 | 4929 | 41% | 7394 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 846.888,00 | 8000,00 | |
| | | 1.7 | 9058 | 3737 | 41% | 5606 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 643.118,00 | 8000,00 | |
| | | 1.8 | 15096 | 6164 | 41% | 9246 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 1.071.816,00 | 8000,00 | |
| | | 1.9 | 12742 | 5258 | 41% | 7887 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 904.682,00 | 8000,00 | |
| | | 1.10 | 12244 | 5125 | 42% | 7688 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 869.324,00 | 8000,00 | |
| | | 1.11 | 12074 | 5038 | 42% | 7557 | 0,6 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 857.254,00 | 8000,00 | |
| | | 1.14 | 2301 | 663 | 29% | 995 | 0,4 | **G2леснаиндустрија** | **B1,B2,G3,G4,D1,D2** | 49 | | 15,00 | 163.371,00 | 8000,00 | |
| | | | | | | | | | | Вкупно: | | | **9.325.122,00** | **96.000,00** | |

## Табела 2

**Градежни парцели кои се предмет на издавање поддолготраен закуп по пат на јавно наддавање**

| кат.парцела | урб.документација | Г.П. | условизаградба | | | | | | | | | | сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | наменаназемјиштеиградби | | | | | | | |
| | | | површинана градежнапарцела | површиназ аградење | вкупнаповршинапокатови | класананамена | компатибилнакласанамена | максималендозволен%научествоназбиротнакомпатибилнитекласинамени | катност | максималнависинадовенец | минималенприход | расходидоденотнапостапката | |
| | | | м2 | м2 | м2 | | | % | | м1 | | | |
| **4265/1КО Охрид4** | ДУПзаУЗ4, блок4.7,опфат2 | **4.7.3** | 21523 | 12080 | 60400 | **Б5хотелскикомплекс** | **Б1,Б2,Б3,Б4,Б6,Б2,Б3,Д3** | 40 | П+4 | 17,50 | 1.528.133,00 | 8.000,00 | *PM* |
| | | | | | | | | | **Вкупно:** | | **1.528.133,00** | **8.000,00** | |

**Проценка на финансиските приходи кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за м2 градежно земјиште по зони ќе биде определена.**

1. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

ПРОГРАМАТА (Расходна страна на Програмата)

| | | Минимален приход | Расход од водена постапка |
|---|---|---|---|
| **табела1** | **Отуѓување по пат на јавно наддавање** | **9.325.122,00** | **96.000,00** |
| **табела2** | **Издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање** | **1.528.133,00** | **8.000,00** |
| | | | |
| **Вкупно:** | | **10.853.255,00** | **104.000,00** |

Финансиските средства потребни за реализација напрограмите гиопфаќа проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следниве активности:

-Трошоци по основнаадминистрирањенапостапките заотуѓување

- Трошоци по основнаексропријација

- трошоци по основнакупување наградежно земјиште одфизички и правни лица

- Трошоци запромовирање, односно рекламирањена градежните парцелиштоќебидатпредмет наотуѓување,односно давање подзакупна градежното земјиште

1. ПРЕОДНИИЗАВРШНИОДРЕДБИ

- Програмата може да се изменува и дополнува на начини по стапкапо која и се донесува
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/78** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ-РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2023-2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2023-2025 година, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/144** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ-РАЗВОЈНА ПРОГРАМА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2023-2025 ГОДИНА**

Развојна Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023-2025 година, изработена од Секторот за комунални дејности , сообраќај и улици - ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува Општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

- подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;
- асфалтирање и реконструкција на улици и пристапни патишта во урбани средини;
- поплочување и одржување на тротоари и улици во урбани средини;
- партерно уредување на јавни сообраќајни површини ;
- изградба на системи за водоснабдување во урбани средини ;
- изградба и реконструкција на фекална канализација во урбани средини;
- изградба и реконструкција на атмосферска канализација во урбани средини;
- асфалтирање и реконструкција на улици и пристапни патишта во рурални средини;
- поплочување и одржување на тротоари и улици во рурални средини;

- изградба на системи за водоснабдување во рурални средини ;
- изградба и реконструкција на фекална канализација во рурални средини;
- изградба и реконструкција на атмосферска канализација во рурални средини.

Согласно погоре наведенот, со оваа програма во периодот за кој се однесува ќе се реализираат активности кои се однесуваат и проекти за водоснабдување, со што во голема мера ќе се подобри квалитетот на живот во Општина Охрид.

Проширувањето на градежните зони, зголемувањето на населението во градот ја налага потребата од натамошно размислување за зголемување на водоснабдувањето на град Охрид и околните населени места. Обезбедувањето на чиста вода за пиење со поевтини трошоци по пат на гравитација, налага водоводно каптирање на сите извори со акцент на реализација на проектот за водоснабдување на Охрид и населените места со вода од Изворот Дувло.

Со оваа програма исто така ќе се реализираат инфраструктурни зафати кои се тесно поврзани со изградба на системи за одведување на канализациона и одпадна вода како и изградба на системи за одведување на атмосверска канализација. Посебен акцент ќе се стави на реализација на проекти поврзани со одведување на атмосверска канализација.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

А) Надомест за уредување на градежно земјиште
Б) Изворни приходи на општината
В) Средства од разни домашни и меѓунардни институции

## ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од правни и физички лица а се однесуваат на спроведување на детални урбанистички планови..

## РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2023 – 2025 година

### А. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ПЛАЌАЊЕ СТАРИ ОБВРСКИ

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно детални урбанистички планови и издадени одобренија за градба | 21.000.000,оо |
| 2 | Обврски за плаќање по спогодби и договори од претходни години | 46.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **67.000.000,оо** |

**Б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕЛАБОРАТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна и техничка документација** | |
| 1.1. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба, реконструкција, санација и одржување на улична патна мрежа | 7.500.000, оо |
| 1.2. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба на водоводна мрежа, резервоари и друга опрема | 3.000.000, оо |
| 1.3. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба и реконструкција на канализациони и атмосферски системи | 4.500.000, оо |
| 1.4. | Стручна ревизија на проекти | 1.500.000, оо |
| 1.5 | Изработка на елаборати за заштита на животна средина при изготвување на проекти | 900.000, оо |
| 1.6 | Изработка на геодетски елаборати | 1.400.000,оо |
| 1.7 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржавање на објекти | 1.700.000,оо |
| 1.8 | Трошоци за лабараториско испитување на квалитетот на материјали и консултански услуги | 900.000,оо |
| 1.9 | Трошоци за геомеханички испитувања | 800.000,оо |
| ВКУПНО : | | **22.200.000,оо** |

**В.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

**В. 1 АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на кружна крстосница кај Здружение на возачи и дел од ул. „ 7 – Ми Ноември “ до пресек со ул. „ Егејска “ | 40.000.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Реконструкција на ул. „ Прилепска “ | 7.000.000,оо |
| 3. | Реконструкција на дел од ул. „ Мирче Ацев “ | 6.000.000,оо |
| 4. | Реконструкција на ул. „ Ариф Мустафа “ | 4.000.000,оо |
| 5. | Реконструкција на дел од ул. „ Шар Планина “ | 3.200.000,оо |
| 6. | Реконструкција на дел од ул. „ Сатеска “ | 7.600.000,оо |
| 7. | Реконструкција на дел од ул. „ Кленоец “ | 5.500.000,оо |
| 8. | Реконструкција на дел од ул. „ Петрино“ | 6.200.000,оо |
| 9. | Реконструкција на улици во населба Гоце Делчев | 11.200.000,оо |
| 10. | Изградба и реконструкција на паркинг места | 5.800.000,оо |
| 11. | Реконструкција краци на ул. „ Ристо Чадо “ | 6.000.000,оо |
| 12. | Асфалтирање, тампонирање и реконструкција на пристапни патишта до објекти врз основа на издадени одобренија за градба и извршена легализација | 36.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **138.500.000,оо** |

Нацрт- Буџетот на Општина Охрид за 2023 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник “ на општина Охрид.

**Број 08-16213/90**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за изменување на одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар - Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/155**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар - Охрид бр.02-593/6 од 10.11.2022 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-592/5 од 10.11.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/91** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

02-593/6
10.11.2022

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 20 од Статутот на ЈП Градски Пазар, Управниот Одбор на ЈП Градски Пазар-Охрид, на својата седница одржана на ден 10.11.2022 година, донесе :

**ОДЛУКА**

**За Измена на Одлуката бр.02-69/1 од 13.01.2018година, бр.02-589/5 од 18.12.2019 година, бр.02-143/6 од 28.02.2020година за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар- Охрид**

**Член 1**

Со оваа одлука Управниот Одбор на ЈП Градски Пазар – Охрид ја Изменува и утврдува висината на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар-Охрид за:
-пазаришната така;
-надоместокот за користење под закуп на продажно место тезга;
-надоместокот за користење под закуп на продажно место-штандови и друг простор;
-надоместокот за користење под закуп на продажно место на недвижни ствари (деловни простории);
-надоместокот за користење на услуги од паркинг простор;
-надомест за издавање на друг простор во сопственост на ЈП Градски Пазар Охрид

**Член 2**

Корисниците на услугите се должни за користење под закуп на продажно место – тезга за продажба на земјоделки и занаетчиски производи да платат дневна пазаришна такса(дулија) во износ од по:

- 50.00ден. За периодот од месец јануари до месец април и за месеците ноември и декември и
- 70.00 ден. За период од месец мај до месец октомври.

Во висината на надоместокот од став 1 на овој член е пресметан и данокот на додадена вредност.

**Член 3**

| ***Закуп на*** | *кат.* | *закуп на 1 мес. (ден., со ДДВ)* | | *закуп на 3 мес. (ден., со ДДВ)* | | *закуп на 6 мес. (ден., со ДДВ)* | | *закуп на 12 мес. (ден., со ДДВ)* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *месечна рата* | *вкупно* | *месечна рата* | *вкупно* | *месечна рата* | *вкупно* | *месечна рата* | *вкупно* |
| **Продажно место за земјоделски производи** | 1 | 8203.00 | 8203.00 | 5902.00 | 17706.00 | 4805.12 | 28830.72 | 4003.75 | 48045.00 |
| | 2 | 7553.00 | 7553.00 | 5252.00 | 15756.00 | 4165.12 | 24990.72 | 3378.75 | 40545.00 |
| | *3* | 6903.00 | 6903.00 | 4602.00 | 13806.00 | 3525.12 | 21150.72 | 2753.75 | 33045.00 |
| | 4 | 6253.00 | 4810.00 | 3952.00 | 11856.00 | 2885.12 | 17310.72 | 2128.75 | 25545.00 |
| **Продажно место за пиљара** | 1 | 9154.60 | 7042.00 | 6566.30 | 19698.90 | 5308.16 | 31848.96 | 4385.00 | 52620.00 |
| | 2 | 8504.60 | 8504.60 | 5916.30 | 17748.90 | 4668.16 | 28008.96 | 3760.00 | 45120.00 |
| | *3* | 7854.60 | 7854.60 | 5266.30 | 15798.90 | 4028.16 | 24168.96 | 3135.00 | 37620.00 |
| | 4 | 7204.60 | 7204.60 | 4616.30 | 13848.90 | 3388.16 | 20328.96 | 2510.00 | 30120.00 |
| **Продажно место за бижутерија** | 1 | 0.00 | | 5574.40 | 16723.20 | 4380.16 | 26280.96 | 3405.00 | 40860.00 |
| | 2 | 0.00 | | 5062.20 | 15186.60 | 3952.64 | 23715.84 | 3072.50 | 36870.00 |
| **Продажно место за текстил** | 1 | 0.00 | | 0.00 | | 6922.24 | 41533.44 | 6760.00 | 81120.00 |
| | 2 | 0.00 | | 0.00 | | 6292.48 | 37754.88 | 6145.00 | 73740.00 |
| **Продажно место за јајца** | | 0.00 | | 0.00 | | 4908.80 | 29452.80 | 3810.00 | 45720.00 |
| **Продажно место за сирење** | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 1475.00 | 17700.00 |
| **Продажно место за мед и кори** | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 1475.00 | 17700.00 |
| **Мал плац** | | 0.00 | | 0.00 | | 0.00 | | 1.524,оо | 18.285,оо |

| | |
|---|---|
| **Издавање на преносни тезги за манифестации** | 650.00 ден./ден |
| **Издавање на неизградено земјиште** | 568.00 ден./м$^2$ /месечно |

Надоместокот за користење под закуп продажни места- тезги и штандови е утврден во зависност од видот на производите за кои се користи продажното место, периодот во кој ќе се користи продажното место, како и местоположбата на продажното место и тоа;

Во висината на надоместок утврден во табеларниот преглед од став 1 на овој член е пресметан данокот на додадена вредност и истиот е на товар на корисниците на услугите.
Доколку за едно исто продажно место се заинтерисирани повеќе кандидати издавањето под закуп ќе се реализира по пат на електронско- јавно наддавање со почетни цени во висината утврдена во табеларниот преглед од став 1 на овој член.
За корисниците на услугите кои се заинтересирани за дневно користење на продажно место- тезга за продажба на земјоделски производи надоместокот за користење на тезгата за еден ден изнесува 340,00 денари, освен во пазарен ден (понеделник) кога дневниот надоместок изнесува 180,00 денар. Во висината на дневниот надоместок за користење на тезга за продажба на земјоделски производи е вклучен и данокот на додадена вредност.

**Член 4**

Надоместокот за користење под закуп на продажно место за продажба на големо во Пазар на големо изнесува 8.000,оо Ден/месечно. Договорите за закуп на проджно место се склучуваат за период од најмалку три месеци.
Во висината на надоместокот од став 1 на овој член не е пресметан данокот на додадена вредност и истиот е на товар на корисниците на услугите.

**Член 5**

Надоместокот за користење на услуги од паркинг простор се утврдува вио зависност од видот на возилото и периодот во кој се паркинг простор и тоа:

| | автомобили | Комбе и камион до 3 тона |
|---|---|---|
| Првите 20 минути | Гратис | Гратис |
| Од 07.00-20.00 | 30,00ден | 100,оо ден |
| дневна карта (24 часа од купување) | 300,оо ден | 600,оо ден |

| | | |
|---|---|---|
| За период од еден месец | 1.800,оо ден | 3.600,оо ден |
| За период од една година | 18,000.оо ден | 36.000,00ден |

**Член 6**

Надоместокот за издавање на простор во квадратура не поголема од 2 $м^2$ , за поставување на кафемати, сандак за сладолед, банкомат и слична друга урбана опрема во ЈП Градски Пазар-Охрид изнесува:

- Простор за поставување на кафемат- 2,500.00 денари
- Сандаци за сладолед -2,500.00 денари
- Банкомат – 5,000.00 денари

Цените се со вклучен ДДВ

Закупецот на просторот е должен да ја надомести и потрошената електрична енергија во висина на стварниот трошок а врз основа на поставено контролно броило или пресметка на потрошената енергија од овластно лице.

Начинот на надоместување на потрошокот на ел.енергија од став еден од овој член, ќе биде регулиран во договорот склучен со корисникот на просторот.

**Член 7**

Издавањето на деловните простории ќе се спроведе согласно Законот за користење и располагање на стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост со време траење на закупот до 5 години.

Почетен износ на месечна закупнина за издавање на деловните простории и јавниот тоалет согласно Извештаите од 08.04.2022 година и Извештај од 21.01.2022 година, за извршената проценка од овластен проценител изнесува:

- Деловен простор бр.1 евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.1 изнесува 13,758.00 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.
- Деловен простор бр.2 евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.2 изнесува 13,569.00 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор бр.3 евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.3 изнесува 13,764.25 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.4 изнесува 14,524.75 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.5 изнесува 13,592.18 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.6 изнесува 15,881.38 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.7 изнесува 16,556.74 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.8 изнесува 17,480.48 денари или 0,5% од проценентата вредност на овластениот проценител.

- Јавни тоалети евидентирани на кп 14766/3 со вкупна квадатура од 60$м^2$ и означен како простор бр.9 изнесува 7.109.07 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентирани на кп 14766/6 со вкупна квадатура од 34$м^2$ и означен како простор бр.4 на приземје во новата зграда од пазарот изнесува 20.354.71 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентирани на кп 14766/6 со вкупна квадатура од 35$м^2$ и означен како простор бр.5 на приземје во новата зграда од пазарот изнесува 20.903.36 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител.

- Деловен простор евидентирани на кп 14766/6 со вкупна квадатура од 68$м^2$ бр.11 со намена А во новата зграда од пазарот изнесува 25.174,оо денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител

- Деловен простор евидентирани на кп 14766/6 со вкупна квадатура од 109,5$м^2$ бр.10 со намена А во новата зграда од пазарот изнесува 42.388,оо денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител

**Член 8**

Ова Одлука влегува во сила по добивање на согласност од страна на Советот на Општина Охрид

**Член 9**

Со влегување во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката бр.02-69/1 од 13.01.2018година, бр.02-589/5 од 18.12.2019 година, бр.02-143/6 од 28.02.2020година донесена од Управниот Одбор на ЈП Градски Пазар- Охрид.

**Управен Одбор на**
**ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР- Охрид**
**Претседател**
**Никола Маслов,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ И КАТАЛОГОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА И ВИЗУЕЛНА УНИФИКАЦИЈА НА ЛОКАЦИИТЕ ОПФАТЕНИ СО АНАЛИЗАТА НА ВИЗУЕЛНОТО ОПТЕРЕТУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/156** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

**Бр. 09-16323/1**
**Од 23.11.2022 година**

Врз основа на член 81 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11,54/11, 13/12, 144/12 и 25/13), Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05,137/07,91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) Закон за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13,

137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16), Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр. 47/11 и 154/15), Градоначалникот на општина Охрид, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со Анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид**

## I - ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат видот, типот, категориите и карактеристиките на стандардизирана и визуелно унифицирана урбана текстура, урбан мобилијар и утилитарни објекти, типолошки серии на опрема, материјали за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на урбана опрема за јавни површини на територијата на градот Охрид.

**Член 2**

Просторниот опфат на примена на овој правилник ја опфаќа следната територија:

I.

- Плоштадот пред црквата Св.Софија,
- ул.Коста Абраш и Цар Самоил,
- Плоштадот Св.Климент Охридски,
- Чаршијата долж ул .Св Климент Охридски,
- Плоштадот Крушевска Република, продолжението до Бул.Туристичка и дел од чаршијата до пресекот со ул.Гоце Делчев.

II. Старото градско јадро на Охрид и неговата контактна зона, со граници и површина утврдени во Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр. 47/11) и Закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр. 154/15)

III. Во територијалните граници на општина Охрид.

**Член 3**

1) Категориите на урбана опрема опфатени со правилникот се следните:

1. А. ОПРЕМА ОД УРБАН МОБИЛИЈАР
а1. Елементи за седење
а.1.1. Клупи со наслон, клупи без наслон

2. Б. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОТПАД (ѓубре)
б1. Корпи за отпад
б2. Надземни контејнери

б3. Контејнери за рециклирачки отпад

3. В. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ
в1. Слободно стоечки светилки,
в2. Висечки светилки,
в3. Конзолни светилки,
в4. Осветлување на фасади, објекти, амбиенти (илуминација)

4. Г. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ
г1. Елементи за обележување на споменици на култура и објекти од значење
г1.1. Зидни, подни и самостоечки табли
г.1.2. Зидни самостоечки паноа, медиумски екрани
г1.3. Сигнализација на правци, самостоечки тотеми, зидни или конзолни табли

5. Д. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОГЛАСУВАЊЕ
д1. Фирми, табли, плочи за огласување
д2. Опрема и елементи за рекламирање
д3. Елементи за огласување на угостителски, услужни, трговски и други дејности

6. Ѓ. УТИЛИТАРЕН МОБИЛИЈАР
ѓ.1. Маси, столици, опрема за разделување на простор- (жардењери, паравани и сл
ѓ.2. Тезги за продажба на отворено

7. Е. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ЗАСЕНЧУВАЊЕ
е.1. Тенди – самостоечки и конзоли
е.2. Чадори
е.3. Настрешници

8. Ж. ЕЛЕМЕНТИ ОД ИНФРАСТРУКТУРА
ж.1. Ормари за струја
ж.2. Капаци за шахти на урбаните површини
ж.3. Хидранти, чешми, фонтани

9. З. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ТРЕТМАН НА ВЕГЕТАЦИЈА
З.1. Подни решетки за стебла,
З.2. Заштитни огради за стебла и жардењери

10. Ѕ. ЕЛЕМЕНТИ ЗА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОВРШИНИТЕ
ѕ.1. Столбчиња
ѕ.2. Рампи и друг вид ограничувања
ѕ.3. Камени и бетонски граничници
ѕ.4. Зидани и друг вид на огради

11. И. ОБРАБОТКА НА ПАРТЕР
и.1. Поплочување улици, тротоари, плоштади, денивелации

и.2. Потпорни зидови
и.3. Уредување на зелени површини
и.4. Огради, жардениери

2) Составен дел на овој правилник претставува и Каталогот на стандардизирана и визуелно унифицирана урбана текстура, урбан мобилијар и утилитарни објекти, типолошки серии на опрема, материјали за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на урбана опрема за уредување и опремување на јавни површини на територијата на градот Охрид, во кој е даден и графички приказ на категориите на урбана опрема дадени во став (1) на овој член.

**II – Уредување на предметниот дел од јадрото**

**Член 4**
**Опрема од Урбан мобилијар**

1) За опрема од урбан мобиљар се сметаат:
• Елементи за седење и наслонување
• Клупи со наслон и клупи без наслон

2) Наведените елементи во став 1 на овој член се поставуваат во согласност со усвоена Годишна програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид.
3) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „А. ОПРЕМА ОД УРБАН МОБИЛИЈАР“
4) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените димензии и спецификации, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 5**

**ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОТПАД**

1) Во елементи за отпад влегуваат:

• Корпи за отпад
• Надземни контејнери
• Контејнери за рециклирачки отпад

2) Наведените елементи во став 1 на овој член, како и друга опрема за отстранување на отпадот се поставуваат на соодветно место дефинирано со усвоена Годишна програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид со претходно позитивно мислење од надлежни органи, додека дизајнот на елементите за отпад треба да биде согласно Елаборатот за стандардизација и визуелан унификација.
3) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „Б. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОТПАД“

4) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените димензии и спецификации, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 6**
**ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ**

1) Во елементи за осветлување влегуваат:

- Слободно стоечки светилки,
- Висечки светилки,
- Конзолни светилки,
- Осветлување на фасади, објекти, амбиенти (илуминација)

2) Наведените елементи во став 1 на овој член, се поставуваат според посебен прилог Фазен проект за осветлување во деталните урбанистички планови и годишна програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, со позитивно мислење од надлежната институција за заштита на културно наследство.
3) Поставувањето на слободностоечки светилки не смее да доведе до пореметување на движењето и сообраќајот како и визуелно девастирање на архитектонските објекти, и истото мора да биде земено во предвид при изработка на Фазниот проект за осветлување од став 2 на овој член.
4) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „В. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ“
5) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 7**

**ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

1) Во елементи за информирање влегуваат:

- Елементи за обележување на споменици на култура и објекти од значење
- Зидни, подни и самостоечки табли
- Зидни самостоечки паноа и медиумски екрани
- Сигнализација на правци, самостоечки тотеми, зидни или конзолни табли

2) Наведените елементи во став 1 на овој член се поставуваат според годишна програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.
3) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „Г. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ“

4) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 8**

**ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОГЛАСУВАЊЕ**

1) Во елементи за огласување влегуваат:

- Фирми, табли, плочи за огласување
- опрема и елементи за рекламирање
- Елементи за огласување на угостителски, услужни, трговски и други дејности.

2) Наведените елементи во став 1 на овој член се поставуваат според Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.
3) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошкинази „Д. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОГЛАСУВАЊЕ“
4) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 9**
**УТИЛИТАРЕН МОБИЛИЈАР**

1) Во елементи на утилитарен мобилијар влегуваат:

- Маси, столици, опрема за разделување на простор- (жардењери, паравани и сл.)
- Тезги за продажба на отворено.

2) Наведените елементи во став 1 на овој член се поставуваат според Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

3) Материјалот за елементите од став 1 на овој член треба да е од природен материјал (камен, дрво, метал, керамика) или со нивна добра имитација, а формата, големината и колоритот да се во унифицирани варијантни серии согласно утврдените димензии, спецификации, дизајн, материјал и бои дадени во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник.

4) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „Ѓ. УТИЛТАРЕН МОБИЛИЈАР“

5) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 10**
**ЕЛЕМЕНТИ ЗА ЗАСЕНЧУВАЊЕ**

1) Во елементи за засенчување влегуваат:

- Тенди – самостоечки и конзоли
- Чадори
- Настрешници

2) Наведените елементи во став 1 на овој член на јавниот простор се поставуваат исклучиво во рамките на дозволената површина за користење, и истите не смеат да навлегуваат во соседен габарит, на друг простор или на простор со друга намена.

3) Начинот на функционирање на тендите (конзолни, фиксирани за зид или слободностоечки) е дефиниран според функцијата на локациите во потегот (ресторани, кафетерии и сл.), како и од видот на објектот кој се засенчува (дуќани, куќи и сл.)

4) Наведените елементи во став 1 на овој член кои се употребуваат на предметниот потег мора да бидат во унифицирани типолошки серии согласно утврдените димензии, спецификации, дизајн, материјал и бои дадени во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, како на јавниот простор даден на користење, така и на приватните и јавни објекти чии фасади се во видно поле на јавниот простор.

5) Материјалот за изработка на елементите од став 1 на овој член треба да биде акрилно платно и истиот мора да биде еднобоен (монохроматски), при што може да се користи бела, беж или бордо боја, и истите е дозволено да содржат реклама или друг вид на испишувања до 5% од површината на платното на тендата односно чадорот.

6) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „Е. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ЗАСЕНЧУВАЊЕ“

7) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 11**
**ЕЛЕМЕНТИ ОД ИНФРАСТРУКТУРА**

1) Во елементи од инфраструктура влегуваат:

- Ормари за струја
- Капаци за шахти на урбаните површини
- Хидранти, чешми, фонтани

2) Наведените елементи во став 1 на овој член се поставуваат според усвоена планска документација за инфраструктурни објекти, а по претходно добиени согласности од надлежни институции и органи.

3) Ормарите за струја од став 1 на овој член се поставуваат на пристапно но неистакнато место. Нивното маскирање може да се изведе со графити по посебна програма или конкурс за идејно решение од областа на улична уметност, објавени од страна на локалната самоуправа, и истите мора да бидат во унифицирани типолошки серии, согласно утврдените дизајни, материјали и бои дадени во Каталогот како примери кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник.

4) Капаците за шахти на урбаните површини од став 1 на овој член мора да бидат во унифицирани типолошки серии согласно утврдените димензии, спецификации, дизајн, материјал и бои дадени во Каталогот како примери кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, како и да бидат поставени во осмислен ред при изведувањето на реконструкциските зафати на вододводната, канализациска и друг вид инфраструктурна мрежа.

5) Хидрантите се поставуваат на пристапно место, до објекти од значајно културно наследство и други јавни објекти. Нивното маскирање може да се изведе со графити по посебна програма или конкурс за идејно решение од областа на улична уметност, објавени од страна на локалната самоуправа, и истите мора да бидат во унифицирани типолошки серии, согласно утврдените димензии, материјал и бои дадени во Каталогот како примери, кој се наоѓа во Прилог 1 на овој правилник.

5.1) Одредбите од став 5 на овој член се однрсуваат на надземни хидранти кои влегуваат во стандардна противпожарна опрема.

6) Чешмите можат да бидат лиено железни или изработени од камен, гранит или мермер слично како и фонтаните од став 1 на овој член кои треба да бидат изработени од камен, гранит или мермер и мора да бидат во унифицирани типолошки серии согласно утврдените димензии, спецификации, дизајн, материјал и бои дадени во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник.

7) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „Ж. ЕЛЕМЕНТИ ОД ИНФРАСТРУКТУРА“

8) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 12**
**ЕЛЕМЕНТИ ЗА ТРЕТМАН НА ВЕГЕТАЦИЈА**

1) Во елементи за третман на вегетација влегуваат:

- Подни решетки за стебла
- Заштитни огради за стебла и жардењери

2) Наведените елементи во став 1 на овој член покрај со Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид се поставуваат според посебна програма за заштита на зелени површини и подлежи под посебно претходно одобрување од надлежен орган за заштита на животната средина.

6) Елементите од став 1 на овој член треба да бидат изработени од природен материјал но отпорен на разни надворешни влијанија и тоа: метал, камен, дрво, керамика), со форма, големина и колоритот согласно утврдените унифицирани типолошки серии дадени во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник.

7) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „З. ЕЛЕМЕНТИ ЗА ТРЕТМАН НА ВЕГЕТАЦИЈА“

8) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 13**
**ЕЛЕМЕНТИ ЗА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОВРШИНИТЕ**

1) Во елементи за разграничување на површините влегуваат:

- Столбчиња
- Рампи и друг вид ограничувања
- Камени и бетонски граничници
- Зидани и друг вид на огради

2) Наведените елементи во став 1 на овој член покрај со Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид се поставуваат според посебна програма за сообраќајно решение на градот Охрид, а по претходно добиени согласности и одобренија од надлежни институции и органи.

3) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив „Ѕ. ЕЛЕМЕНТИ ЗА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОВРШИНИТЕ“

4) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 14**
**ОБРАБОТКА НА ПАРТЕР**

1) Во елементи за обработка на партер влегуваат:

- Поплочување улици, тротоари, плоштади, денивелации
- Потпорни зидови
- Уредување на зелени површини
- Огради, жардениери

2) Наведените елементи во став 1 на овој член се поставуваат според соодветна проектна документација согласно пропис за уредување наа тој вид на дејствие, а по претходно добиено согласност и одобрение од надлежни органи.

3) При поплочувањето на улици, тротоари, плоштади, денивелации треба да се користат камени или мермерни плочи и гранитни коцки, како автентичен материјал во Старото градско јадро.

4) При изведувањето на зафатите од став 3 на овој член се забранува користење на павер (бекатон) елементи, а на местата каде такви елементи се поставени потребна е нивна промена.

5) Како материјал при изведбата на потпорни ѕидови потребно е да се користи делкан камен сивец, со завршница според усвоен проект.

6) При поставувањето на огради и жардениери истите треба да бидат изработени од природен материјал (камен, дрво, керамика), а формата, големината и колоритот да се во унифицирани типолошки серии согласно утврдените димензии, спецификации, дизајн, материјал и бои дадени во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник.

7) Графички приказ на наведените елементи со утврдените димензии и спецификации е даден во Каталогот кој се наоѓа во Прилог 1 на овој Правилник, а под каталошки назив И.„ОБРАБОТКА НА ПАРТЕР“

8) Дозволени се варијации на елементите наведени во став 1 од овој член во рамките на утврдените типолошки серии на опрема, дизајн, материјал и бои, а по претходно добиено одобрение од надлежен орган.

## III. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

1) Правно лице ќе се казни со парична казна од 1000- 1500 евра и одговорно лице со сума од 300 евра како и физичко лице кој извршува друга самостојна дејност со 40 евра ако поставува урбана опрема спротивно одредбите на овој Правилник.

2) Примената на прекршочните одредби од овој Правилник ќе ја врши надлежната инспекциска служба.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила од денот на негово објавување во “Службен гласник на општина Охрид”, а ќе започне да се применува од 01.01.2024 година.

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков ,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ И КАТАЛОГОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА И ВИЗУЕЛНА УНИФИКАЦИЈА НА ЛОКАЦИИТЕ ОПФАТЕНИ СО АНАЛИЗАТА НА ВИЗУЕЛНОТО ОПТЕРЕТУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид, донесени од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/92**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА АБЕЦЕДАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Статутот на приватна установа за деца-детска градинка АБЕЦЕДАР Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/157** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков ,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ДЕТСКА ГРАДИНКА АБЕЦЕДАР ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Статутот на приватната установа за деца-Детска градинка АБЕЦЕДАР,Охрид донесен од органот на управување на приватната установа за деца-детска градинка АБЕЦЕДАР Охрид во Мај 2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-16213/93** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДУП ЗА УЗ 10 ДЕЛ ОД УБ 10.1 - ОПФАТ 1**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на Информација за постапката за ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 - опфат 1, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/158**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02 ), како и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 28.11.2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДУП ЗА УЗ 10 ДЕЛ ОД УБ 10.1 - ОПФАТ 1**

**Член 1**

Се усвојува Информацијата за постапката за донесување ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 - опфат 1.

Составен дел на Информацијата се:

- Известување бр.20-10503/1 од 25.07.2022 год. од НЈУ Вижен ДОО Охрид.
- Известување бр.19-10503/5 од 14.09.2022 год. од Адв.Драган Коровешоски од Охрид.

**Член 2**

Се задолжува локалната самоуправа преку надлежните служби согласно своите надлежности и важечката законска регулатива во предметната материја од областа на урбанистичкото планирање и во согласност со Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), да отпочне активности за изнаоѓање побрз и попрактичен начин за реализација на конкретното планско решение на горенаведениот плански опфат, се со цел побрза урбанизација на овој потег, што воедно претставува заедничи интерес на граѓаните и на стручните служби.

**Член 3**

Овој Заклучок стапува на сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-16213/94**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП А1.5 ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД УЗ 16-РАЧА, ДЕЛ ОД УБ 16.2, ОПФАТ 1, ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување техничка исправка за ГП А1.5 во ДУП за дел од УЗ 16-Рача, дел од УБ 16.2, опфат 1, Охрид, Општина Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022 година.

**Број 09- 16213/159** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2022 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2022, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП А1.5 ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД УЗ 16-РАЧА, ДЕЛ ОД УБ 16.2, ОПФАТ 1, ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува техничка исправка за ГП А1.5 во ДУП за дел од УЗ 16-Рача, дел од УБ 16.2, опфат 1, Охрид, Општина Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 46190.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Барање за техничка исправка бр. 0307/29-03 од 29.09.2022 год.;
- Предлог за Техничка исправка со тех. бр. 27/22 од септември 2022 год.;
- Позитивно мислење од Комисијата за урбанизам бр. 19-15639/2 од 11.11.2022 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава позитивно мислење за усвојување на техничката исправка за за ГП А1.5 во ДУП за дел од УЗ 16-Рача, дел од УБ 16.2, опфат 1, Охрид, Општина Охрид, и истата ја доставува на донесување до Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид„.

**Број 08-16213/95**
**28.11.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на соинвеститорите Ѓорѓи Достиноски ул.Лазо Трпоски бр.3 Охрид и Стефан Чекреџиоски бул.Туристичка бр.98-1/8 Охрид „му се одобрува изградба на Колективен Стамбен Објект, со намена А2 со катност По+Пр+3к+Пк на Кп.бр.5592/2 КО Охрид 4 за Г.П 8.3.25 согласно извод бр.20-4479/2 од 07.05.2021 год. за ДУП за УЗ 8 УБ 8.3 донесен со Одлука бр.08-2409/3 од 15.03.2021 год.

Се повикуваат Салватрице Рита Мессина ул.Куартиер Леополд ЛА Хестре бр.8 Белгија, Гиусеппе Мессина ул.Хаине Саинт Паул Белгија, Јонче Поповски Шведска, Љиљана Стојановска ул.29 Ноември бр.31 Скопје, Д.Г Каса градба доо увоз извоз Скопје ул.И.Л.Рибар бр.44 Скопје, Јадранка Блажевска Гилев ул.Коста Абраш бр.1/4 Скопје, ДГ Каса Градба дооел Скопје ул.Ѓуделхиска 4 локал 2 Скопје, Бобан Митрески ул.Зија Мерсовски 5/7 Дебар, Роберт Тасевски ул.Асном бр.75/1/4 Охрид, Мирјана Манојлоска ул.Иво Лола Рибар бр.287/2 Тетово, Поповски Драган Крагуевац Србија, Горан Петрески ул.Видое Смилевски Бато бр.79/2 Скопје преку информации добиени од АКН Охрид и се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**По Овластување на Градоначалник**
**Советник**
**Богдан Настески Герман ,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот, Славка Аврамоска ул.Железничка бр.52 Охрид, му се одобрува надградба на Пк и реконструкција на објект (А1-1) со катност Пр на КП бр.8885 КО Охрид 2.

Вељан Аврамоски ул.Егејска бр.7 Охрид сопственик на Кп.бр.8887/1 КО Охрид 2, преку информации добиени од АКН Охрид се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**По Овластување на Градоначалник**
**Советник**
**Богдан Настески Герман ,с.р.**